**УНИВЕРЗИТЕТ СВ.КИРИЛ И МЕТОДИЈ-СКОПЈЕ**

**ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ**

**ИНСТИТУТ ЗА БЕЗБЕДНОСТ ОДБРАНА И МИР**


Магистерска труд

На тема :

# Финансирањето на глобалните терористички организации – значаен фактор за нивната ефикасност и функционирање


Ментор : Проф.д-р Митко Котовчевски

Изработил : Драгана Јованоска


Скопје , 2015

# СОДРЖИНА

ВОВЕД ..... 4

1. ТЕОРИСКА РАМКА НА ИСТРАЖУВАЊЕТО ..... 6

1.1 ФОРМУЛИРАЊЕ НА ПРОБЛЕМОТ НА ИСТРАЖУВАЊЕ ..... 6

1.2. ЦЕЛИ И ЗАДАЧИ НА ИСТРАЖУВАЊЕ ..... 7

1.3. ПРЕДМЕТ НА ИСТРАЖУВАЊЕ ..... 8

1.4. ОСНОВНА ХИПОТЕТИЧКА РАМКА ..... 9

2. ТЕРОРИЗАМ ..... 11

2.1. Дефинирање на тероризмот ..... 11

2.2. Меѓународен тероризам ..... 17

3. ФИНАНСИРАЊЕ НА ТЕРОРИЗМОТ ..... 23

3.1. Финансирање на тероризмот : движечка цел ..... 23

3.2. Фази на финансирање на тероризмот ..... 37

3.3. Терористички потреби ..... 39

3.3.1.Пари. ..... 41

3.3.2 Материјалнии добра. ..... 41

3.3.3.Нематеријални добра ..... 45

4. ИЗВОРИ НА ФИНАНСИРАЊЕ НА ТЕРОРИСТИЧКИТЕ ГРУПИ ..... 52

4.1. Варијации во терористичкото финансирање ..... 53

4.1.1. Државно спонзорство ..... 57

4.1.2. Криминал ..... 58

4.1.3 Донации и добротворни организации ..... 67

4.1.4. Инвестирање во легитимни бизниси и финансиски инструменти ..... 70

4.1.5. Улогата на перењето пари и "инверзно перење пари" во финансирање на тероризмот 78

5. ГЛОБАЛНИТЕ РАМКИ НА ТЕРОРИЗМОТ ..... 83

5.1. Палестинска Либерална Организација (ПЛО) ..... 86

5.2. Привремена Ирска Републиканска Армија (ПИРА) ..... 88

5.3. ХАМАС ..... 94

5.4. Ал Каеда ..... 97

5.5. Исламска Држава ..... 100

6. МЕЃУНАРОДНИ НАПОРИ ЗА СПРАВУВАЊЕ СО ФИНАНСИРАЊЕТО НА ТЕРОРИЗМОТ ..... 103

6.1 Општа цел на борбата против финансирање на тероризмот ..... 104

6.2. Меѓународно – правна рамка ..... 106

6.3. Спречување на терористите да собираат, вршат трансфер и ги користат средствата (препораки за спречување на перење пари) ........ 108
6.3.1.Целни финансиски санкции ........ 108
6.3.2. Заштита на чуствителните сектори ........ 109
6.3.3. Поднесување извештаи за сомнителни трансакции ........ 110
6.3.4.Финансиски информации ........ 113
6.4. Специјални препораки на ФАТФ за финансирање на тероризам ........ 115
ЗАКЛУЧОК ........ 119
КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА ........ 122

# ВОВЕД

Заканите во 21 век постојано се менуваат и по начинот на кој се манифестираат и по интензитетот со кој се јавуваат. Во врвот на топ три закани постојано се наоѓа и тероризмот, едно од најголемите зла во современиот свет. Од 2001 година па наваму, светот а и Македонија неколку пати се соочија со новото модифицирано лице на тероризмот. Тероризмот како закана број еден за многу држави меѓу кои и Република Македонија, претставува доволен мотив да се размислува за начините на кои може да му се спротивставиме на ова зло. Како еден од столбовите на целокупната борба против тероризмот е борбата против финансирањето на терористичките организации.

Во последните дваесетина години една од основните стратегии за борба против сериозните облици на криминал (особено оние мотивирани од економска добивка) е борба насочена кон приходите стекнати преку криминал. Во исто време, многу повеќе внимание се обрнува на финансиските ефекти на кривичните дела. Нападите на САД на 11 септември 2001 година дадоа мандат за бескомпромисен одговор на тероризмот. Дел од тој одговор наречен "војна против тероризмот" вклучува и поголем фокус на државните органи и агенции врз финансиските аспекти на тероризмот или финансирањето на терористичките организации. Таквиот чекор е разбирлив ако го имаме во предвид искуството на многу земји во обидите за следење и наоѓање на средствата стекнати преку кривични дела, кое сега би можеле да го искористат во борбата против се поголемата закана од меѓународен тероризам. Кога веќе "борбата против дрогата" барем во еден сегмент се води преку финансискиот систем, зошто тоа не би било случај и со "борбата против тероризмот".[1] Спречувањето на финансирање на тероризмот не е нов концепт. Во шеесетите години на дваесетиот век, разузнавачките и безбедносните структури на многу држави го користеле овој начин на борба против субверзивните организации. Велика Британија во борбата против терористичките организации во Северна Ирска постигнала

[1] "War on drugs" или "War on terrorism" се општоприфатени термини кои упатуваат на сеопфатна кампања против одредени облици на криминал, и кои вклучуваат мерки како на законодавен така и на институционален и оперативен план.

значајни резултати усвојувајќи ја оваа стратегија, а Италија и Германија прифатиле сличен начин на пристап во однос на своите проблеми.[2]

Врз основа на тоа, во овој магистерски труд ќе бидат елаборирани неколку аспекти на финансирањето на тероризмот, како и меѓународните напори за негово спречување и сузбивање. На почетокот накратко ќе бидат објаснети поимите тероризам и меѓународен тероризам. Во продолжение ќе стане збор за финансирањето на тероризмот, како што се фазите на финансирање и терористичките потреби. Изворите на финансирање се можеби и најбитниот сегмент во овој магистерски труд, бидејќи тука се објаснети легалните и нелегалните начини на кои терористичките организации стигнуваат до финансиски средства. Како круна на откривањето на низата аспекти на финансирање на теророизмот ќе бидат наведени и дел од глобалните терористички организации кои оставиле своевиден белег во однос на нивниот начин на финансирање, вклучувајќи ги тука ПЛО, ПИРА, ХАМАС, Ал Каеда и ИСИС. На крајот од овој труд, е даден краток осврт на меѓународните напори за справување со финансирањето на тероризмот, се со цел да се зададе удар на еден од најважните сегменти на глобалните теороистички организации кој претставува значаен фактор за нивната ефикасност и функционирање.

[2] Professor Barry A. K. Rider, The financial war on terrorism, Proceedings of the Swiss EAPC/PfP Workshop "Combating the Financing of terrorism", 27 to 28 November 2003, Geneva, Switzerland.

# 1. ТЕОРИСКА РАМКА НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

## 1.1 ФОРМУЛИРАЊЕ НА ПРОБЛЕМОТ НА ИСТРАЖУВАЊЕ

Тероризмот како поим , во денешно време привлекува се поголемо внимание и бележи многу честа употреба. Тероризмот често пати се нарекува и новото светско зло, имајќи ја во предвид неговата улога во современиот свет да претставува инструмент на некои држави за оставрување на своите интереси и цели.

Тероризмот во многу држави се смета како една од најголемите закани за безбедноста , и се рангира во групата на топ три закани за безбедноста во светот, покрај организираниот криминал и ширењето на оружје за масовно уништување. Од тие причини , тероризмот во сите негови облици е предмет на истражување на голем број експерти и научници со цел да се даде придонес во успешната борба против ова современо зло. Тероризмот претставува незаконска употреба на сила и насилство против лица и објекти со цел да се заплашат, или да се принуди вкадата, населението или било кој сегмент на општеството, во оствaувањето на своите крајни политички и општествени цели.

Глобалниот тероризам претставува незаконско користење на сила и насилство од страна на поединци или групи кои имаат директни врски со странски сили или пак, чии активности ги преминуваат националните граници, насочени против лица или објекти со цел да ги заплаши или да ја принуди владата, населението или било кој сегмент од општеството во остварувањето на своите политички или општествени цели.

Глобалните терористички групи не ги ограничуваат своите акции само на територијата на една држава, односно, нападите се вршат насекаде низ светот и ги вклучуваат граѓаните или територијата на повеќе од една земја.

Денеска, најголем број од терористичките организации се спонзорирани од една или неколку држави. Она што загрижува е фактот дека глобалните терористички организации добиваат целосна поддршка од владите на државите – спонзори , односно нивните активности се спонзорирани или финансирани од една или повеќе влади. Меѓу глобалните терористички организации кои добиваат ваква помош се вбројуваат и Ал Каеда и Хамас, како и многу други.

Врз основа тоа како главен проблем на ова истражување ќе биде проучување на формите и начините на финансирање на глобалните терористички организации .

Владите на многу држави прават обиди преку донесување на соодветна законска регулатива, преку формирање на посебни тела и остварување на разни форми на меѓународна соработка и преземање на соодветни акции да го сузбијат и оневозможат финансирањето на глобалните терористички организации .

Она што ги отежнува обидите на владите и меѓународните организации успешно да се справат со овој предизвик е фактот дека глобалните терористички организации имаат развиено и обезбедено разни форми и извори на финансирање на своите активности. Доколку органите на власта кои го третираат ова прашање се насочат само кон нелегалните активности на организираниот криминал како извор на финансии за терористичките групи, тогаш постои опасност другите облици или другите патишта за финансирање да останат неистражени а врз основа на тоа и да им се обезбеди слободен проток на финансиите и средставата чија крајна цел се терористичките организации.

Ако во минатото терористичките организации се самофинансираа или пак своите активности ги финансираа најчесто преку нелегални активности , денеска постојат многу начини преку кои овие организации доаѓаат до финансиски средства. Покрај нелегалните постојат и голем број легални патишта за финансирање на глобалните терористички организации . За таа цел ги користат услугите на легалните финансиски институции, како што се банките, штедилниците, кредитни организации, лизинг компании, организации специјализирани за електронски трансфери на пари, осигурителни компании, брокерски компании, инвестициони фондови, аукциски куќи и уште многу други. Во последниот период се поприсутен е начинот на финансирање на тероризмот со посредство на разни невладини организации. Според податоците од службите за безбедност , Ал Каеда успеала со тек на време да создаде цела софистицирана мрежа во некои земји на Балканскиот полуостров. Во финансиската подлога на тероризмот се вклучуваат и одредени богати поединци или влади на некои држави кои на тој начин ги остваруваат своите интереси најчесто во земјата жртва на терористичките напади.

Откривањето и спречувањето на финасиските извори на терористичките организации е битен фактор и една од најважните алки во активностите насочени кон справување со заканите кои произлегуваат од тероризмот и делувањето на глобалните терористички групи.

Она на што треба да одговори ова истражување ќе бидат прашањата :

Кои се формите , начините и фазите на финансирање на глобалните терористички групи ?

Колку државните управи за спречување на финансирање на тероризот, меѓународните програми кои го третираат ова прашање и меѓународните соработки се успешни во своите активности?

## 1.2. ЦЕЛИ И ЗАДАЧИ НА ИСТРАЖУВАЊЕ

**Општа научна цел**

Општата цел на ова истражување се теоретски и емпириски сознанија за финансирањето на глобалните терористички организации како современ безбедносен проблем .

**Задачи на истражувањето**

Со оглед на општата цел, основни задачи на истражувањето се следниве :

- Да се утврди кои се легалните извори на финансирање на глобалните терористички организации;
- Да се утврди кои се нелегалните извори на финансирање на глобалните терористички организации;
- Да се утврди влијанието на невладините организации во финансирањето на глобалните терористичкигрупи;
- Да се утврди влијанието на државите кои го спонзорираат глобалниот тероризам;
- Да се утврдат фазите на финансирање на тероризмот;
- Да се утврди процесот на перење пари како дел од процесот на финансирање на терористичките организации;
- Да се утврди влијанието на меѓународните програми за спречување на финансирањето на терористичките организации;
- Да се утврди влијанието државните органи задолжени за контрола и спречување на финансирање на тероризмот;

**Практична цел**

Практичната цел на ова истражување е да се дојде до сознанија за начините и облиците за финансирање на активностите на терористичките организации, за фазите според кои се одвива процесот на финансирање на овие организации, начините на кои средствата стигнуваат до крајната цел- терористичките организации.

Целта на ова истражување е да се дојде до нови сознанија кои ќе дадат придонес во успешната борба насочена кон спречување на финансирањето на глобалните терористички организации. Од тој апект заклучоците до кои ќе се дојде со ова истражување ќе можат да се искористат во креирањето на нова поуспешна стратегија за справување со феноменот на финансирање на глобалните терористички организации.

## 1.3. ПРЕДМЕТ НА ИСТРАЖУВАЊЕ

**Основен предмет на истражување** е финансирањето на глобалните терористички организации (начините, формите и фазите преку кои се одвива).

Дефинирањето на предметот на истражување ќе се изведе постапно, од причина што предметот содржи низа поими кои ќе придонесат за целосно образложување на проблемот.

**Финансирање на глобалните терористички групи** се дефинира како обезбедување или собирање на средства, односно обид за обезбедување или собирање на средства, законски или незаконски, на било кој начин , директно или индиректно, со намера да се употреби

или со знаење дека ќе биде употребена, во целост или делумно, за извршување на терористички казнено дело, од страна на терористи или терористички организации.

**Глобалниот тероризам** се карактеризира со територијално ширење, опфаќајќи го целиот светски регион, како и зголемување и засилување на интензитетот на терористичките акти.

**Глобални терористички групи** се карактеризираат со меѓународен-глобален карактер кој произлегува од припадноста на нивните членови, нивното движење и засолнување, објектите на нивниот напад, набавката на оружје, сличноста на методите и техниките со кои се служат терористичките организации.

**Тероризам** се дефинира како противзаконска употреба на закани и насилство против лица и имот првенствено за реализирање на понатамошни (идни) политички и социјални цели. Обично се настојува да се заплаши владата, поединци или групи, или да се измени нивното однесување во политиката.

**Перење пари** претставува криминална активност преку која се настојува да се прикрие вистинското потекло на средствата и да им се даде легитимитет. Тоа се прави преку прикривање на изворите , формата и видот на средствата или нивни трансфер во средини каде што не можат да привлечат внимание.

## 1.4. ОСНОВНА ХИПОТЕТИЧКА РАМКА

Врз основа на проблемот на истражување и поставените цели ќе ја поставам следнава **општа хипотеза :**

Успешноста , ефикасноста и опстојувањето на глобалните терористички организации во голема мера зависи од нивно трајно и стабилно финансирање.

Покрај општата хипотеза ги поставуваме и следниве **посебни хипотези** :

1. Нелегалните извори на финансирање на глобалните терористички организации имаат приоритетно значење и претставуваат значајна основа за нивното егзистирање и функционирање.

2. Легалните извори на финансирање во значајна мера влијаат врз вкупното финансирање на глобалните терористички организации.

3. Финансирањето на глобалните терористички организации во значајна мера се спроведува и преку активното вклучување на определени невладини организации кои се во функција на трансферирање на финансиските средства.

4. Државите спонзори на тероризмот претставуваат сигурен извор и значајна алка во финансирањето на глобалните терористички организации.

5. Крајните ефекти на финансирањето на глобалните терористички организации во голема мера зависат од целосно и успешно спроведување на сите неопходни фази во сферата на финансирањето на глобалните терористички организации.

6. Процесот на перење пари е во директна и индиректна функција на успешното и целосно финансирање на глобалните терористички организации.

7. Развојот на специјализирани институции и органи во рамките на современите држави во голема мера ќе влијае врз ефикасното попречување на финансирањето на глобалните терористички организации.

8. Креирањето и примената на специјализирани меѓународни програми во голема мера ќе влијае врз ефикасното попречување на финансирањето на глобалните терористички организации.

**Независна варијабла :** Финансирање на глобалните терористички организации- се дефинира како обезбедување или собирање на средства, односно обид за обезбедување или собирање на средства, законски или незаконски, на било кој начин , директно или индиректно, со намера да се употреби или со знаење дека ќе биде употребена, во целост или делумно, за извршување на терористички казнено дело, од страна на терористи или терористички организации.

**Зависна варијабла :** Глобални терористички организации - се карактеризираат со меѓународен-глобален карактер кој произлегува од припадноста на нивните членови, нивното движење и засолнување, објектите на нивниот напад, набавката на оружје, сличноста на методите и техниките со кои се служат терористичките организации.

## 2. ТЕРОРИЗАМ

Тероризмот како појава се забележува уште многу одамна. Неговите почетоци може да ги забележиме уште во периодот пред Христовото раѓање, со извршување на атентатот врз некој тирански владетел .[3] Тероризмот може да го следиме паралелно со војната т.е. од најстари времиња паралелно со развојот на човековата цивилизација.

Периодот од 1950 до 1970 го одбележа појавата на современиот тероризам, кој во тој период станува доминантна стратегија за постигнување на определени цели. Во тој период активностите на тероризмот се користат за подигање на политичката и социјалната свест. Исто така, тероризмот бил искористен и во политички контекст, во насока на постигнување политички цели  а воедно и како ефтино средство на надворешната политика.

Во периодот кој следи (втората половина на 20 век) тероризмот започнува да делува надвор од државните граници, за денеска да прерасне во инструмент на радикалните исламистички групи .

### 2.1. Дефинирање на тероризмот

Да се дефинира тероризмот не е едноставен процес, и поради тоа не постои една единствена и прецизна дефиниција. Имено, и самиот поим тероризам може да се стави во различен контекст од што понатаму ќе зависи и дефинирањето на теороризмот. Од таа причина ќе наведеме неколку факти кои би требало да се земат во обзир кога станува збор за тероризмот:

- **Историја** – Значењето на тероризмот се менувало со текот на времето. Речиси и да не е возможно да зборуваме за тероризмот , а претходно да не го разработиме историскиот контекст на терористичката борба. Историјата на тероризмот е многу важна и од тој аспект е добро да се запознаеме со настаните од светската историја. Модерниот тероризам потекнува од Француската револуција (1789-1795). Како термин е употребен да ги опише акциите на француската влада. До 1848 година

[3] Митко котовчевски : "Современ тероризам" ,Македонска цивилизација, Скопје, 2003 ,стр.19.

значењето на овој термин се променило, па се употребува за да се опишат насилните револуционери кои се побуниле против владата. До крајот на деветнаесетиот и почетокот на дваесетиот век тероризмот се користел при опишувањето на насилните активности на некои групи, во кои спаѓале : работнички организации, анархисти, национални групи кои се бореле против странски сили и ултранационалистички политички организации. По Втората светска војна (1939-1945) значењето повторно се менува. Во тој период народите почнале да се креваат против доминацијата на Европа во светот и тие националистички групи биле сметани за терористички групи. Периодот од 1964 година па се до раните осумдесети, терминот теороризам покрај националистичките групи ги опфаќал и левичарските групи кои се служеле со насилни методи. Средината на осумдесетите значењето повторни се менува. Во САД некои насилнички активности на омразените движења се нарекувале терористички. На меѓународен план, тероризмот се гледал како националистичко војување внатре во државата. Во новиот милениум дефинициите на тероризмот се менуваат. Денес тероризмот се однесува на големи групи кои се независни од државата, верски фанатици кои користат насилство и насилнички групи кои ги тероризираат другите борејќи се за некоја одредена цел. Важно е да се напомене дека на дефинициите за тероризмот влијае историскиот контекст на тероризмот.

- **Конфликт** – значењето на тероризмот варира зависно од различните видови војни. За време на конвенционалната војна , армиите користеле командна тактика која многу наликувала на тероризам. За време на Граѓанската војна во Америка, Федералната армија му дала посебна задача на мајорот Џон Андерсон да ја уништи пругата на Конфедерациите. Армијата на конфедерациите го заробила Андерсон и го осудила за шпионажа, но за оние на Северот тој бил и останал херој. Андерсон носел униформа и не се борел според важечките правила на војната. Армиите за време на војната често користат таква тактика и никогаш не ја дефинираат како тероризам. Во герилската војна герилците користат терористичка тактика во борбата против непријателот, а некогаш ги тероризираат и нивните приврзаници со цел да ги покорат. Во тоталната војна воздухопловните сили понекогаш бомбардираат и уништуваат цели градови. На тој начин Германското

воздухопловство (Luftwaffe) го разруши Сталинград во 1942 година, а Британско-американските воздухопловни сили го уништија Дрезден во 1945 година. Ниту една страна во таа војна не сметала дека извршува терористичка акција. Од претходно наведеното треба да се заклучи дека дефиницијата за теоризмот се менува според видот на конфликтот. А исто така терминот *тероризам* ќе се користи и за опишување на насилните активности во период на мир.

- **Политичка моќ** – дефиницијата за тероризмот зависи и од политичката моќ. Владите можат да ја зголемат својата политичка моќ ако своите противници ги етикетираат како терористи. Граѓаните понекогаш се спремни да ја прифатат злоупотребата на сила од страна на владата во случај кога таа се спроведува во рамките на кампањата против тероризмот. Терористите не ги уживаат истите хуманитарни привилегии како и народот. Незаконски апсења, па дури и мачења и убиства, за јавноста стануваат прифатливи методи на борба против тероризмот.
- **Репресија** – Поимот репресија е многу близок со терминот моќ. Некои влади рутински го користат тероризмот за да ги држат своите граѓани под притисок и да владеат со нив. Таков вид на репресија најчесто се применува во земјите со политичка структура, во која лидерите ја одржуваат својата власт со помош на тајната полиција. Јосиф Сталин (1879-1953) владеел со Советскиот Сојуз од 1924 до 1952 година користејќи терор, а Садам Хусеин владеел со Ирак на сличен начин. Латинска Америка имала неколку владетели кои со помош на репресија се одржале на власт, а често пати во тоа им помагале САД. Репресијата може да се појави и надвор од официјалните политички структури. Таков вид на репресија се нарекува *екстрајуридистичка* репресија и се изразува преку делувањето на репресивни групи, кои тероризираат други луѓе присилувајќи ги да се однесуваат на одреден начин. Политичката репресија е облик на тероризам, но луѓето овој вид на репресија многу ретко го нарекуваат тероризам.
- **Медиуми** – При опишувањето на политичкото насилство, новинарите и телевизиските репортери често го употребуваат терминот тероризам. Меѓутоа, не постои точна одредница според која може да се примени дефиницијата. Во многу случаи новинарите го користат овој термин за да го привлечат вниманието на читателите или гледачите на својот прилог.

- **Злосторство** – Се смета дека криминалците и терористите припаѓаат на различни типови насилничко однесување, но сепак сеуште постои дилема во однос на тоа тврдење. Имено, пред неколку години Претседателската комисија за кривично право утврдила дека е потребно да се испита мотивот за кривичното дело за да се одреди дали некоја акција е терористичка. [4] Според тоа секое злосторство извршено од политички мотиви се смета за тероризам. Овој пристап кон нештата е проблематичен поради тоа што злосторството е злосторство без разлика каков е неговиот мотив. Секој вид тероризам, освен за време на конфликт или за време на репресија на некоја влада, содржи и криминална активност.
- **Религија** – Религијата во последно време игра значајна улога во теористичкиот процес. Битно е да се напомене дека екстремните религиозни верувања даваат свој контекст при дефинирање на тероризмот. Верското насилство се врзува за три идеи. Според првата, некои верски групи сметаат дека тие треба да го прочистат светот за доаѓањето на новата епоха. Ова движење може да се нарече *наисилна есхатологија.* Друга група на луѓе смета дека тие се избрани и имаат право да уништуваат други луѓе во името на правичноста. Овој став може да доведе до насилна нетолеранција и верска војна. Во третата група спаѓаат луѓе кои се толку обземени со борбата за некоја цел, што создаваат сурогат религија и превземаат насилни акции во името на своите верувања. Еколошките терористи претставуваат пример за овој тип псевдорелигиозен тероризам.
- **Специфични форми** – Понекогаш терминот тероризам се дефинира во рамките на специфичен контекст. Тоа се однесува на проблемот со оружјето за масовно уништување или како што се нарекува *технолошки тероризам*. Друга специфична форма на тероризмот е изразена преку компјутерските напади, вируси или уништување на информациската инфраструктура. Тоа е таканаречениот *сајбертероризам*. Исто така, нарко групите често користат терористичка тактика, а некои терористички организации продаваат дрога за да ги финансираат своите

[4] Национален советодавен одбор за Стандардите и целите на Кривичното право,1976 година.

политички акции. Некои аналитичари го користат терминот *наркотероризам* кога зборуваат за овој вид насилство.[5]

Во кривичното право, како и во воената и безбедносната област, најраспространетата дефиниција за теороризмот е едноставва, а поставена е од страна на познатите експерти од службата за безбедност за борба против теороризмот, Брајан Џенкинс и врвниот експерт од Универзитетот од Џорџтаун, Волтер Лекер. Двајцата експерти го дефинирале тероризмот и дошле до многу слични заклучоци. Џенкинс нуди дефиниција која често ја користел во консултации со силите за безбедност. За Џенкинс , **тероризмот е употреба или закана за употреба на сила, насочена кон остварување на политички промени**. Во дефиницијата која е многу слична на таа на Џенкинс, Лекер смета дека **тероризмот е незаконско користење на сила против невини луѓе со намера да се постигне политичка цел.**

И Џенкинс и Лекер отворено признаваат дека нивниот едноставен пристап кон оваа материја има многу проблеми. Ниту една дефиниција не го ограничува проблемот, ниту постои разумен начин едноставна дефиниција да се примени на специфичните акти на тероризмот. Исто така едноставните дефиниции не можат да ги задоволат академските кругови, креаторите на политиката, ниту научниците од општествената сфера.

Кога се дефинира тероризмот од аспект на акт на *комуницирање со јавноста* , односно во системот на социјално комуницирање со другите учесници во комуникациската мрежа, треба се споменат и ставовите на В.Х. Смит, според кој : **тероризмот претставува насилство кое содржи закана од понатамошно користење на насилство, така што првобитното насилство поприма симболично значење.**[6]

Според него жртвата на терористичкиот чин е однапред испланиран припадник на некоја група, а арбитрарноста на одредувањето на целите на нападот во рамките на групата има за цел да создаде кај конкретната група атмосфера на страв.

---

[5] http://www.scribd.com/doc/11017122/KRIMINOLOGIJA-TERORIZMA#scribd Посетено на 21/02/2015 година.

[6] W.h. Smith : "International Terrorism: A Politival Analysis", Yearbook of World Affairs, Vol.1977, p.138-139.

Алекс Шмит во своето истражување изработил листа за зачестеноста на дефинициските елементи за да открие дали листата ќе ги содржи сите елементи кои се неопходни за да се формулира сеопфатна и издржана дефиниција.

Во истражувањето на Шмит се јавуваат 22 групи на зборови, кои сепак не се доволни за креирање на сеопфатна дефиниција.

| Ред .бр. | Елемент | Зачестеност (%) |
|---|---|---|
| 1. | Насилство,сила | 83,5 |
| 2. | Политички | 65 |
| 3. | Страв,зголемен терор | 51 |
| 4. | Закана | 47,5 |
| 5. | Ефекти и очекувани реакции(психолошки) | 41,5 |
| 6. | Диференцијација : жртва- цел | 37,5 |
| 7. | Намерно планирана, систематска организирана акција | 32 |
| 8. | Метод на борба, стратегија, тактика | 30,5 |
| 9. | Аномалии во кршењето на прифатените правила без хуманитарни ограничувања | 30 |
| 10. | Присила, изнудување на прифаќање | 28 |
| 11. | Публицитет | 21,5 |
| 12. | Самоволие : безличен, карактер, неразликување | 21 |
| 13. | Цивили, неутралци, аутсајдери како жртви | 17,5 |
| 14. | Застрашување | 17 |
| 15. | Нагласена невиност на жртвите | 15,5 |

| | | |
|---|---|---|
| 16. | Група, движење, организација како извршител | 14 |
| 17. | Симболичен аспект, демонстрација на другите | 13,5 |
| 18. | Непресметаност, непредвидливост, наочекуваност на случувањето на насилство | 9 |
| 19. | Тајна , прикриена природа | 9 |
| 20. | Повторливост, сериски или кампањски карактер на насилство | 7 |
| 21. | Криминал | 6 |
| 22. | Барања поставени (упатени) на трети страни) | 4 |

*Зачестеност на дефинициските елементи во 109 дефиниции на тероризмот*[7]

Од ова истражување на Шмит, но и од други многубројни анализи на дефиницијата на тероризмот, може да заклучиме дека речиси е невозможно да се дојде до една единствена конечна дефиниција за поимот тероризам. Причините се многубројни , а меѓу најзначајните е фактот дека значењето на овој термин постојано се менувал низ годините и вековите. Друга честа причина е и субјективното гледање на некој настан поврзан со тероризмот. Но она што е најбитно во однос на дефинициите за теоризмот е можноста преку овие дефиниции тероризмот да се одвои од другите типови на насилство односно можноста да се направи разлика меѓу тероризмот и другите типови насилство.

### 2.2. Меѓународен тероризам

Меѓународниот тероризам претставува незаконско користење на сила и насилство од страна на поединци или групи кои имаат директни врски со странските сили или пак, чии активности ги преминуваат националните граници, насочени против лица или објекти со цел да ги заплаши или да ја принуди владата, населението или кој било сегмент од општеството во остварувањето на своите политички или општествени цели.

[7] Alex Shmith, Albert Dzongman: "Terrorism: A new Goide to Actors, Authors, Concepts, Data Bases, Theories and Literature", New Brunsiuk, Transaction Books, 1988, p.5-6.

Од оваа дефиниција може да заклучиме дека меѓународниот тероризам може да го дефинираме и како тероризам во кој се вклучени граѓаните или територијата на повеќе од една земја.

Акциите на меѓународните терористички групи не се ограничени на територијата на една држава, односно нападите ги извршуваат насекаде низ светот.

Дефинициите врз чија основа се определуваат инцидентите, исто така се разликуваат на начин на кој еден инцидент го определуваме за домашен (национален) тероризам или како меѓународен тероризам.

Класификасијата на двата видови инциденти како меѓународен или домашен тероризам зависи од тоа дали терористичката група го извршува терористичкиот акт во рамките на територијата на државата во која делува или тоа го прави надвор од нејзините граници.

Разликата меѓу меѓународниот и домашниот тероризам може да ја претставиме преку следниов пример : "Бомбата поставена од ИРА во Лондон претставува домашен тероризам , додека бомбата ,исто така поставена од ИРА во Германија, претставува акт на меѓународен тероризам."

Меѓународниот тероризам своите зачетоци ги бележи во далечната 1930 со првото грабнување на авион, за денеска да прерасне во една од најголемите глобални закани.

Активностите на современиот тероризам не се насочени само кон едно изолирано општество, односно против интересите на една држава. Последиците од делувањето на меѓународните терористички групи се чуствуваат на територијата на целокупната меѓународна заедница, и од таа причина неопходно е да се познаваат сите видови на поврзаност помеѓу терористичките акти и целокупните односи и состојби во меѓународната политика.

Во голем број на меѓународни конвенции се инкриминира терористичкото однесување, и земјите се обрзани во своите национални правни рамки да се борат против сите видови на тероризам. Оттука, може да заклучиме дека меѓународниот тероризам претставува збир

на активности забранети со меѓуанродното право , насочени против поединците, групите, државите и нејзините институции и добра.

Со меѓународниот тероризам , исто така се кршат и сите конвенции за заштита на човековите права и слободи во национални и меѓународни рамки, со што во голема мера се загрозува и хуманата – индивидуалната безбедност на луѓето кога се повеќе стануваат жртви на ова современо зло.

Во извршувањето на терористичките активности важна улога имаат и државите, кои условно може да ги поделиме во три групи :

1. Држави кои не го поддржуваат тероризмот, меѓутоа тој се спроведува на нивна територија;
2. Држави кои не го спроведуваат тероризмот , меѓутоа го поддржуваат ;
3. Држави кои го поддржуваат тероризмот, или од кои доаѓаат програмите и силите кои го спроведуваат.

Последните две групи групи на држави можеме да ги окарактеризираме како држави кои го спонзорираат тероризмот (state – sponsored terrorism). Според извештајот на Стејт Департментот на САД "како држави кои спонзорираат тероризам во 1998 година означени се Куба, Иран, Ирак, Либија, Северна Кореја, Судан и Сирија.[8]"

Современиот тероризам е поделен во неколку етапи според динамиката на неговиот развој и тоа :

1. Етапа на експанзија (1960 – 1981), посебно неговиот најголем бум во седумдесеттите години;
2. Етапа на повлекување во илегала (1982 – 1984), кога "демократијата го возврака ударот";
3. Етапа на оживување, меѓусебно поврзување, спонзорирање и интернационализација на неговото делување (1985 – 1990); и
4. Најнова етапа – етапа на глобализација на тероризмот (од 1990).

[8] "Patterns of Global Terrorism, 1988", Department of State Publication, April 1999.

Најновата етапа во развојот на тероризмот претставува глобална закана и еден вид отскочна даска за создавање на новата "империја на насилство". Оваа констатација станува дотолку поreалнa доколку тероризмот се повеќе ќе се приближува кон неговиот најопасен вид – супертероризмот . Прагот на тероризмот – тероризам со употреба на хемиско и биолошко оружје од помали размери е веќе достигнат, останува во наредниот период да се освои и последниот вид на тероризам – супертероризмот.[9]

За големината и јачината на терористичките организации, односно за моќта која ја поседуваат, ни сведочат извршените 73 785 терористички инциденти во периодот од 1970 – 1977 година :[10]

| | |
|---|---|
| ПОДМЕТНУВАЊЕ БОМБИ | 692 |
| ВОЕНИ (ВООРУЖЕНИ) НАПАДИ | 580 |
| УБИСТВА | 258 |
| КИДНАПИРАЊА | 171 |
| ДРУГО | 114 |

*Извршени терористички напади во периодот 1970-1977 година*[11]

За да добиеме што појасна слика за меѓународните терористички напади ќе искористиме уште една табела која го презентира периодот од 1991 до 1996 година. Во оваа табела се прави пресек на бројот на терористички активности според определени региони и според бројот на жртви .

[9] Митко Котовчевски ,Национална безбедност на Република Македонија, (втор дел), Македонска цивилизација, Скопје, 2000 година.
[10] Dan Smith ,The State of War and Peace Atlas, (new edition), The International Peace Research Institute, Oslo, 1997, p.22.
[11] [11] Dan Smith ,The State of War and Peace Atlas, (new edition), The International Peace Research Institute, Oslo, 1997, p.22.

| РЕГИОН | БРОЈ НА ТЕРОРИСТИЧКИ АКТИВНОСТИ | БРОЈ НА ЖРТВИ НА МЕЃУНАРОДНИОТ ТЕРОРИАМ |
|---|---|---|
| АФРИКА | 256 | 191 |
| АЗИЈА | 7 656 | 7 527 |
| ЕВРОАЗИЈА | 262 | 208 |
| ЕВРОПА | 2 052 | 1 154 |
| ЛАТИНСКА АМЕРИКА | 1 602 | 899 |
| БЛИСКИ ИСТОК | 2 448 | 1 986 |
| СЕВЕРНА АМЕРИКА | 6 | 1 |
| ВКУПНО | 14 302 | 11 966 |

*ТАБЕЛА : Преглед на извршените терористички активности во светот во периодот од 1991 до 1996 година.*[12]

| РЕГИОН | БРОЈ НА НАПАДИ | БРОЈ НАЖРТВИ |
|---|---|---|
| АФРИКА | 6 | 33 |
| АЗИЈА | 45 | 247 |
| ЕВРОПА | 10 | 2 |
| ЈУЖНА АМЕРИКА | 2 | 0 |
| СЕВЕРНА АМЕРИКА | 7 | 1571 |
| ВКУПНО | 70 | 1853 |

*Извршени терористички напади во периодот 1998-2013 година* [13]

Според овие табели, но и според многу други анализи и индикатори можеме да заклучиме дека тероризмот е веќе сериозно навлезен во својата етапа на глобализација. Во оваа етапа тероризмот се наметнува како опасен феномен на новото време, односно современо зло кое не познава граници.

[12] John Deutch, Think again: Terorrism, Foreign Policy, No.108, 1997. P.1518.
[13] http://www.start.umd.edu/gtd/search/Results.aspx?expanded=no&search=terrorist+attacks&ob=GTDID&od=desc&page=1&count=100#results-table

Треба да се истакне и фактот дека тероризмот се става и во функција на интернационализација на војната. Всушност , тероризмот во поново време се дефинира и како "војување" со друго име – војување со ниско ниво, конфликт од мали размери, односно војување со низок интензитет на употреба на насилство за остварување на определнеи политички цели.[14] Но, паралелно со тоа, активностите на меѓународниот тероризам се ставаат и во функција на интернационализација на војната, особено на граѓанските конфликти.

Имајќи во предвид дека сме сведоци на создавањето на нови терористички организации со глобален карактер, треба да бидеме спремни за одговор на заканите кои доаѓаат од нив. Современите терористички организации веќе не се задоволуваат со ниски цели како во минатото кога се стремеа кон привлекување на внимание и предизвикување на паника. Денеска сме сведоци на делувањето на најновата терористичка организација Исламска држава, која се истакнува со нејзината жестокост при нападите и се поголемата експанзија кон соседните држави.

Ова современо светско зло кое ги надминува државните граници и задира во интересите на цели региони а некогаш и во целокупната глобална безбедност, заслужува големо внимание но и заеднички и координиран одговор од страна сите држави.

[14] Митко Котовчевски,Извори на загрозување на мирот и националната безбедност, Балкански центар за мир, Напредок , Тетово,1999 година.

# 3. ФИНАНСИРАЊЕ НА ТЕРОРИЗМОТ

Меѓународната конвенција за сузбивање на финансирањето на тероризмот во членот 2 го дефинира финансирањето на тероризмот како "...на било кој начин , непосредно или посредно, незаконско и намерно, обезбедување или собирање средства со намера тие да се употребат или со знаење дека ќе бидат употребени, во целост или делумно, поради извршување на терористички акти". Со цел да се дефинира финансирањето на тероризмот донесени се низа конвенции кои се однесуваат на ова прашање.

Финансирањето на тероризмот често пати се поистоветува со феноменот на перење пари. Перењето пари е процес на прикривање на изворите и потеклото на средствата кои потекнуваат од кривични дела преку низа на финансиски операции за да се профитира од истите. Од друга страна финансирањето на тероризмот е прибирање и дистрибуција на средствата со намера да се искористат за вршење на терористички акти. Заедничка компонента се финансиските трансакции таканаречени инструменти кои се користат во двата случаи се исти, како и механизмите кои државите ги имаат на располагање во борбата против овие појави. Често пати финансирањето на тероризмот се нарекува и *обратно перење пари* имајќи во предвид дека за финансирање на тероризмот се користат и средства од легални извори. Меѓутоа тоа не е така во секој поединечен случај бидејќи за истите активности се користат и средства стекнати во кривични дела. Може да се каже дека перењето пари е користење пари стекнати со криминални активности а финансирањето на тероризмот е користење пари за извршување на криминални активности.

## 3.1. Финансирање на тероризмот : движечка цел

Главната причина зошто напорите за борба против финансирањето на тероризмот се и потребни и важни е фактот дека на терористичките групи им се потребни пари. Иако реализацијата на индивидуалните терористички напади е релативно евтина, трошоците за одржување на инфраструктурата за поддршка на терористичките активности се високи. Терористичките мрежи имаат потреба од пари за обука, опрема и пари за оперативците, за обезбедување на материјали, како и за промоција на нивната кауза. Елиминирањето или редуцирањето на средствата за опстанок на ќелиите и попречување на трансферот на тие средства ќе доведе до значително деградирање на способностите на ќелиите. Покрај тоа ,

принудата да се откажат од формалните финансиски канали во корист на неформалните трансфери во помали износи,како и употребата на одредени мерки, ќе има кумулативен ефект на процесот на трансфер на средствата, правејќи го побавен, потежок и помалку сигурен.

Запленетите материјали од Ал- Каеда во Ирак, укажуваат на помошна мрежа која делува во областа Сињар – Западен Ирак, која направила значителни трошоци поврзани со плати и поддршка на семејствата. [15] Регрутирањето, обуката, патувањата, планирањето операции, поткуп на корумпираните службеници, и други слични активности, исто така чинат пари. Сите овие трошоци може да се соберат брзо. На пример, пред 11 септември, годишниот буџет на Ал Каеда беше околу 30 милиони долари, според наодите на Комисијата од 9/11.[16] Една од гранките на Ал Каеда во Ирак, евидентирала трошоци од околу 175,000 долари во период од четири месеци во 2007 година, а околу половина од овие средства се искористиле за набавка на оружје.[17] Ова понатаму покажува како елиминирањето и редуцирањето на средствата за опстојување на организацијата и трансферот на пари значително ги намалува нивните способности. Илустрирајќи ја важноста на прашањата поврзани со финансирањето на Ал Каеда пред 11 септември, говори фактот дека организацијата имаше финансиски комитет и Осама бин Ладен наводно обрнал поголемо внимание на финансиските прашања. Шеик Мустафа Абу ал Јазид ( или "шеикот Саид"), претседател на Комитетот, многу сериозно ги сфатил неговите одговорности и бил многу поврзан со парите на Ал Каеда. Пример за тоа е случајот кога шеикот Саид ставил вето на сметката за еден припадник на Ал Каеда да патува од Авганистан во Саудиска Арабија за да добие американска виза, која им била потребна на оперативците за подготовките на заговорот од 11 септември. Бин Ладен бил принуден да интервенира и да го надгласа шеикот Саид ( иако не е јасно дали Саид знаел

15 Brian Fishman (ed.), Bombers, Bank Accounts, and Bleedout: Al-Qai'da's Road in and Out of Iraq, Harmony Project (Combating Terrorism Center at West Point, 2008), p. 93. Available online (http://www.ctc.usma.edu/harmony/pdf/Sinjar_2_July_23.pdf ).

16 John Roth, Douglas Greenburg, and Serena Wille, Monograph on Terrorist Financing (Washington, D.C.: 9-11 Commission, 2004). Available online (http://govinfo.library.unt.edu/911/staff_statements/911_TerrFin_Monograph.pdf ).

17 Brian Fishman, Bombers, Bank Accounts, and Bleedout, Harmony Project, p. 93.

за заговорот од 11 септември кога го отфрлил тој трошок).[18] Овој внимателен став во однос на средствата се чини дека ги ограничувало Ал Каеда на оперативно ниво. Според Комисијата за 9/11, киднаперите од 11 септември ги вратиле неискористените пари на еден "помагател " на Ал Каеда- приближно 36 000 долари, во деновите пред нападот од 11 септември. Рамзи Биналшиб, хамбуршката врска помеѓу киднаперите и раководството на Ал Каеда, ја објаснува скромноста на Мохамед Ата ( тактички лидер во заговорот од 11 септември) истакнувајќи дека Ата ги сметал средствата употребени на 11 септември за "божество и чест". [19] Крилото на Ал Каеда во Ирак се фокусира на истиот бирократски пристап за справување со финансиските прашања, како и неговата матична организација. Ал Каеда во Ирак стави поголем дел од менаџментот под контрола, за да се осигура дека нивните пари ќе бидат потрошени внимателно и соодветно. Како пример може да гоземеме еден од записите на Ал Каеда од Ирак, каде се изложени процедурите за следење на нејзините лидери со цел да се следат финансиските трансакции на организацијата. Оперативците биле задолжени да обезбедат потпишани форми, потврдувајќи дека имаат добиено пари и објаснување како биле потрошени. Исто така ,и пониските нивоа во организацијата биле подложени на контрола. Сето ова укажува на вниманието кое Ал Каеда го посветувала на заштитата на своите финансии.

Во подоцнежните објаснувања во овој труд ќе утврдиме дека главните извори на финансирање на терористичките организации се преку криминални активности. Иако се профитабилни, таквите акти предизвикуваат религиозно ориентираните терористички групи да бидат цел на обвиненија за хипокризија. Како такви, овие групи вложиле многу размислување и напор за оправдување на оваа активност. Во тој контекст, Баз Мохамед – талибанскиот нарко дилер екстрадиран во САД во 2005 година, го оправдува вклучувањето на неговата група во трговијата со дрога, велејќи им на членовите на неговата организација дека продавањето дрога во САД било "џихад" , бидејќи тие им ги земаат парите на Американците а во исто време хероинот за кој тие плаќаат ги убива. [20] Абу Бакир Башир му понудил слично објаснување на Џемах Ислами (духовен лидер), за

18 John Roth et al., Monograph on Terrorist Financing, National Commission on Terrorist Attacks Upon the United States,2013.

19 Ibid.

[20] Drug Enforcement Administration, "U.S. Extradites Taliban-Linked Narco-Terrorist." press release, October 24, 2005. Available online (www.usdoj.gov/dea/pubs/pressrel/pr102405.html).

вклучувањето на неговата организација во грабежи на продавници за накит со цел да помогне во финансиското работење, наведувајќи дека "Можете да ја земете нивната крв, тогаш зошто не и нивниот имот". [21]

Прашањата во врска со финансиите негативно влијаеја на терористичките групи на друг изненадувачки начини. На пример, некои терористи ги протолкувале несоодветните компензации како знак дека тие се третирани неправедно. Џамал Ал Фадл, еден од првите оперативци на Ал Каеда, направил проневера на пари од групата за време на своето делување во Судан, поради незадоволство од неговата плата, имал украдено околу 100 000 долари. Кога Бин Ладен дознал за акциите на Ал Фадл, му наредил да ги врати парите. Ал Фадл вратил околу 30 000 долари пред да побегне, плашејќи се од одмазда ако не го врати целиот износ.[22]

Како што еволуираа теорирстичките закани, начините на кои терористичките групи се развиваат, ги складираат и управуваат со средствата, се променети на начин кој ги попречува напорите на Владите за спречување на нивниот напредок. Истражувањата покажаа дека терористичките групи учат едни од други, разменуваат информации за новите технологии, и ги споделуваат информациите. Малку внимание, сепак, е дадена на иновациите и еволутивните промени поврзани со финансирање на тероризмот.[23]

**Глобализациско / технолошки промени.** И глобализацијата и технолошкиот напредок имале големи влијанија врз финансирањето на тероризмот. Со глобализацијата , обемот на средствата со меѓународен тек значително се зголемил. Во 2000 година иселениците испратиле 113 милијарди долари назад кон нивните матични земји. До 2006 година, бројката се зголемила за повеќе од двојно до 255 милијарди долари, што се одразува на обемот на меѓународните девизни текови. [24] Одразувајќи ја поширокота промена на употребата на технологијата во глобалната трговија, се случија промени во начинот на пренос на средствата со користење на новата технологија. М- плаќањата, каде мобилните

[21] David E. Kaplan, "How Jihadist Groups Use Crime to Pay for Attacks Worldwide,"U.S. News & World Report, December 5, 2005.

[22] Jamal al-Fadl, сведочење во САД v. Usama Bin Ladin et al.,February 7, 2001.

[23] Kim Cragin et al., Sharing the Dragon's Teeth: Terrorist Groups and the Exchange of New Technologies ,Santa Monica, Calif. et al.: RAND Corporation, 2007.

[24] International Monetary Fund, Statistics Department, International Transactions in Remittances: Guide for Compilers and Users (DRAFT) (International Monetary Fund, September 2008). Available online (www.imf.org/external/np/sta/bop/remitt.htm ).

телефони се користат за трансфер на пари по електронски пат, имаат растечка важност, како што е и трансферот и чувањето на средства преку интернет објекти, како кеш-У или е-злато. Во земјите каде јавниот финансиски сектор е помалку стабилен – како во многу афрички земји, користењето на мобилните телефони е многу атрактивна опција за пренос на средства. [25] Во некои случаи, терористите се осомничени за користење на интернетот за добивање логистичка и финансиска поддршка за нивните операции.[26] Се на се, интернетот има големо влијание врз финансирањето на теоризмот. Интернетот обезбедува евтини, брзи, ефикасни и релативно безбедни начини на комуникација, ефикасно создавајќи транспортен појас за само-радикализираната пешадија која се поврзува и комуницира со своите истомисленици џихадисти преку виртуелни форуми и интернет сајтови. На пример, во извештајот од 2006 година ,американската влада оценува дека "групи од сите типови се повеќе ќе го користат интернетот за да добијат логистичка и финансиска поддршка".[27] Во извештајот се истакнува, генерално, дека технологијата и глобализацијата им овозможуваат на малите групи на отуѓени луѓе не само да се поврзат туку и да оезбедат ресурси за напади без да мораат да основаат терористичка организација.

**Промена од централната контрола.** Можеби најголемата промена во финансирањето на тероризмот е поврзана со пошироките промени во самата природа на терористичките закани. Пред 11 сепмтември, Ал Каеда ги финансираше и контролираше операциите директно од својата база во Авганистан. Финансирањето за нападите на 11 септември и бомбашките напади на амбасадата во Источна Африка во 1998 година, доаѓаа директно од Ал Каеда. Дури и во периодот после 11 септември , Ал Каеда продолжува да дава пари за операциите, како во случајот на бомбашките напади во Бали во 2002 година каде донирала 20 000 долари. [28] Додека пак денеска јадрото на Ал Каеда не ги финансира операциите на начин на кој тоа го правеше во минатото. Новите надежни локални терористички ќелии се повеќе се самофинансираат, со користење на средства од криминални активности, лични

[25] State Department, International Narcotics Control Strategy Report (Washington, D.C.: State Department, March 2008). Available online (www.state.gov/documents/organization/102588.pdf ).
[26] Office of the Director of National Intelligence, "Declassified Key Judgments of the National Intelligence Estimate 'Trends in Global Terrorism: Implications for the United States' Dated April 2006," press release. Available online (www.dni.gov/press_releases/Declassified_NIE_Key_Judgments.pdf ).
[27] Ibid.
[28] John Roth, Douglas Greenburg, and Serena Wille, Monograph on Terrorist Financing (Washington, D.C.: 9-11 Commission, 2004).

средства или владините социјални бенефиции. Некои од овие ќелии се поврзани со повисоките лидери на Ал Каеда , но се независни и локално финансирани; останатите оперираат во своите заедници ,а имаат само виртуелни врски со Ал Каеда.

Случајот од 7 јули 2005, нападите од Лондонското метро нудат совршен пример на мобилни локално финансирани активности. Британските власти заклучиле дека нападите , кои се проценува дека чинеле околу 8000 долари за да се извршат, биле самофинансирани. Инспекторите откриле дека "нема докази за надворешни извори на приходи" и истакнале дека групата ги обезбедила потребните фондови "со методи кои ќе биде многу тешко да се идентификуваат дали и како се поврзани со тероризам или други форми на сериозен криминал". Членовите на ќелијата обезбедуваат најголем дел од средствата, најчесто околу 10 000 долари личен заем и пречекорувањата од нивните банкарски сметки. [29] Спротивно на тоа, Дирен Барот – теорирстички оперативец, осуден на 30 години затвор во 2006 година под обвинение за заговор за убиство, стигнал до високи лидери на Ал Каеда во странство барајќи им околу 60 000 долари за бомбашкиот заговор кој го смислил вклучувајќи лимузини полни со експлозив во центарот на Лондон. [30]

Во некои случаи, актите на ситен криминал, како што се социјалните измами, бараат ограничени количини на пари за мали операции. Во други случаи, терористите се стремат да подигнат значителни суми на пари преку безмилосни злосторства. Една ќелија во Франција запленила околу 1 милион евра, кога нивен член чија работа била да ги полни банкоматите, ограбил неколку од нив. Во друг случај во Франција, една ќелија направила дупка во ѕидот на готовински (паричен) дистрибутивен центар,и го олесниле за околу 4 милиони евра. [31] Стејт департментот и НАТО ги истакнале криминалните активности на Курдската работничка партија, особено во Европа. Според извештајот на Еуропол од 2007 година "Двајца припадници на Курдската работничка партија биле уапсени во Франција во 2006 година поради перење пари наменети за финансирање на тероризмот. На крајот на 2005 година, тројца членови на Курдската работничка партија(КРП) биле уапсени во Белгија и уште еден во Германија осомничени за финансирање на КРП. Во Белгија

[29] Financial Action Task Force (FATF), Terrorist Financing (Paris: FATF, February 29, 2008), p. 14. Available online (www.fatf-gafi.org/dataoecd/28/43/40285899.pdf ).
[30] British counterterrorism official, Интервју од Метју Левит, Март 6, 2008.
[31] French intelligence officials, интервју на Метју Левит,Март 25, 2008.

запленетите брошури од страна на Владата покажуваат дека осомничените биле уапсени при собирање на данок од нивните сонародници".[32]

**Дрога/тероризам.** Врската меѓу дрогата и тероризмот е особено силна од различни причини. Според ДЕА (Drug Enforcement Administration) деветнаесет од четириесет и три странски терористички организации се директно поврзани со глобалната трговија со дрога, и до 60 проценти од терористичките организации се на некој начин поврзани со трговијата со нелегални наркотици. [33] Не е изненадувачки , фактот што најважната причина поради која терористичките групи се поврзани со трговијата со дрога е профитот. ООН проценуваат дека меѓународната трговија со дрога генерира 322 милијарди долари годишно во приходи, што ја прави дрогата една од најпрофитабилните недозволени активности во светот. [34] Приходите од другите видови недозволени активности , како што се трговијата со оружје и криумчарењето на странци , се мали во споредба со трговијата со дрога. Дрогата обезбедува многу начини за добивање на приходите, вклучувајќи оданочување на земјоделците и локалните картели, барајќи надоместоци за користење на патиштата , изнудување плаќања за осигурување на безбедноста и многу други.

Илустрирајќи го профитниот потенцијал на дрогата, во тромеѓето на Латинска Америка (Аргентина , Бразил и Парагвај) може да се оствари профит од 1 милион долари од продажбата на 14 или 15 килограми дрога, количина која може да се транспортира во еден куфер. Еден пакет со оваа големина не секогаш може да го привлече вниманието на ДЕА, која рутински пресретнува многу поголеми пратки. Особено Хамас и Хезболах се вклучени во трговијата со дрога во овој регион. Во Авганистан, во една книга запленета во рација се запишани трансакциите од 10 месеци, прикажани се 169 милиони долари од продажбата на 81 тони хероин.

Од аспект на ДЕА, како што транснационалните терористички организации стануваат се повклучени ви трговијата со дрога, така се појавуваат хибридните организации. Овие

[32] Abdulkadir Onay, "PKK Criminal Networks and Fronts in Europe," PolicyWatch no. 1344 (Washington Institute for Near East Policy, February 21,2008) Available online (www.washingtoninstitute.org/templateC05.php?CID=2720).
[33] Michael Braun, "Drug Trafficking and Middle Eastern Terrorist Groups: A Growing Nexus?" (lecture presented at a policy forum sponsored by the Washington Institute for Near East Policy, Washington, D.C., July 18, 2008). Available online (www.washingtoninstitute.org/templateC05.php?CID=2914 ).
[34] Ibid.

хибридни терористички организации го делат своето време на вклучување во терористичките активности и служењето во глобалните картели за трговија со дрога. Според Мајкл Браун, оперативен шеф на ДЕА, "Талибанците и ФАРК (Револуционерните вооружени сили на Колумбија-Народна армија) се два совршени примери за лицето на организираниот криминал од 21 век и тие се нешто пострашни и погрдо од сето она со што се имаат соочено вооружените сили и службите на законот. Тие претставуваат најзначаен безбедносен предизвик за владите ширум светот."[35]

**Добротворни организации.** Според ФАТФ (Financial Action Task Force) ,"злоупотребата на непрофитните организации за финансирање на тероризмот ќе бидат препознаени како клучна слаба алка во глобалната борба за запирање на тие извори."[36] Според одделот за правда, разузнавачките служби укажуваат дека терористите продолжуваат да ги користат добротворните организации како извор на финансиска и логистичка поддршка. [37] Британските официјални лица во својот извештај наведува дека "значаен дел од терористичките финансиски истражувања во Велика Британија во 2006 година вклучуваат анализи поврзани со добротворни организации. Во извештајот се заклучува дека ризикот од злоупотребата на добротворните организации е значаен аспект од теористичката финансиска закана."[38]

Добротворните организации и хуманитарните групи се особено подложни на злоупотреба од страна на терористите и нивните поддржувачи, за кои ваквите организации се многу атрактивни фронтови. Всушност терористичките групи долго време ги злоупотребувале добротворните организации за различни намени. Добротворните организации им нудат легитимен превез на терористите за прибирање финансиски средства, привлекувајќи ги неволните донатори кои не се свесни дека парите кои ги донираат во добротворни цели всушност го финансираат тероризмот. Овие социјални организации ја поттикнуваат поддршката од обичните луѓе за овие групи и создаваат плодна и широка регрутна основа.

Добротворните организации се исто така одличен механизам за перење пари. Овие организации кои се користат од страна на терористичките групи имаат тенденција да

[35] Ibid.
[36] Financial Action Task Force, Terrorist Financing, p. 11.
[37] Glenn R. Simpson, Islamic Charities Draw More Scrutiny, Wall Street Journal, February 23, 2008.
[38] Her Majesty's (HM) Treasury, "Financial Challenge to Crime and Terrorism," February 28, 2007. Available online (www.hm-treasury.gov.uk/d/financialchallenge_crime_280207.pdf ).

1) Работат во зони на конфликти и

2) Вклучуваат проток на пари само во една насока

Тоа се два фактори кои ќе претставуваат причина за сомневање и во другите организации. Таквите околности им овозможуваат на терористичките групи да го движат персоналот, финансиските средства и материјалите , во и од областите со висок ризик под закрила на добротворната работа, и им обезбедуваат на терористите легални работни места кои нудат и плата и покритие за нивните терористички активности. Покрај тоа, терористите го користат добротворството преку низа различни тактики. Некои добротворни организации се основани со изразена цел за финансирање на тероризмот, додека пак други се веќе постоечки субјекти каде се инфилтрирани терористички оперативци и поддржувачи. Свесни за фактот дека овој начин на финансирање на тероризмот бара поостро и позајакнато ниво на контрола, амбасадорот Францис Тејлор , тогашен кординатор на Стејт департментот за борба против тероризмот во 2002 година истакна дека "Парите можат да бидат пренасочени во друга насока ако не се обрне доволно внимание на нив. А јас верувам дека терористичките организации , исто како и криминалните претпријатија, можат да никнат во било која легитимна организација за да се обидат да ги пренасочат средствата во незаконски цели."[39]

Се поголем предизвик во оваа област е фактот дека забранетите или ризичните добротврони организации врзани со тероризмот често се затвораат само на еден ден за потоа повторно да се отворат или реактивираат под ново име. Министерството за финансии истакнало дека, на пример откако била откриена во 2002 година, босанската гранка на Ал Харамаин Исламска Фондација "Се реконструирала и ги продолжила операциите под името *Вазир.*" Во друг случај, Министерството за финансии објавува дека Индонезиската филијала на Ал Харамаин исто така се обидела да работи под името *Јајасан Ал Манахил – Индонезија.* [40] Еволуцијата на методите за финансирање на терористите го намалува спектарот на набавка, перење, пренесување , чување и пристап до финансиски средства. На пример, како што властите преземаа мерки против

[39] State Department, International Information Programs, "State's Taylor Summarizes Annual Global Terrorism Report," Washington File, May 21, 2002. Available online (www.usembassy.it/file2002_05/alia/a2052103.htm ).

[40] Treasury Department, "Treasury Announces Joint Action with Saudi Arabia against Four Branches of al-Haramain in the Fight against Terrorist Financing,"press release, January 22, 2004. Available online (www.treas.gov/press/releases/js1108.htm ).

добротворните организации кои финансираа недозволени активности низ светот, така некои од нив го пренесуваа одлучувањето и раководењето на локалните канцеларии и активисти. Некои добротворни организации поврзани со незаконски активности им сугерирале на донаторите да ги финансираат своите регионални канцеларии директно, наместо да одат преку централните канцеларии. Тие исто така го вработиле локалното населени за да не поттикнат сомневање кај властите. Говорејќи за радикалните исламистички напори да ги радикализираат и регрутираат младите муслимани од Занзибар и Танзанија, локалниот исламски лидер истакнал дека "постојат одредени добротворни организации кои некогаш го користат домородното население од селата како регрутна база затоа што другите би можеле да бидат фатени од полицијата.[41]" Исто така има промена во финансирањето од инвестирање во конкретни програми во инвестирање во големи инфраструктурни програми. Таа инфраструктура иако не е многу потребна, сепак обезбедува ефективно покритие за трансфер на големи суми на пари во странство. На Филипините, службите откриле дека терористичката финансиска поддршка на групата Абу Сајаф и Раџа Сулејман движењето ја олесниле и помогнале изградбата на џамии и училишта под надзор на Мохамед Шукаир – националист од Саудиска Арабија (поврзан со филипинските власти). [42]

**Трговско – базирано перење на пари.** Особено ефективен метод за прикривање на недозволени трансакции под капата на легитимниот бизнис е преку перење пари во трговијата. Таквата тактика го избегнува вистинскиот пренос на средствата со купување и пренесување стоки, како што се храна или други добра. Таквите стоки може да бидат испратени дури и на меѓународно санкционираните земји под превезот на хуманитарна помош. Откако тие ќе влезат во земјата, стоката може да се продаде директно за готови пари или да се транспортира до трети земји за продажба. Познат случај осомничен за трговско – базирано перење пари наводно го инволвира Комитетот за палестинска помош и заштита (CBSP) , француска добротворна организација, која САД ја сметаат за дел од Хамас. Според Wall Street Journal, CBSP соработувале со пропалестинската Национална асоцијација на умереност и развој за финансирање на помош во храна на палестинските

[41] Chris Tomlinson, "Islamic Extremists Use Missionary Tradition to Recruit Fighters, Spread Anti-U.S. Message in East Africa," Associated Press, February 20, 2004.
[42] Alcuin Papa, "New Terror/Funding Network in Place, Says PNP",*Philippine Daily Inquirer*, July 12, 2008.

територии, избирајќи ја пласстинската локална компанија Абу Акер . Абу Акер биле ангажирани да испорачаат леќа, тегли џем и макарони од САД, и за тоа можеле да прикажат потврда за прием на стока и слики од растително масло и други прехранбени производи кои биле доставени до големиот бегалски камп во Газа за време на празникот Рамазан во 2005 година.[43]

Сепак , официјалните лица се сомневаат дека Иран го предвидел финансирањето на овие трансакции – финансирање кое било донесено директно или индиректно заедно со терористите преку трговско базирана шема за перење пари. Абу Бакер се вклучени во голем број други сомнителни трансакции во кои прехранбените производи или парите биле пресретнати на пат кон палестинскиот Исламски Џихад преку добротворната асоцијација Ел Ехсан. Во еден од случаите , Израел го блокираат преминот на пет контејнери со зеленчуково масло платени од страна на Европските добротворни организации и испратени до Палестинските територии од страна на турска фирма. [44] Според официјалните лица на Израел, Иран ја зацврстиле врската помеѓу една иранска компанија и нејзините европски партнери за да го иницираат планот, додека Абу Акер наводно, биле во директен контакт со претставници на Исламскиот Џихад во Дамаск , кој им укажал на истите овие компании.[45] Не е зачудувачки што помошник на државниот секретар на Министерството за финансии, Патрик О'Брајан, истакнал дека трговско базираното перење пари ќе биде значаен проблем.

**Помалку софистицирани средства за трансфер.** Кога терористичките организации ги користат предностите на технологијата за финансиски цели, терористичките ќелии и организации исто така се враќаат значително кон помалку софистицираните методи, со цел да ги избегнат официјалните банкарски системи. Ова ја вклучува и зголемената употреба на платените курири, масовно шверцување пари, и hawala брокери (неформален преносен систем за трансфер на пари) за пренос на средства, заедно со употребата на алтернативни стоки како што се бесценети камења. Во некои области широката употреба на пари не е обид да се избегне спроведување на законот, туку е заедничка културна практика. Таква е ситуацијата на Блискиот Исток, а особено во Заливот.

---

[43] Glenn R. Simpson and Benoit Faucon, "A Trail of Sugar to Gaza," Wall Street Journal, July 2, 2007.
[44] Ibid.
[45] Israeli intelligence official, интервју на Matthew Levitt, July 2007.

Реагирајќи на контратерористичките напори, терористите започнале да ги пренесуваат средствата преку личните сметки на своите членови и оние на нивните семејства, во некој случај директно, а понекогаш преку добротворни организации, сето тоа во обид да се избегне контролата врз сметките на организацијата. Во случајот на Палестинските групи, откако Израел ги предаде административните функции на палестинските власти со Договорот од Осло, израелските власти повеќе немаа директен пристап до палестинските банкарски информации. Документите запленети од страна на израелските сили во Западниот брег за време на операцијата Дефанзивен штит (Април 2002), укажуваат на тоа дека палестинските групи ја признаваат оваа празнина и истовремено ја искористуваат. Всушност, Генерелниот секретар на Палестинскиот исламски џихад, Рамадан Шалах лично пренесувал средства од Дамаск до личните банкарски сметки на членовите од Палестинскиот исламски џихад (ПИЏ), како што е Басам ал-Саади, оперативец одговорен за финансиите на ПИЏ во Џенин. [46]

**Прикривање на терористичките активности.** Како и многу други транснационални криминални организации, терористичките групи често пати се обидуваат да се дистанцираат од нивните нелегални активности преку вклучување во легитимни бизниси со цел да изградат една посветла слика за себе. Наспроти меѓународните напори за борба против тероризмот, каде поголем дел од информациите кои се користат за означување на поединците и организациите како терористички остануваат класифицирани, таквите напори на терористичките групи да створат легална слика за себе добиваат се повеќе на важност. На пример, некои од добротворните организации кои се тесно поврзани со финансирање на тероризмот, вклучувајќи ги и Фондацијата Ал Харамаин, Меѓународната исламска организација за помош, и Муслиманската Светска лига, ги ангажирале вашингтонските адвокати и експертите за односи со јавноста да ја поправат сликата за нив во очите на САД. [47]

Во однос на специфичните практики, оние кои ги финансираат нелегалните активности се повеќе одат до крајната граница за да ја прикријат природата на нивните трансакции преку перење пари или други измамнички финансиски практики. Пример за тоа се големиот број

[46] Israel Defense Forces, "The Cooperation Between Fatah and the PA Security Apparatuses with PIJ and Hamas in the Jenin Area," April 9, 2002. See (http://dover.idf.il/IDF/English/ ).
[47] James Morrison, "Embassy Row: Saudi Charity Rules," Washington Times, March 4, 2004.

на компании стационирани во Северна Вирџинија, како што се добротворните организации и други терористички организации кои се под истрага; таквите организации се можеби најкорисни за терористичките групи во смисла на перење на легитимните приходи, донации и бесправни стекнати средства преку активностите на добротворните организации и компании, како што се "shell" компаниите и паричните донации. Вметнувањето на средствата меѓу редовите на ваквите компании го прави следењето на финансиките траги многу тешко, како што тоа го прават добротворните организации и компаниите кои ги прикриваат терористичките трансакции. Во овој случај властите се сомневаат на мрежа од врски која вклучува добротворни организации и други најразлични бизниси.

Хезболах, на пример, користи лажни средства за да бара финансирање на проекти од меѓународните развојни организации за нејзиниот огранок Џихад ал-Бина. Во септември 2006 година, Министерството за финансии означи две финансиски институции како терористички (истите биле контролирани од Хезболах), а тоа се Бајт Ал Мал и Yousser компанијата за финансии и инвестиции. Бајт Ај Мал служела како банка, доверител и инвестициона гранка за Хезболах, според Министерството за финансии, а ја користат Yousser компанијата за да обезбедат кредит и финансиски бизнис договри за компаниите на групацијата. [48] И во ноември 2006 година, италијанскиот печат објави дека брод намент за транспорт на фрижидери до Либан бил задржан во Кипар, откако било откриено дека содржи осумнаесет камиони со мобилни анти – авионски радари и друга опрема за следење. [49]

Поради тоа не треба да биде изненадувачки фактот што Иран се вклучува во низа нелегални финансиски практики за да ја прикрие природата на нејзиното спонзорство на терористичките групи. Иран ја користи банката Садерат како најсоодветен субјект за пренос на средствата на терористичките организации како што се Хезболах, Хамас, Палестински исламски џихад, и Народниот фронт за ослободување на Палестинската

[48] Ibid., "Treasury Designation Targets Hizballah's Bank," press release, September 7, 2006. Available online (www.treas.gov/press/releases/hp83.htm ).
[49] Fausto Biloslavo, "Italian Troops Forgotten and Useless in Lebanon on Verge of Reexploding" [in Italian], Il Giornale, November 16, 2008. For more information, see Matthew Levitt, "Shutting Hizballah's 'Construction Jihad'," PolicyWatch no.1202 (Washington Institute for Near East Policy, February 20, 2007). Available online (www.washingtoninstitute.org/templateC05.php?CID=2571 ).

генерална команда. Министерството за финансии откри случај во кој Иран испратил 50 милиони долари на организациите контролирани од Хезболах помеѓу 2001 и 2006 година.[50]

**Државно спонзорство.** Дури и во ерата на франшизи на терористички групи и истомисленички следбеници на радикалните онлајн заедници, и активното и пасивното државно спонзорство на тероризмот остануваат значајни извори на финансирање и други видови поддршка за терористичките групи.

Ал Каеда не ужива државно спонзорство во класична смисла, туку таа има корист од специфичните односи и врски со владите во Иран и Сирија. Всушност, додека активното државно спонзорство е се поретко, државите им обезбедуваат на терористичките групи конкретна поддршка на тој начин што им дозволува на терористите да имаат пристап до нивната територија, олеснувајќи им го патувањето, или замижувајќи пред нивните нелегални активности. На пример, Ал Каеда во Ирак, има голема корист од мрежата на соработници во Сирија кои ги користи за да се олесни финансирањето. Патувањето во Ирак, и други видови логистика за членовите на нејзината европска мрежа. Слично на тоа, додека Техеран тврди дека лидерите на Ал Каеда во Иран биле во куќен притвор, американските претставници ќе се соочат со предизвикот на овие тврдења. Како што е наведено во студијата на случајот на Ал Каеда , неодамнешните настани укажуваат дека иранските официјални лица одржуваат најмалку основно ниво на поврзаност со активностите на Ал Каеда во земјата, иако се верува дека повеќето од тие активности се одвиваат без целосно знаење на режимот.

Додека иранското спонзорство на Ал Каеда е со пасивен ефект, неговата активна поддршка на други терористички групи во регионот е добро документирана, од терористичките и бунтовничките групи во Ирак и Авганистан до Хезболах во Либан и Хамас и Палестинскиот исламски џихад на Западниот брег и Газа. Американците го опишуваат иранскиот режим како "централен финансиер на тероризмот" и има девет цифрена ставка во буџетот за поддршка на тероризмот, праќајќи стотици милиони долари

[50] Treasury Department, "Treasury Cuts Iran's Bank Saderat Off From U.S. Financial System," press release, September 8, 2006. Available online (www.treas.gov/press/releases/hp87.htm ).

за терористичките групи годишно. [51] Илустрирајќи како поддршката на тероризмот е дел од една официјална владина политика, Иран ги искористил своите државни финансиски институции за да ги раздава овие средства.

### 3.2. Фази на финансирање на тероризмот

Финансирањето на тероризмот се состои од неколку фази кои ги карактеризират различни учесници и различни механизми, а секој од нив може да биде ранлив на различни инструменти за откривање и спречување.

Почетната фаза е фаза на собирање или акумулација на средствата од повеќе различни извори и на повеќе различни начини. Средствата може да потекнуваат од законски активности на компаниите кои се поврзани па дури и раководени од страна на терористичкие организации или поединци. Од друга страна, средствата може да потекнуваат од кривилни дела како што е трговијата со дрога, киднапирање, изнуда и тн. Донациите од страна на поединци кои ги поддржуваат целите на терористичките организации, како и добротворните фондови кои намерно или ненамерно собираат средства и истите ги канализираат до терористичките организации исто така претставуваат значаен извор на овие средства. Посебен облик на финансиска поддршка на терористичките организации, која експертите често ја ставаат на првото место според важноста, е поддршката од страна на државите и организациите со доволно развиена инфраструктура за собирање средства и ставање на истите на располагање на терористичките организации.[52]

Еднаш собрани, овие средства се складираат и чуваат на голем број различни начини вклучувајќи ги банкарските сметки отворени од страна на таканаречените *изолатори* или посредници, поединци или компании (*straw men, middle men, front companies)* .

Следна фаза на финансирање на тероризмот е преносот на овие средства до ќелиите на терористичките организации или поединци поради нивното оперативно користење. Разузнавачките активности покажуваат дека меѓународните електронски трансфери помеѓу банките или компании за пренос на пари како што е Western union , се често

---

[51] Fox News, "Treasury Official Calls Iran 'Central Banker of Terrorism'," April 1, 2008. Available online (www.foxnews.com/story/0,2933,344530,00.htm l).

[52] FATF, Report on Money Laundering Typologies 2001-2002, Internet. http://www1.oecd.org/fatf/pdf/TY2002_en.pdf , 07. jul 2005.

користени механизми за пренос на овие средства. Користењето на добротворните организации е погодно не само за пренос на пари туку и за оружје, па дури и за регрути на терористичките групи кои оперираат во воените зони и државите зафатени со бунтови и нереди. Алтернативните системи или мрежите за пренос на пари како што се индиската "хавала" , пакистанските "хунди" или кинескиот " чит" или "чоп", кои функционираат во рамките на строго дефинирани расни, племенски или национални групи, се исто така често користени начини за трансфер на овие средства. [53] Ефикасноста на овие системи кои ретко вклучуваат физички пренос на готовите пари и кои не оставаат никакви пишани траги за извршениот пренос , е исклучително примамливо за терористичките организации. На крајот, парите често пати се пренесуваат до своите крајни корисници и преку курири и криумчарење на пари преку државните граници. По приемот на овие средства во ќелиите, тие може да се чуваат или искористат за конкретна акција.

Последна фаза, која е и конечен доказ за криминалната природа на овие средства, е нивната употреба. Разбирањето на употребата на овие средства може да се движи од потесното сфаќање за употребата како едноставен акт на купување експлозиви за поединечна самоубиствена акција па се до употреба на средствата за голем број активности како што се : поддршка на редовните активности на ќелијата (купување храна или изнајмување возила и станови), набавка на оружје и експлозиви, обезбедување скривалишта и медицинска нега, финансирање на камповите за обука, објавување пропаганден материјал, купување на компјутери и телекомуникациска опрема или плаќање на политичка поддршка и засолништа во соодветни земји. Првото сфаќање може да се слушне во излагањата кои ја доведуваат во прашање ефикасноста на борбата против тероризмот преку спречување на неговото финансирање. Врз основа на паричните износи кои циркулираат низ светскиот финансиски систем, паричниот износ кој е потрошен за конкретен терористички акт може да изгледа навистина тривијално, а откривањето на таквите пари може да се чини речиси невозможно, особено ако се има во предвид дека дел од тие средства доѓаат од легални извори. Наодите на Комисијата која ги истражува терористичките напади од 11 септември 2001 година, говорат дека за тие напади се

[53] Lissa C. Caroll, Alternative remittance systems distinguishing sub-systems of ethnic money laundering in Interpol member countries on the Asian continent, Internet, http://www.interpol.com/Public/FinancialCrime/MoneyLaundering/EthnicMoney/default.asp , 19. jun 2005

потрошени вкупно 400 000 до 500 000 долари.[54] Според тоа, ако се каже дека откривањето на нелегалните пари е "барање игла во сено" тогаш за откривање на средствата кои се користат за финансирање на тероризмот може да се каже дека е "барање игла во куп од игли". Од друга страна, одредени автори ваквите сфаќања ги сметаат за погрешни па дури и злонамерни.[55] Факт е дека трошоците за финансирање на терористичките активности не може да се мерат само на основа на проценетите трошоци од еден деструктивен акт туку во обзир мора да се земат и трошоците на веќе споменатите останати активности што овие износи ги чинат повеќекратно поголеми а со самото тоа и "повидливи" во финансискиот систем.

### 3.3. Терористички потреби

Иако тероризмот е евтино средство за постигнување успех, сепак постои потреба за определено минимално ниво на средства за организација и изведување на операциите. Во таа насока е и тврдењето на авторот Џејмс Адамс "Уништете ја економската база и терористичката група ќе слабее и ќе умре. Впрочем ,терористите не може да живеат само од идеализмот, па дури и нивните услуги да се евтини тие сепак треба да јадат и да купат муниција за оружјето."[56]

Минималните барања за терористичките операции многу ретко се експлицитно наведени, не само од страна на експертите за тероризам, туку и од страна на самите терористи. Овие потреби имаат тенденција да бидат разбрани или идентификувани откако ќе се појават. Наместо на листата на барања, научниците често се фокусираат на една или повеќе критични ресурси. На пример најчести теми при изучување на тероризмот се како се користи оружјето, како идеологијата претставува критичен центар на гравитација за многу групи, колку е важно раководството, различните аспекти на терористичките ресурси, но листата на основни барања на терористичките организации е вистинска реткост.

---

[54] *Final Report of the National Commission on Terrorist Attacks Upon the United States, Official Government Edition,* Internet, http://a257.g.akamaitech.net/7/257/2422/05aug20041050/www.gpoaccess.gov/911/pdf/fullreport.pdf, 08. jul 2005

[55] Chip Poncy, *Remarks on the Nature of Terrorist Financing and Means of Identifying Terrorist Financing Networks,* Proceedings of the Swiss EAPC/PfP Workshop "Combating the Financing of terrorism", 27 to 28 November 2003, Geneva, Switzerland

Минималните ресурси кои им се потребни на терористите се класифицирани во три категории. Првата категорија се парите и други преговарачки инструменти. Втора категорија се материјалните ресурси, оние материјални добра кои имаат парична вредност. Трета категорија се нематеријалните средства, без кои терористичката група не може да дејствува. Некои нематеријални средства , сепак, биле заменети за пари. На пример, Привремената Ирска републиканска армија ја продала својата експертиза за правење бомби со испраќање на тројца нејзини оперативци во Јужна Америка за да помогнат на колумбиската група ФАРК (Револуционерни вооружени сили на Колумбија) за околу 2 милиони долари во 2001 година. [57] Сепак, самата обука не е материјално добро и се смета за нематеријална.

Ресурсните потреби на терористичките организации може да се разликуваат грубо. Цената на еден конкретен напад може да се движи од неколку долари (за едноставен напад со нож) па се до нападите на 11/09 – најскапиот терористички напад до сега, кој чинеше 300 000- 500 000 долари. Покрај тоа, колку се спремни да платат терористичките организации исто така варира во голема мера. Многу независни *волк групи* се самофинансираат и егзистираат на минимален буџет. Други организации , како што е Палестинската ослободителна организација, развиваат вкус за "луксузен живот", и нивните трошоци можат да достигнат и до милиони. [58] Всушност, некои групи се повеликодушни кон нивните членови и нивните семејства за разлика од другите. Иако многу од нив не обезбедуваат бенефиции за семејствата, постојат такви кои обезбедуваат плати за членовите а исто така и даваат голема парична поддршка за семејствата на убиените или затворените терористи.

Како последица на тоа во понатамошниот текст ќе ги видиме минималните барања за да една терористичка организација може да работи и да остане функционална, додека одделни групи може да имаат и некои дополнителни ресурси во зависност од конкретни околности. Сите идентификувани ресусрси се неопходни за да можат да преживеат терористичките организации, но не може да не бидат доволни за специфичните потреби на одредени групи.

---

[57] Mark Burgess, "Globalizing Terrorism: The F.A.R.C.-I.R.A. Connection" ,CDI Terrorism Project, June 5, 2002, p.78.
[58] Walter Laqueur,, The Age of Terrorism, Weidenfeld,1987, 99-101p.

### 3.3.1.Пари.

Парите имаат три традиционални функции : 1)пресметковна единица, пренесува информации за цените, сигурно и навремено, 2) субјект на размена, со оглед на нејзината општа прифатливост за задоволување на договорени обврски, и 3) таа самата претставува вредност и е погодно средство за чување богатство. [59] Терористичките организации ќе имаат потреба од лесно достапни пари или предмети со висока ликвидност за купување на материјални стоки, како и некои нематеријални добра. Во однос на тоа ,Даниел Бајман и неговите колеги изјавиле на истражителите дека "Парите имаат моќен ефект врз бунтовничките движења, тие можат да бидат искористени за купување оружје, поткуп на локалните власти, плаќање на оперативци, ширење пропаганда, обезбедување социјални врски кои градат популарна база.[60]" Особено корисни за секоја транснационална организација, вклучувајќи ја и терористичката, на самиот врв се валутите, како и за сите други, терористите сакаат да користат валути кои ја одржуваат нивната вредност и се општо прифатени или лесно конвертибилни во други валути. Првите две водечки се американскиот долар и еврото, и тие доминираат во прекуграничните трансакциии најчесто се прифатени секаде низ светот. Веднаш по нив следат патрицијанцките валути, кои се помалку доминантни, но сепак општоприфатени. Класичен пример е јапонскиот јен, и пред воведување на еврото – германската марка која исто така ја остварува оваа улога. [61] И покрај тоа што голем дел од терористите се борат против хегемонистичкиот Западен систем, тие сепак најчесто избираат да ги користат овие валути бидејќи се најприфатени и се сметаат за најстабилни.

### 3.3.2 Материјални добра.

Терористичките организации ,исто така, имаат потреба и од материјални добра, кои може да се стекнат во рамките на нивните активности (како што е кражба на оружје потребно за напад), со користење на пари, или пак со тргување или трампање на некои материјални или нематеријални добра. Во најмала рака, терористичките организации имаат потреба од

[59] Benjamin J. Cohen, *The Geography of Money* ,Ithaca, NY: Cornell University Press, 1998, p11.

[60] Daniel Byman et al., *Trends in Outside Support*,p 87

[61] Benjamin J. Cohen , *The Geography of Money ,Cornell University Press*,P 14–16. Пирамидата на валути од Коен содржи 7 категории, распоредени од најдоминанатни и општо прифатени до најмалку доминантни. Во зависност од терористичките организации и нивните локации и специфични потреби, може да бидат користени и други валути.

четири категории на материјални добра : животни потреби, персонал, комуникациска инфраструктура , како и елементи потребни за спроведување на нападите.

- Животни потреби – сите терористи кои живеат со надеж да се борат , еден ден ќе мора да ги стекнат основните потреби за живот за себе и своите семејства. Ова вклучува храна, облека, засолниште, и пристап до медицинска нега. За привремените терористи, оние кои имаат и нормална работа а тероризмот го имаат како дополнителна професија, нивните нормални вработувања можат да бидат доволни, но како што групата се шири , тие ќе имаат се помал број "подземни" членови кои имаат полно работно време како терористи. Често пати, по овие членови постои законска потерница, и затоа тие не можат да бидат легално вработени а со тоа и да земаат редовна плата. Некои членови моат да бидат "квалификувана работна сила" како што се краторите на бомби, чие работење за организацијата со полно работно време ја овозможува способноста за одржување на нивното оперативно темпо. Таквите членови со полно работно време претставуваат голем трошок, бидејќи терористичката група мора да ги преземе сите трошоци за нивната грижа. На пример врз осова на финансиската евиденција на левичарската терористичка група на италијанските Црвени Бригади во 1970-тите, секој подземен член чинел по околу

  15 000 долари годишно за плата, кирија, храна , облека и лично оружје. Тука не се вклучени додатните трошоци како авио билети, експлозиви и други средства за актуелните операции. Затоа, поголемите професионални терористички организации со повеќе членови со полно работно време ќе имаат потреба од повеќе пари и други стоки, па поради тоа ќе мора да вложат повеќе напор за прибирање на финансиски средства.
- Персонал – сите терористички организации бараат персонал за извршување на нападите. Покрај тоа, членовите кои дезертираат, се убиени, уапсени или од други причини не се на располагање мора да се заменат. На најниско ниво, осамен волк терористичките групи ќе бараат само еден или неколку членови, и кога тие членови ќе бидат уапсени или убиени таа група ќе престане да постои. Големите комплексни организации, како Палестинската ослободителна армија, Тамилските

тигри. Ал Каеда и нејзините придружни групи, користат илјадници борци и терористи, плус и голема мрежа на помошен персонал.

- Комуникациска инфраструктура – терористите имаат потреба од способност за примање, чување, ракување и ширење на информации. [62] Ова мора да се постигне не само во рамките на самата организација, туку и со надворешниот свет. Бидејќи тероризмот делува со пропаганда, мора да има и способност за генерирање пораки за да ги објаснат и оправдаат насилствата и политичките цели кои стојат зад тоа. На тој начин , терористичките организации ги објавуваат сите видови документи, вклучувајќи манифести, печат, говори, па дури и цели книги. Иако трошоците за комуникација опаднаа драматично, некои ресурси сеуште имаат потреба да се подобрат. Интерните комуникации меѓу членовите можат да бидат слободни, во случај кога се лоцирани на исто место и комуницираат во директни разговори и речиси бесплатни, или пак преку е-пошта која ги чини само времето поминато во интернет кафе или зависи од нивната компјутерска способност. Групите имаат потреба и од поголема навремена и разновидна комуникација , како што е комуникацијата преку радио или мобилни телефони. На пример, за да се одржи оперативната безбедност, една група може да користи и да располага со голем број мобилни телефони, кои го зголемуваат оперативниот трошок. [63] Како и за надворешната комуникација, трошокот за ширење на пораката на терористичката група може да варира во голема мера. Меѓу најевтините начини е објавување на манифести, или пуштање пораки до медиумите, со надеж дека тие ќе ја емитуваат пораката во име на групата. Ваквиот начин има недостаци, во смисла дека медиумот можеби не смее да ја емитува пораката или фактот дека може да се манипулира или да се извади од контекст таа порака. Поради ова, терористите се повеќе се оддалечуваат и ги прекинуваат релациите со државните и приватните медиуми, и наместо нив генерираат свои медиуми. Првите такви обиди беа весниците раководени од терористичките организации, а подоцна и тајните радио станици. На пример Ел Салвадорските левичарски ФМЛН (Farabundo Marti

[62] "National Military Strategic Plan for the War on Terrorism" (Washington, DC: U.S. Defense Department Joint Chiefs of Staff, 2006), 16.

[63] Phil Williams, "Warning Indicators and Terrorist Finances," in Terrorism Financing and State Responses, ed. Jeanne K. Giraldo and Harold A.Trinkunas ,Stanford, CA: Stanford University Press, 2007,p. 81

Liberation Front) го објавиле весникот Венеремос (иако со ограничено читателство).[64] Денеска, основните глобални комуникациски способности се прилично евтини, тоа е евтино на нивото како да се има компјутер, пристап до интернет, и некои веб софтвери за креирање веб-сајтови, но групите стануваат се пософистицирани. На пример, Ас Сахаб тајно создава и објавува бројни, висококвалитетни видео продукти во името на Ал Каеда. [65] Најсложена и најсофистицирана комуникациска мрежа можеби е таа на либанската шиитска група Хезболах, која е сопственик и управува со сателитскиот телевизиски канал Ал Манар, одржува веб сајтови на англиски, француски и арапски јазик, па дури создаде и свои видео игри насловени како Специјални сили (Special Forces) и Специјални сили 2 ( како начин и можност да регрутира помлади членови за нивната кауза).

- Операционални ресурси – терористите бараат оружје за да спроведат насилство, тука спаѓа се од евтини ножеви па се до оружје за масовно уништување. [66] Заедно со ова оружје доаѓаат и трошоците за негова набавка, транспорт и складирање на истото. Ако оружјето е внатрешно стекнато тогаш е создадено во самата организација и наместо да се купи или украде, ќе биде потребно да се поседуваат работилници и лаборатории за развивање на тоа оружје. Ова значително придонесува за големината и сложеноста на терористичката организација.[67] Ако оружјето може да се купи, тогаш тоа значи дополнителен трошок за користење на црниот пазар. Транспортот на терористите и нивното оружје до и од целта (или само до целта ако станува збор за самоубиствен бомбашки напад), со автомобил или авион е исто така потреба. Исто така, ќе бидат потребни безбедни куќи за планирање и организирање на нападот, и безбедна локација за криење на сторителите после нападот,под претпоставка дека тоа не е самоубиствена мисија . Во зависност од комплексонста на нападот, може да бидат потребни и низа други материјални средства, вклучувајќи лажни докумнети, лаборатории за производство на оружје или контрамерки на законските активности, како и разузнавачка опрема.

[64] Hoffman, Inside Terrorism, Columbia University Press:2006,p. 200.
[65] Michael Moss and Souad Mekhennet, "An Internet Jihad Aims at U.S. Viewers," New York Times (October 15, 2007).
[66] "National Military Strategic Plan for the War on Terrorism,"p 17–8.
[67] R. Kim Cragin, Sara A. Daly, The dynamic terrorist threat,RAND Corporation,2004.

### 3.3.3.Нематеријални добра

Терористичките организации имаат потреба од седум категории на нематеријални добра, и тоа : оперативен простор, оперативна сигурност, разузнавање, политички или идеолошки наратив, командна и контролна структура, база за регрутација како и обука и експертиза.

- Оперативен простор – оперативниот простор ,исто така познат како засолниште, е времето и просторот потребен за планирање, обука и извршување напади. Тоа е најважниот нематеријален ресурс бидејќи без тоа операциите се невозможни. Тоа може да биде една мала "убава куќа", или можеби стан во урбана средина, или фарма далеку од љубопитните очи на соседите. Се додека таа локација останува тајна за локалните надлежни органи, таа локација останува безбедна. Другите поголеми оперативни простори ги вклучуваат бегалските кампови, универзитетските кампуси, земјишните поседи на терористичката организација, верските објекти, па дури и затворите. Овие средини се местото каде луѓето може да се среќаваат, живеат, регрутираат, организираат и спроведуваат барем минимална обука. Голем број локации може да бидат забранети или ограничени за локалните власти. На пример, дефинираниот атрибут на либералната демократија – имотните права и сопственоста, може да бидат ограничени до одреден степен на тој начин што и властите нема да можат д интервенираат. Исто така повеќето култури се чуствителни на спроведувањето на законот или собирањето на разузнавачки податоци во светите места, а ваквите ставови често се поткрепени со законска регулатива. Па така, дури и во авторитарните држави, терористичките организации можат да си најдат своја црква,, џамија или синагога како нивна корисна локација. Овие помали оперативни простори може да бидат доволни локации за краткорочни терористички кампањи или за релативно ниско ниво на напади. За терористичките организации со голем кадар на борци или оние кои планираат повеќе пософистицирани напади, ќе биде потребен поголем простор за подолгорочна кампања. [68] Поголемите организации имаат потреба од простор

[68] Ibid.

за да ги заштитат лидерите, да ги приспособат борците, и да складираат оружје, па за тоа ќе биде потребна област со големина од неколку соби па дури и неколку згради. Откако еднаш ќе започнат нападите, надлежните органи активно ќе се вклучат во потрага по организацијата, и само прашање на време е кога надлежните органи ќе откријат и испрашаат некои од члeновите, и со откривање на безбедната куќа организацијата почнува да се распаѓа. Поголемите и посложени форми на засолништа ќе им бидат потребни на поголемите организации, особени оние кои се цел на разузнавачките агенции и надлежните органи. Една опција е да се користат "сивите зони" : делови од пропаднати држави, области контролирани од страна на терористички сојузнички организации или во некои околности, целата држава. Во западните земји тоа се таканаречените гета каде не владее законот. Друга опција за терористичките организации е да најдатдржава која ќе биде подготвена да им обезбеди засолниште, и во таа точка овие групи стануваат државно спонзорирани терористички организации. Поседувањето засолниште, значително ги подобрува шансите дека терористичката организација ќе опстане, особено ако е нова, со што се зголемуваат можностите за раст на нивните способности.

- Операционална сигурност – терористите мора да се потрудат да ги држат безбедносните сили подалеку од откривање на нивните планови, членови и локации, за да можат да опстанат се до моментот кога ќе бидат откриени од надлежните органи. Терористичките организации ќе обезбедуваат значителни ресурси со цел да ја одржат нивната безбедност. Ова може да се оствари преку ќелиска структура, каде што еден или неколку членови го знаат идентитетот на другите членови во таа ќелија, вклучувајќи ги и оние на повисокото ниво во синџирот на командување. Или пак, опертивната сигурност може да се стекне со креирање на многу лабави и аморфни мрежи. Покрај тоа организациите ќе потрошат ресурси за обука на ченовите и одржување на добра оперативна безбедност, како што е еден прирачник на Ал Каеда откриен во Обединетото Кралство , каде се наоѓаат совети за тоа како да се воспостават безбедни куќи,

обезбедување покритие, и дејствување во текот на распитот. [69] Како што интернетот стана основно средство за комуникација во рамките и меѓу терористичките организации, заштитата на овие комуникации е исто така примарна. На пример, Глобалниот исламски медиумски фронт обезбедува алатки за енкрипција со цел да ги заштити комуникациите на сите движења на Ал Каеда, заменувајќи ја енкрипцијата која фромално се користи. [70]

- Разузнавање – разузнавањето е информацијата која им е потребна на терористите за да ја идентификуваат потенцијалната цел, да испланираат методи за напад, и правилно да го разберат одговорот од пошироката публика (по извршување на нападот). [71] Тоа исто така ја вклучува и внатрешната безбедност на своите членови за да се минимизираат шансите за нелојалност, или инфилтрација од страна на полицијата или непријателските групи.[72] Колку е потребно разузнавањето, и ресурсите вложени за да се оствари тоа, е поврзано со комплексноста на нападот. За едноставен напад од страна на локална терористичка организација, возењето или движењето во областа, можеби надополнето со интернет пребарување, може да биде доволна разузнавачка активност. Ако целта се наоѓа на значително растојание и е добро чувана и добро обезбедена за да одбие напад, во тој случај ќе бидат потребни повеќе средства. Разузнавањето може да се базира на човечки извори, извидување, надзор и објавени материјали. [73] Но, интернетот има се поголема важност во овие активности. На пример, Палестинската терористичка група Ал Акса маченичка бригада, признала дека го користела Google Earth за да и помогне при утврдувањето на целите за ракетни напади, и британските официјални лица тврделе дека групите поврзани со Ал Каеда исто така го користат веб сајтот за да ги лоцираат потенцијалните цели во британските бази околу ирачкиот град Басра.[74]

---

[69] Ibid.
[70] Abdul Bakier Bakier, "G.I.M.F. Develops Defensive and Offensive Software for Jihadi Operations," *Terrorism Monitor* 5, no. 18 (September 27, 2007), http://www.jamestown.org/terrorism/news/article.php?issue_id=4243
[71] R. Kim Cragin, Sara A. Daly, The dynamic terrorist threat,RAND Corporation,2004. P.50.
[72] . "National Military Strategic Plan for the War on Terrorism," p.17.
[73] Ibid.
[74] . Clancy Chassay and Bobbie Johnson, "Google Earth Used to Target Israel," Guardian (October 2 5, 2 007), http://www.guardian.co.uk/technology/2007/oct/25/google.israel/print .

- Политички и идеолошки активности - Неопходни материјални добра се ресурсите за ширење на пораката на терористичката организација, но како нематеријална компонента терористите треба да имаат порака која ќе ја емитуваат. Без политичка или идеолошка сторија која го оправдува постоењето на организацијата и причината за нивните напади, таквите напади ќе бидат сфатени само како криминалитет или лудило. Идеолошката порака зад терористичката група ги мотивира нејзините акции, ги обединува членовите, ја поврзува организацијата со заедниците во чие име таа тврди дека се бори, и инспирира поединци да обезбедат материјални ресурси за истата.[75] Публицитетот и овозможува на групата да ја промовира својата идеологија и да ги рекламира своите пораки на различна публика.[76] Стекнувањето поддршка, финансиска или друг вид, не само да се оствари туку мора и да се постигне преку организациски напори и информативни кампањи. На тој начин, добро организираните групи кои можат да рашират пораката и да обезбедат дека нападите ќе бидат сразмерни со јасната стратегија, се во подобра позиција да го направат ова за разлика неорганизираните групи. [77] Клучниот случај за улогата на идеолошка сторија за терористичко движење е Ал Каеда. Научниците и политичките документи ја опишуваат идеологијата како центар на гравитација во борбата против терористичките организации како Ал Каеда. Ал Каеда ја разбира важноста на идеологијата за својот континуиран успех, и е внимателни при своите цитати од Куранот и ги почитува исламските научници за да ја зајакне легитимноста на своето движење. Тие ја користат идеологијата за промовирање на Западот како зло, а себе си се претставуваат како авангарда против овие светски зла. Како последица на тоа, потенцијалните симпатизери се во можност да најдат објаснување за светот каков што е денес и да одговорат на неправдата. Покрај тоа, идеологијата и овозможува на Ал Каеда да преброди некои значајни успеси на силите за борба против тероризмот, како што убивање или заробување на лидери, бидејќи тогаш Ал Каеда тврди дека не може да биде поразена од причина што не се заснова на поединци туку на идеите во кои

[75] "National Military Strategic Plan for the War on Terrorism," p.18.
[76] R. Kim Cragin, Sara A. Daly, The dynamic terrorist threat,RAND Corporation,2004. P.37.
[77] O'Neill, Insurgency and Terrorism,Potomac Books : 2005. P.439.

веруваат.[78] Ова и дава на организацијата неверојатна еластичност. Се додека Ал Каеда може да се пожали кај истомислениците во муслиманскиот свет, поддршката и оперативните ќелии може да се регенерираат.[79] Кога идејните основи на Ал Каеда ја изгубија својата моќ, тие набргу се најдоа загрозени од другите организации и нивните лидери за превласт во рамките на поголемото џихадистичко движење. Ова пак ќе доведе до опаѓање на регрутацијата и намалување на ресурсите, и на карај до смрт на организацијата.

- Командна и контролна структура – терористичките организации имаат потреба од раководство, односно средство за контрола на членството, како и можноста за замена на клучните фигури во организацијата при евентуални нивно фаќање, смрт или дезертирање. Лидерството обезбедува мотивација и енергија која е потребна за да се напредува кон одредена цел, како и да ги надгледуваат и имплементираат плановите на организацијата. [80] Без добро лидерство, членството, обуката и експертизата ќе бидат бескорисни. Оваа улога е особено важна во терористичките организации, поради тоа тие често се предводени од харизматични лидери, наместо од некој вид на внатрешна демократија или акциона комисија.[81] Покрај тоа, групите бараат борд на лидери ,обучени и подготвени да преземат поголема одговорност доколку е потребно, и заедно со командата и контролата да планираат ,координираат и да ги извршуваат своите напади. Клучен пример за еластична командна и контролна мрежа е Ал Каеда, која и покрај најголемата светска кампања против неа, досега успеа да опстане. [82] Всушност, од 11/09, Ал Каеда има направено многу ,и притоа доживува процес не оживување кој што и носи невиден раст , како во својата организација така и во другите нејзини поврзани движења. Потврда за тоа е зголемениот број на странски борци во Авганистан и Пакистан. Врз основа на пресметките, САД и сојузничките сили сведочат за "надпросечен степен на извештаи за вклученоста на

[78] Bin Hassan, "Key Considerations in counterideological work against terrosist ideology", Studies in conflict and terrorism, 2006,p.533.
[79] Gunaratna, Inside Al Qaeda: Global Network of Terror, New York: Berkley Books, 2002, p.232.
[80] "National Military Strategic Plan for the War on Terrorism," p.14.
[81] R. Kim Cragin, Sara A. Daly, The dynamic terrorist threat,RAND Corporation,2004,p.32.
[82] Suniya S. Luthar, Dante Cicchetti, and Bronwyn Becker, "The Construct of Resilience: A Critical Evaluation and Guide for Future Work," Child Development 71, no. 3 (2000).

странските борци"[83], во Авганистан , и се покажало дека тие се поекстремни дури и од талибанските militанти. Во Ирак, врз основа на запленетите административни евиденции на Ал Каеда, САД идентификувале над 600 лица кои дошле да се борат во името на групата и нивните поврзани движења од Либија, Мароко, Сирија,Алжир, Оман, Јемен, Тунис, Египет, Јордан, Судиска Арабија па дури и Белгија, Франција и Обединетото Кралство.[84] Со овие дополнителни борци Ал Каеда била во можност да промовираат џихад на голем број фронтови , како Велика Британија, Индонезија, Ирак, Авганистан.

- Регрутациона база – поседувањето на база со квалификувани потенцијални регрути е можеби една од најважните ресурси на организацијата што ќе придонесе да нивното опстојување. За да расте, организацијата мора да регрутира членови побрзо од нивната стапка на загуби. Всушност, една од причините за спроведување на нападите е да се поттикне регрутирањето на повеќе членови.[85] И покрај тоа што основната цел на тероризмот е да посее страв меѓу луѓето, терористичките организации исто така сакаат и да ги публикуваат своите дела на можните поддржувачи. Имено, целна група може да бидат одредени општествени слоеви, работници или пак обесправените луѓе од Третиот свет, со надеж за привлекување на нивните симпатии и мобилизирање на истите.[86]
- Експертиза – како и во било која организација со интензивни вештини, важен ресурс е човечкиот капитал. Терористичките групи ќе мора да ги обезбедат своите членови со технички вештини , со кои ќе можат да изведуваат операции, вклучувајќи го и изработувањето на бомби, ракување со оружје, како и оперативни безбедносни техники. Покрај тоа ,организациите мора да обезбедат и обука за функциите на поддршка како што се документите за набавки или фалсификати, набавка и производство на оружје, шверц, маскирање, трошејќи значително ресурси за да се оствари

[83] David Rohde, "Foreign Fighters of Harsher Bent Bolster Taliban," New York Times, October 30, 2007.
[84] http://www.ctc.usma.edu/harmony/pdf/Sinjar_2_July_23.pdf.

[85] R. Kim Cragin, Sara A. Daly, The dynamic terrorist threat.RAND Corporation,2004.p.34.
[86] Bonnie Cordes, "When Terrorists Do the Talking", RAND Corporation, August 1987. P.154.

сето тоа. [87] На пример, Палестинската ослободителна организација им наплаќала на другите терористички групи, како што се италијанските Црвени бригади и аргентинските Монтенероси по 5000-10000 долари за 6-10 неделна обука во 1970-тите.[88] Оваа обука може да се спроведува во терористички кампови за обука или во други ад хок места, преку виртуелна обука (како на пример употреба на ДВД или интернет извори), или преку искористување на легалните програми, како што е испраќање на терористите самоубијци во училишта за пилоти или на курсеви за боречки вештини. [89] Се поголемата комплексност на организацијата и се поголемиот број на членови, бараат и повеќе ресурси кои ќе бидат наменети за тоа. Просторот и безбедноста при обуката е главна причина за барање засолништво. Доколку немаат пристап до тоа , групите ќе користат она што им е при рака. На пример , Мустафа Сетмариам Насар, попознат како Абу Мусаб aj Сури, еден од водечките идеолози на Ал Каеда , изработил монографија на 1600 страници за организирањето на движењето на Ал Каеда од загубата на нивното засолниште во 2001 година , со фокус на формирање на нови групи и виртуелна обука преку видеа и интернет. Тој истакнал дека "обуката може да биде во тајни куќи ,станови или спортски сали". Овие мерки, сепак, се само преодни мерки се додека Ал Каеда повторно не се здобие со засолништа кои ќе соодветствуваат по големина и безбедност за условите во Авганистан. Парите ,материјалните добра и нематеријалните добра се минималните барања за да може терористичката организација да спроведува насилство. Ако било кој од овие ресурси значително се намалува, тогаш на самата организација и се заканува истребување.

[87] R. Kim Cragin, Sara A. Daly, The dynamic terrorist threat,RAND Corporation,2004,p.38-40.
[88] Ray S. Cline and Yonah Alexander, Terrorism: The Soviet Connection (New York: Crane Russak, 1984), p.62.
[89] Phil Williams, "Warning Indicators and Terrorist Finances",Strategic Insights,Volume IV,Issue 1 ,2005,p.80.

# 4. ИЗВОРИ НА ФИНАНСИРАЊЕ НА ТЕРОРИСТИЧКИТЕ ГРУПИ

Рководството на терористичките организации бараат ресурси кои имаат најдобри и најсоодветни аспекти : поддршка која е едноставна и не бара премногу експертиза за пристап и користење; обезбедување од откривање или одземање од страна на законот или другите субјекти кои сакаат да и наштетат на терористичката организација; и пристап до големи количини на ресурси без да се вложи премногу напор за да се постигне тоа.

Не постои лесен и безбеден начин за да се стекнат, движат и чуваат ресурсите, така што терористичките групи ќе треба да ги балансираат специфичните опции за ресурси кои им се достапни, со надеж дека ќе ја најдат вистинската комбинација, која во најмала рака ќе им овозможи да одржуваат прифатливо оперативно темпо, или што е уште подобро, да ја засилат својата кампања. За да ги задоволат своите потреби, терористичките организации имаат "мени" на опции. Исто како што менито во ресторан може да го ограничи изборот , но не и да го одреди (што ќе се избере од тоа мени), на тој начин функционира и ова мени на терористите. Кога еднаш ќе биде избран еден ресурс, со тек на време тоа ќе влијае на однесувањето на организацијата.[90] Линијата на зависност се јавува, во случај кога алтернативните стратегии се заштитени или забранети, иако оригиналниот тек на акцијата има значителни потешкотии.[91]

Снабдувањето со ресурси или финансии на терористите е вградено во поголемите меѓународни монетарни и трговски режими, и тие се водени и контролирани од овие режими. На пример, глобализацијата на меѓународниот монетраен систем отвори низа можности за терористичките организации да се здобијат, да ги перат и да ги користат финансиските ресурси на глобално ниво, давајќи им потенцијал за пристап до финансикси средства и други ресусрси речиси во секое време и на секое место. Во исто време, поголемите меѓународни монетарни системи одговориле на предизвикот правејќи ја употребата на системот од страна на терористичките групи се потешка, како што е проведувањето на препораките на ФАТФ (Financial Action Task Force) за борба против перењето пари и финансирање на тероризмот. Ова ги принуди терористичките групи да ги

[90] Robert O. Keohane, International Institutions and State Power, Boulder,CO: Westview Press, 1989,p. 6.
[91] Paul Pierson, *Increasing Returns*, The American Political Science Review,Vol.94, No.2,June,2000,p.252.

модифицираат нивните практики ако сакаат да го продолжат лесниот пристап до фондовите.

## 4.1. Варијации во терористичкото финансирање

Кој тип на финансирање ќе го изберат терористичките организации се базира на четири карактеристики.[92] Првата е претставена со групните карактеристични (или лесно стекнати) способности. На пример ако групата може да смета на некои членови кои се вешти во измамата со кредитни картички, тогаш ова може да стане основно средство за финансирање. Вториот аспект лежи во можностите кои се на дофат на рака. На пример, ако организацијата најде богати поддржувачи подготвени да обезбедат широк спектар на ресурси, тогаш групата ќе има голема предност. Другата карактеристика се наоѓа во влените трошоци, кои можат драстично да се разликуваат врз основа на видот на претпријатието. Пред 11/09, користењето на добротворните донации имаше ниски влезни трошоци, додека пак денес таа практика, сеуште користена од терористичките групи, постигна значително повисока цена. Четвртиот аспект се потребите на организацијата во целост, како и барањата за специфични операции. За организацијата како целина, потребите се базирани на предвидената долговечност на групата, нејзината големина, нејзините цели, како и "шопинг листата" на предмети кои се потребни за одредени напади кои треба да се спроведат.[93]

Кога станува збор за севкупното финансирање, терористичките групи може да ги набават, пренесат и складираат нивните ресурси на три основни начини. Првиот начин е да им се дадат средства, во форма на државно спонзорство, од друга терористичка група или од донации. Вториот начин да се дојде до средствата е по пат на кражби, во склоп на криминални организации. Третиот начин е да се заработат, по пат на легални бизниси или финансиски вложувања, но со пренасочување на приносите од овие активности во финансирање на тероризмот. [94] Терористичките организации користат различни методи за да ги исполнат нивните финансиски потреби. Ова финансирање се остварува преку

[92] John T. Picarelli and Louise I. Shelley, "Organized Crime and Terrorism," in *Terrorism Financing and State Responses*, ed. Jeanne K.Giraldo and Harold A. Trinkunas (Stanford, CA: Stanford University Press, 2007).

[93] Nikos Passas, Terrorism Financing Mechanisms and Policy Dilemmas, in *Terrorism Financing and State Responses*, ed. Jeanne K.Giraldo and Harold A. Trinkunas (Stanford, CA: Stanford University Press, 2007), p.32

[94] Raymond W. Baker, *Capitalism's Achilles Heel: Dirty Money and How to Renew the Free-Market System*,Hoboken, NJ: John Wiley & Sons,2005,p. 120

државните спонзорства, криминал, донации и хуманитарни организации, инвестирање во легитимни бизниси и финансиски инструменти, заедно со перењето пари и "повратното" перење пари за да се сокријат изворите и дестинациите на тие средства.

Финансирањето на тероризмот може да се подели во систем на три нивоа : активности кои се остваруваат за да се заработат пари, стратегии за пренос на парите од локацијата каде што се добиваат до таму каде што ќе се складираат , и нивно складирање до моментот на употреба. Овој систем потоа проценува дали станува збор за внатрешни или надворешни пари или други средства за терористичката група. Овие средства се собираат, пренесуваат и складираат во рамките на организацијата, а потоа тие мора да се пренесат на некои лица надовр од организацијата, како што се комерцијалните банки.[95]

Ал Каеда заработува пари од внтаре преку личното богатство на Осама бин Ладен, преку надворешни компании контролирани од нив, и преку средствата донесени од други членови на организацијата. Потоа овие пари се пренесуваат внатрешно преку масовен шверц на пари благодарение на нејзините оперативци  и со исплата преку нејзините параван компании. Исто така парите може да бидат складирани или чувани внатрешно со депонирање на парите во банки блиски на групата или контролирани од неа. Овие внатрешно генерирани приходи или други средства од вредност никогаш не ја испуштаат непосредната контрола од Ал Каеда.[96]

Ал Каеда исто така, користи и надворешни извори за своите финансиски потреби. Парите заработени преку добротворни прилози и од приноси од инвестиции  сите рутински се пренесуваат преку екетронски трансфер или други деловни трансакции кои се дозволени од легалната трговија и монетарната политика. Средствата потоа се чуваат на банкарските сметки, акции, обврзници и недвижности. Она што ги разликува надворешните извори на финансирање од внатрешните е што првите (надворешните) не се целосно контролирани од страна на Ал Каеда. На пример, банкарските сметки можат да бидат замрзнати,

[95] Овој систем е креиран од страна наСтив Кисер. Пошироко за системот види во : Steve Kiser, "Financing Terror: An Analysis and Simulation for Affecting Al Qaeda's Financial Infrastructure" (RAND, 2005), p.25.
[96] Ibid., 26.

различни бизнис трансакции може да бидат направени нелегално, и донаторите може да изберат да ги пратат своите средства на друго место.[97]

Различните начини на финансирање на тероризмот идентификувани во овој систем се наведени во табела 1. Првите три колони ги илустрираат специфичните методи за финансирање кои ги користат терористичките групи за да се здобијат со средствата потребни за да преживеат и да работат, за да ги пренесат таму каде што се потребни, или да ги чуваат за понатамошна употреба (или пак комбинација од нив). Оваа категоризација исто така нагласува дали процесот на финансирање е внатрешно или надворешно контролиран од страна на терористичката организација. Табелата се фокусира не само на парите туку и на материјалните и нематеријалните добра и како тие можат да се донесат во организацијата. На пример параван компаниите може да се користат за да го пренасочат профитот од сите бизниси до терористичката група и да ги добијат средствата кои им се потребни. Некои од вработените во рудниците, на пример, може да бидат во ситуација да ја искористат својата позиција за да набават експлозиви, кои во краен случај може да се искористат за бомби.

Табела 1. Варијации во финансирање на тероризмот

| Извори | Набавка | Пренос | Складирање | Внатрешни | Надворешни |
|---|---|---|---|---|---|
| Државно спонзорство | * | * | | | * |
| Шверц | * | * | | * | |
| Измама | * | | | * | |
| Грабежи | * | | | * | |
| Киднапирање | * | | | * | |
| Наркотероризам | * | | | * | * |
| Обука | * | | * | * | * |
| Добротворни донации | * | | * | * | * |
| Дијаспора | * | * | * | * | * |
| НВО | * | * | * | * | * |
| Параван компании | * | * | * | | * |
| Банки | * | * | * | * | |
| Е-банки | | * | * | | * |
| Перење пари | | * | * | | * |

[97] Ibid

Дали групата ќе избере да ги добие, пренесе и складира средствата внатрешно или надворешно , сепак доаѓа со свои предности и недостатоци. Надворешното финансирање значи дека организацијата не мора да посвети време, ресурси или персонал за да ги врши тие активности. Особено во случај на меѓународно банкарство или трговски системи, кои се веќе глобални, релативно лесни за пристап, сигурни и добро разбрани од страна на оние со бизнис позадина. Се разбира, овие атрибути се применливи само додека овие различни сметки и финансиски трансакции се тајни, што не доведува до првиот недостаток на надворешните финансии, кои откако еднаш ќе бидат откриени, овие средства може да бидат замрзнати, запленети, украдени или на друг начин недостапни за терористичката група.

Со користење на интерни ресурси мрежата има предност во зачувувањето на максимална автономија, доколку организацијата во никој случај не се потпира на надворешни донатори, но мора да бидат вложени значајни средства за организацијата да може да воспостави интерни системи за финансирањеи да се пронајдат квалификувани членови кои ќе ги водат тие процеси. Финансиските операции, исто така, имаат потенцијал да ја попречат оперативната безбедност на групата. На пример, имањето членови кои се дел од параван компании, значи дека овие оперативци се во контакт со јавноста, владини агенции или банкарски системи, сите со потенцијал да ја компромитираат организацијата и да ја доведат во прашање нејзината безбедност. Ако терористичката група се финансира себе си преку криминални активности, ова може да доведе до тоа да полицијата ги открие и да ги казни за тие кривични дела, дури и пред да биде извршен првиот терористички напад. Пример за тоа е Фатах ал –Ислам во Либан. Фатах ал – Ислам спроведувале обука на лица поврзани со Ал Каеда (вклучувајќи поединци од Европа и Северна Африка) од бегалскиот камп Нахр ал – Барид од Триполи, Либан.[98]

Терористичките организации се соочуваат губиток ако се одлучат на баланс помеѓу внатрешните и надворешните извори. Надворешното финансирање може да биде полесно , но тоа ја подразбира и можноста за губење на автономијата. Внатрешното финансирање овозможува организацијата да биде целосно самодоволна, но тоа е уште потешко и ги зголемува шансите за откривање од страна на полицијата.

[98] http://jamestown.org/terrorism/news/article.php?articleid=2373446

#### 4.1.1. Државно спонзорство

Државната поддршка за тероризмот е важен дел од финансирањето за многу терористички организации. Државите го спонзорираат тероризмот од три причини : терористичката група може да им послужи на стратешките интереси на државата спонзор, за идеолошки причини, или за државниот врв да ја зајакне својата позиција на домашен терен. Државите ги обезбедуваат следните категории на финансирање на терористичките организации : обука и операции, пари оружје и логистика, дипломатска поддршка, помош во почетната органиазција на групата, идеолошка насока и засолништа. [99]

Државното финансирање има значителни предности во терористичката организација. Најважната поддршка која државите можат да ја обезбедат е засолниште, што може да ја превенира или заштити организацијата од уништување од страна на контратерористичките сили, со што значително се зголемуваат шансите за опстанок на групата. Покрај тоа почетната поддршка со оружје и пари може да обзбеди поттик за организацијата, а со тоа и зголемување на шансите за опстанок.

Постојат и некои недостатоци кога станува збор за прифаќањето на државната помош. Најголема цена која ја плаќаат терористичките организации, при добивањето на државната поддршка, е тоа што тие губат значителна слобода во дејствувањето. Државите им даваат голем број на ограничувања на терористичките групи во замена за нивната помош, и тоа се случува поради многу причини. Прво и најважно, државите се плашат од одмазда од непријателските држави поради нападите на терористичката организација. Второ, државите не сакаат активностите на терористите да доведат до непосредна воена акција. Трето, терористичките организации не се секогаш сигурни, и тие се познати по тоа дека ги менуваат страните. Четврто, државите сакаат да го ограничат наштетувањето на нивната репутација. Петто, државите може да гледаат на терористичките организации како потенцијална закана за нивните интереси, доколку станат премногу моќни. Шесто, државите можат да се справат со терористичките организации или да ги активираат во целост, во зависност од тоа дали е во интерес на државата да се направи така.[100] Покрај

[99] Daniel Byman, "Deadly Connections: States that Sponsor Terrorism",New York Cambridge University Press,2007,p.59-66.

[100] Daniel Byman, "Deadly Connections: States that Sponsor Terrorism",New York Cambridge University Press,2007,p.49-51.

тоа, странската помош, може да предизвика терористичката организација да ја игнорира локалната поддршка, па дури и да ја игнорира нејзината конститутивна база или избирачкото тело за кое би требало да се залага. Како резултат на тоа, барањето на странска поддршка може да ги продлабочи, а не да ги ублажи, слабостите на терористичката организација.[101]

### 4.1.2. Криминал

Денеска, криминалот навистина може да ги финансира терористичките организации, затоа што може да генерира огромни количини пари или други ресурси, често пати со мала закана од тоа дека ќе бидат уапсени или притворени, особено во држави со корумпирани или нефункционални органи на законот.[102]

На пример, уште во 1992 година се проценува дека светските приходи од криминалот се речиси еден трилион долари, иако не се знае точно колку од таа сума била насочена за финансирање на тероризмот.[103] Криминалот исто така овозможува набавка, пренос и складирање на средствата подалеку од љубопитните очи на надлежните органи.[104]

Сепак, постојат недостатоци кога се користи криминалот како извор за финансирање. Тоа би можело да фрли црна дамка на целите на терористичкото движење, загрозувајќи го неговиот легитимитет во очите на своите поддржувачи. Доколку надлежните органи го откријат криминалот, тоа може да доведе до откривање и фаќање на членовите на терористичката организација.[105] Организацијата , исто така, би можела да стане толку вмешана во криминал што може да го загуби политичкиот фокус и наместо тоа да се мотивираат од пари.[106] Тие исто така, самите би можеле да станат жртви на криминалните

---

[101] David C. Rapoport, "Introduction," in *Inside Terrorist Organizations*,ed. David C. Rapoport, *Cass Series on Political Violence*, London: Frank Cass, 2001,p. 4.

[102] Picarelli, John T.; Shelley, Louise, et. al. Methods and Motives: Exploring Links between Transnational Organized Crime and International Terrorism, National Institute of Justice Report, July 2005, p.40.

[103] Rachel Ehrenfeld,Funding Evil: How Terrorism Is Financed—and How to Stop It ,Chicago: Bonus Books,2003,p.3.

[104] Picarelli, John T.; Shelley, Louise, et. al. Methods and Motives: Exploring Links between Transnational Organized Crime and International Terrorism, National Institute of Justice Report, July 2005, p.3.

[105] Jeanne K. Giraldo and Harold A. Trinkunas, "The Political Economy of Terrorism Financing," in Terrorism Financing and State Responses, ed.Jeanne K. Giraldo and Harold A. Trinkunas (Stanford, CA: Stanford University Press, 2007), p.18.

[106] Jeanne K. Giraldo and Harold A. Trinkunas, "The Political Economy of Terrorism Financing",Stanford University Press, 2007.

организации, како во случајот во 1993 година, кога Осама Бин Ладен потроши 1,7 милиони долари наводно за ураниум на црниот пазар , но наместо тоа добил црвена жива.[107] Како што истакнуваат Жан Гиралдо и Харолд Тринкунас "… дури и терористите ризикуваат да бидат ограбени во високо глобализираното подземје во кое тие оперираат".[108]

#### *4.1.2.1 Криумчарење*

Криумчарењето може да биде особено корисно, бидејќи тоа дејствува во насока или како начин на добивање финансии и пренос на средствата до онаму каде што се потребни. Како дополнителен бенефит е тоа што придонесува во еродирањето на државната моќ.[109] На пример, Тамилските тигри од Шри Ланка стекнаа значителни финансии преку трговијата со луѓе, наплатувајќи помеѓу 18 000 и 32 000 долари за секој човек кој тие го прошверцувале од Шри Ланка за Индија или на Запад.[110]

Криумчарењето буквално го олеснува движењето на парите во готовина (кеш). На пример, Џамал ал Фадл, финансиер на Ал Каеда се до неговото бегство, сведочел на судењето за бомбашките напади на амбасадата во 1998 година, дека му биле дадени пари за да ги транспортира или до местата каде се изведувале операциите или на локации каде готовината може да се стави во меѓународниот финансиски систем со помал ризик. Ал Каеда обезбедува документи за патување на своите курири, како и адреса или опис на контактот кој треба да го сретнат на одредена локација.[111] Се верува дека парите се слеале како готовина во Каиро, патувајќи во караван од камили од Горен Египет преку Судан , па дури и пловеле со брод кој бил во сопственост на Осама бин Ладен од Порт Судан.[112]

---

[107] . Lawrence Wright, The Looming Tower: Al-Qaeda and the Road to 9/11,New York: Vintage Books, 2006, p.217–8.

[108] Jeanne K. Giraldo and Harold A. Trinkunas, "The Political Economy of Terrorism Financing",Stanford University Press, 2007.

[109] Loretta Napoleoni, Terror Incorporated : Tracing the Dollars Behind the Terror Networks, Seven Stories Press, 2004, p.178.

[110] Steve Kiser, Financing Terror : An Analysis and Simulation for Affecting Al Qaeda's Financial Infrastructure, Santa Monica, CA: RAND Corporation, 2005,p.56.

[111] Ibid., 96.

[112] Daniel Benjamin and Steven Simon, The Age of Sacred Terror: Radical Islam's War against America, New York: Random House, 2003,p.112–3.

Шверцот на пари ја има таа предност лесно да се претвори во било кој друг потребен ресурс, лесно прифатливи, целосно заменливи и комплетно анонимни.[113] Покрај тоа, со оглед на нерегулираните банкарски системи во многу делови на светот, готовината сеуште е "цар", бидејќи купувањето на скапи предмети со куфери со пари е сосема легитимно и нема да ги зголеми сомневањата. Сепак, шверцот на пари има некои значителни недостатоци. Големите количини на актуелните валути е тешко да се сокријат, а ако биде фатен курирот, тоа може да ги доведе истражителите да почнат да ги разоткриваат и другите аспекти на организацијата. Управните органи за меѓународниот монетарен систем , исто така, почна да го спречува шверцот на пари, со ФАТФ препораките барајќи од земјите членки да внимаваат на големите преноси на пари во кеш.[114] На пример, САД бараат трансакциски извештаи да се поднесуваат за било кои поголеми количини на пари користени во трансакции. Парите, исто така може лесно да се украдат; оттука терористите ја имаат менувано тактиката, со купување накит, недвижен имот, акции и обврзници, возила, мебел, антиквитети, или било кои други скапи предмети кои ќе ја одржуваат нивната вредност и ликвидност. Овие добра потоа се претвораат во пари , само кога е потребно.[115]

За профит може да се прошверцува речиси се. Еден од најпознатите случаи, како оној со фармата на Марфи, еден од најдоходовните извори на приход за Привремената Ирска Републиканска Армија (ПИРА). Оваа фарма се простира на границата меѓу Ирска и Северна Ирска, и преку манипулирање со царината и регулирање на валутите била во можност да се стекне со околу 250 000 до милион долари секоја година во корист на ПИРА. Една од шверцуваните стоки беа свињите,за Европската заедница (сега Европска Унија) која платила субвенции од околу 12 долари за животно извезено од Велика Британија во Ирска. Марфи и неговата група превезувале свињи до југот, ги пополнувале

[113] Maurice R. Greenberg, William F. Wechsler, and Lee S. Wolosky,"Terrorist Financing: Report of an Independent Task Force" (New York: Council on Foreign Relations, 2002), p.11.
[114] Види во see Financial Action Task Force (FATF) Special Recommendation 9: Cash Couriers in Schott, Reference Guide, Annex 6, 34–6.
[115] Karen Deyoung and Douglas Farah. "U.S. Agency Turf Battles Hamper Hunt for Untraceable Commodities," Washington Post, June 18, 2002.

царинските формулари, ги шверцувале назад во Северна Ирска а потоа ги реекспортирале одново и одново.[116]

Друг озлогласен пример се "Три гранични области" на Прагвај, Бразил и Аргентина. Областа е примарна рута за шверц со децении, за компјутерски делови, електронски компоненти, фалсификувани луксузни стоки, алкохол, цигари и украдени автомобили, и многу други стоки. Повеќе од 2 милијарди долари биле испратени во странство од ова тромеѓе во преиодот меѓу 2004 и 2005 година, и покрај тоа што не е познато колку од таа сума се слеало за финансирање на тероризмот, Мухамед Насер – лидер на локалната Либанска заедница ( за која се проценува дека се состои од околу 30 000 луѓе) признал дека локалните либански Шиити испраќале пари секој месец на Хезболах.[117] Парагвајскиот разузнавачки извештај од 2005 тврдеше дека околу 20 милиони долари биле собирани секоја година за финансирање на оперативците на Хамас и Хезболах во овој регион, а бизнис лидерите од либанските Шиити во областа биле под постојана истрага за врските со Хезболах и криминалните компании.[118] Хезболах, исто така биле вмешани и во голем број на други операции на шверц во светот. На пример, во септември 2007 година, петмина канаѓани биле обвинети од страна на службите на САД за превоз на цигари без царина, и лажна вијагра преку американско – канадската граница , чии месечни оперции обезбедувале 500 000 долари за Хезболах ( еден од обвинетите се изјаснил за виновен ).[119] Овие примери покажуваат дека се што може ќе биде шверцувано со единствена цел – профит.

#### *4.1.2.2. Измама*

Измамата на владите, исто така, може да биде профитабилно и криминално, и да ги вклучи терористичките организации. Предноста е дека може да биде добар извор на пари од самите влади кои треба да се разнишаат, но недостаток е фактот дека криминалните шеми може да бидат пресретнати од страна на полицијата и терористичката организација да биде откриена и разбиена.

---

[116] James Adams, The Financing of Terror, New York: Simon & Schuster, 1986,p.157.
[117] Thomaz G. Costa and Gaston H. Schulmeister, "The Puzzle of the Iguazu Tri-Border Area: Many Questions and Few Answers Regarding Organised Crime and Terrorism Links," Global Crime 8, no. 1 (2007):31–37.
[118] http://www.jamestown.org/terrorism/news/article.php?articleid=2374428
[119] http://www.canada.com/components/print.aspx?id=70dfb2cd-83ff-4f0f-b6db-f49f8c8b0228

Ситните измами и проневери може да обезбедат значителни суми. Најпознат терористички план беше измамата со цигари извршена од страна на двајцата браќа и членови на Хезболах, Хамонд во периодот помеѓу 1996 и 2000 година. Северна Каролина има 5 проценти данок на пакет цигари, додека Мичиген има данок од 75 проценти, па така тие (браќата Хамонд) транспортирале цигари од Северна Каролина во Мичиген и ги продавале по повисока цена, што резултирало со добивка од 8 до 10 долари по кутија или по околу 13 000 долари на комбе со цигари. За само 18 месеци биле заработени 7,9 милиони долари, кои биле реинвестирани во бизниси кои биле во сопственост на членови на Хезболах (испратени во готовина до Либан или пак искористени за купување на опрема за Хезболах).[120]

Измамите со кражба на идентитети им донесоа значителни финансиски средства на терористите. Најсуров останува фактот дека тројца мажи во Велика Британија се стекна со милиони долари преку кражба на идетитети за терористи поврзани со Ал Каеда. Повеќе од 37 000 украдени броеви на кредитни картички биле пронајдени во стан на еден од заговорниците во Западен Лондон , заедно со адреси на сопствениците на сметките, датуми на раѓање, кредитни салда, кредитни лимити, кои биле добиени со кражба на идентитети и дистрибуција на компјутерските вируси "Тројански коњ". Со овие броеви на кредитни картички, тие регистрирале повеќе од 180 интернет домени со 95 различни веб хостинг компании во САД и Европа. Тие исто така купиле уреди за глобално позиционирани сателитски уреди, очила за ноќно гледање, вреќи за спиење, при-пејд мобилни телефони, ножеви, шатори, и најмалку 250 авио билети за џихадистите кои се бореле со американците и сојузничките сили во Ирак. Тие ги користеле купените интернет домени за да им служат за пропагандата на џихадот преку веб сајтовите, за инструкции за правење бомби и за многу други нешта. Голем дел од средствата биле испрани преку 43 различни сајтови за онлајн коцкање.[121]

Секоја измам или проневера може да се искористи за да се добијат пари. Членовите на "Blind Sheik" групата на Омар Абдел Рахман, која го изведе бомбашкиот напад на Цветскиот трговски центар во 1993 година, направиле измам со бонови, при што го

---

[120] Douglas Farah, Blood from Stones: The Secret Financial Network of TerrorNew York, NY: Broadway Books, 2004,p. 161

[121] http://www.washingtonpost.com/wp-dyn/content/article/2007/07/05/AR2007070501945_pf.html

испраќале својот пријател трговец да им ги носи боновите на производителите, за нив земал пари и ги носел кај членовите на групата. Оваа група дошла до финансиски средства по пат на фалсификување на брендирана облека.[122] Исто така постоеле и случаи кога била крадена роба од продавници и истата продавана на интернет за пониска цена.[123]

### *4.1.2.3 Кражби*

Кражбите , понекогаш се нарекуваат "експропријација" или "револуционерен данок" и може да бидат многу профитабилни. Тие може да послужат во идеолошка и материјална смисла, во случај кога левичарските групи краделе или изнудувале од финансиерите или мултинационалните корпорации, надевајќи се дека на тој начин ќе се претставаат себеси како "Робин Худ" со тоа што крадат од богатите а им даваат на сиромашните. Ограбувањето на банките е еден од најистакнатаите форми на грабежи, бидајќи како што кажува познатиот ограбувач на банки Вили Сатон, "таму лежат парите".

Најпознат грабеж на банка каде била вклучена терористичка организација , се случил во Британската Банка на Блискиот Исток во 1976 година во Бејрут, Либан, како заеднички проект на Палестинската ослободителна организација и движењето Христијанска Фаланга. Ограбувачите им даваат инструкции на работниците и жителите на областа да не одат на работа , а потоа и ја затвораат областа. Тие успеале да влезат во Католичката црква во соседството преку тунел ископан во ѕидот. Не можејќи да го отворат сефот во црквата, ги повикале на помош членовите на италијанската мафија кои го разнеле сефот со динамит. Пленот проценет на 100 милиони долари бил поделена на неколку начини , од кои дел од средстават ПЛО ги инвестирала во странство, а дел биле користени од страна на високи членови на ПЛО на казино масите во Монте Карло. ПЛО исто така, ги злоупотребувале и банкарските сметки кои организацијата ги користела за уцена со години наназад. Во тоа време тоа бил грабеж доволно голем за да влезе во Гинисовата книга на рекорди како најголем грабеж на банка до тогаш.[124]

---

[122] Douglas Farah, Blood from Stones: The Secret Financial Network of Terror New York, NY: Broadway Books, 2004, p.163.

[123] http://washingtontimes.com/apps/pbcs.dll/article

[124] James Adams, The Financing of Terror, New York: Simon & Schuster, 1986,p.93.

#### *4.1.2.4 Киднапирање и откуп*

По грабежите, киднапирањето за откуп е можеби меѓу најкористените начини за да се стекнат пари. Кога се во прашање владите, тие реагираат на тој начин што често пати се движат по иницијатива на киднаперите и делумно се исполнуваат нивните барање се со цел да не се повредат жртвите. Откупот е исто така многу профитабилен, а во исто време и дава голем публицитет на групата.[125]

Всушност, стратегијата на киднапирање и откуп често има професионален призвук, со многу платени професионални групи и тимови за киднапирање кои го планираат и спроведуваат киднапирањето, како и професионални преговарачи. Потоа, сериските броеви на сметките користени при откупот се снимаат, и се развива друг процес за перење на овие средства.[126]

Киднапирањето беше фаворизиран и претпочитан начин користен од страна на левите италијански Црвени Бригади за да собираат пари во 1970тите и 1980тите. Познат пример ,според евиденцијата на групата, е киднапирањето на италијанскиот политичар Чиро Чирило за чиј откуп биле земени 2 милиони долари кои подоцна биле поделени меѓу Црвените Бригади и Камора (мафијашка организација во Италија). Во 1977 година откупот за Пјеро Коста бил искористен за купување на пиштоли, оружје и засолниште кое подоцна било искористено при киднапирањето и убиството на италијаскиот премиер Алдо Моро.[127]

Ал Каеда во Ирак користела киднапирање и откуп ( заедно со другите криминални тактики како автомобил бомби, фалсификување и изнуда) за да ги финансира своите операции таму.[128] Талибанците исто така користеле откуп од странците кои биле киднапирани за да купуваат орижје, како и 10 милиони долари откуп кои биле платени за да се ослободат 21 јужнокорејски христијански мисионери.[129]

[125] James Adams, The Financing of Terror, New York: Simon & Schuster, 1986,p.192-200.
[126] Ibid., 199–201.
[127] Ibid., 191–9.
[128] "Al-Qaeda Turns More to Extortion, Abductions to Fund Fight, United States Says," Associated Press (July 30, 2008).
[129] http://www.telegraph.co.uk/core/Content/displayPrintable.jhtml?xml=/news/2007/10/14/wtaliban114.xml&site=5&page=0

### *4.1.2.5 Наркотероризам*

Нарко тероризмот ги вклучува терористичките групи кои произведуваат, преработуваат или шверцуваат нелегални дроги, или пак групата е платена за да заштити други производни полиња, објекти или рути за шверцување. Нарко тероризмот е неверојатно профитабилен во слаби држави или држави во распаѓање, се спроведува речиси без ризик се додека не се зајакне локалната контрола или пак се спроведе надворешна интервенција.

Колумбиската левичарска група ФАРК наплаќала по 10% од добивката за да ги заштитат плантажите со кокаин во нивниот регион.[130] Перуанската група Светлечка патека исто така ја користи заштитата на кокаинските полиња за да стане самофинансирана терористичка организација. Локалните одгледувачи на кокаин во Перу биле платени однапред од страна на трговците со дрога, и тие биле принудени да го произведуваат кокаинот, или во спротивно им се заканувала сигурна смрт. Оттука, одгледувачите биле сигурни дека нема да бидат фатени од страна на полицијата, а Светлечката патека била способна да им понуди заштита на одгледувачите од трговците со дрога(најчесто од Колумбија) како и од полицијата.[131]

Друг пример е Исламското движење на Узбекистан во 1990тите кои контролираа 70% од количините на опиум и хероин кои се движеле низ Централна Азија. Со овие пари, Исламското движење на Узбекистан беше во можност да исплаќа плати од 100 до 500 долари месечно, што претставувало значителен приход за таква сиромашна област со многу висока стапка на невработеност. Како знак на добра волја бил и фактот што групата внимателно ги исплаќала сите материјали кои ги земала од локалните селани.[132]

Еден од најпознатите примери на нарко тероризам е Авганистан, каде според извештајот од 2007 на ООН , вкупната вредност од извозот на опојни дроги од Авганистан изнесувал околу 4 милијарди долари, и бил поделен меѓу бунтовниците, воените лидери и трговците со дрога. Учеството на Авганистан со 93% од вкупното производство на опиум во светот,

---

[130] James Adams, The Financing of Terror, New York: Simon & Schuster, 1986,p.216.

[131] Rachel Ehrenfeld, Narcoterrorism: How Governments around the World Have Used the Drug Trade to Finance and Further Terrorist Activity .New York: Basic Books, 1990, p.124

[132] Ahmed Rashid, Jihad: The Rise of Militant Islam in Central Asia ,New Haven, CN: Yale University Press, 2002,p. 165.

го прави најголемиот производител на наркотици во светот.[133] Помалку од 1% од опимут произведен во Авганистан е запленет, а напорите на Авганистан, САД и НАТО за борба против овој проблем има значителни недостатоци.[134]

#### *4.1.2.6 Терористички платеници*

Терористичките организации, исто така можат да ги изнајмат своите услуги на држави или други организации. Меѓу таквите организации е и озлогласената Абу Нидал. Во 1980тите , Абу Нидал е меѓу најрадикалните и најбезмилосните групи кои ги нудеа своите услуги на највисокиот понудувач. На почетокот како член на ПЛО и најверојатно поврзана со групата Црн Септември ( групата која го изврши масакрот на Олимпијадата во Минхен во 1972 година), во 1970 година Абу Нидал била испратена да биде локален претставник на ПЛО во Багдад, Ирак. Тоа бил моментот кога групата ја напушта ПЛО , наводно поради тоа што не била доволно радикална, и заминува да работи за ирачкото разузнавање.[135] Ирачаните им дале 4 милиони долари од средствата на Фатах (најголемата и најбогатата фракција на ПЛО) лоцирани во Ирак,15 милиони долари во оружје и бонус од 5 милиони долари. Но Абу Нидал исто така заработувале пари и преку изнудување и преку шверц на оружје. Во 1970тите повеќето од нивните операции биле насочени против другите арапски лидери, како што е обидот за атентат врз лидерот на ПЛО Јасер Арафат на состанокот во Мароко.

Терористите кои редовно ги нудат своите услуги на други организации , можат да ја променат нивната кауза од примарно политичка основа до финансиски мотиви. Како што стануваат се повеќе криминални, шансите за легитимитет кој го добиваат од јавноста со тек на време исчезнува, се до моментот кога ќе почнат да се перцепираат само како “насилници со оружје”.

[133] http://news.yahoo.com/s/nm/20071116/ts_nm/afghandc_1&printer=1;_ylt=AupzFG9t3_OdNwA2Q2MhSyRg.3QA

[134] http://www.nytimes.com/2 008/07/27/magazine/27AFGHAN-t.html
[135] Walter Laqueur, The Ageof Terrorism, Little Brown & Co (P); Reprint edition (May 1988),p.288.

### *4.1.2.7. Обука*

Обуката бара различни финансиски потреби. Таа е клучна нематеријална потреба за терористичката организација, и исто така може да биде средство за стекнување на финансии. ПИРА ги обучувала оперативците на ФАРК во областа на креирање бомби и урбани терористички тактики, генерирајќи на тој начин приближно 2 милиони долари. Во 1970тите ,камповите за обука на ПЛО беа примарни места за терористите од целиот свет, вклучувајќи ги ПИРА, баскиската националистичка група ЕТА, и колумбиската М-19. ПЛО не го правеле тоа поради терористичкото другарство, туку поради тоа што можеле да наплаќаат илјадници долари за секој практикант.

## 4.1.3 Донации и добротворни организации

Донациите од недржавни извори се дел од финансиите на терористичките организации, без разлика дали доаѓаат од индивидуални донатори или се собираат од добротворни организации. Како што наведува Џејмс Адамс "Без разлика на нечесните методи кои ги користат ,терористите ќе ги добиваат симпатиите поради причините кои ги прокламираат , а тоа се неправдите кои им се нанесени."[136] Покрај тоа, донаторите може да бидат излажани за нивните донации кога ќе им се каже дека парите се даваат на вдовиците и сирачињата наместо на бомбашите самоубијци. Но, некои донатори дури се и присилени да даваат парична помош на терористичките организации. По завршувањето на Студената војна, таквата невладина поддршка на терористичките организации се зголемила по обем и квантитет.

### *4.1.3.1 Богати донатори*

Поддршката од богатите донатори може да биде особено корисна во раните фази, бидејќи во тој период терористичката организација има најголема потреба од фондови и други ресурси, но има и најмалку подготвени соработници. Еден од најпознатите богати поддржувачи на терористичка организација е Осама бин Ладен, кој го користел своето наследство проценето на 20-30 000 000 долари плус неговата стипендија од приближно 1 милион долари годишно за Ал Каеда.[137] Тој дефинитивно не е единствениот. Шад Сундер,

[136] James Adams, The Financing of Terror, New York: Simon & Schuster, 1986,p.1.
[137] Peter. L Bergen, The Osama Bin Laden I Know ,New York: Free Press, 2006,p. 10.

богат тамилец кој живее во Калифорнијаи цврст поборник за самостојна Тамилска држава, наводно донирал околу 4 милиони долари на Тамилските тигри.[138] Овен тоа, таквите поддржувачи не се секогаш непознати лица кои живеат далеку. Пол Вотсон, член на радикалната еколошка група Sea Shepherd Conservation Society и кој поотна осум огромни бродови (еден португалски, два шпански, два исландски и три норвешки) тврдел дека добивал средства од Пирс Броснан, Мартин Шин, Кристијан Бејл, Јован Павле де Јориа (извршен директор на Пол Мичел), Ивон Шинард ( основач на Patagonia clothing) и Стив Вин ( управител на хотел и казино во Лас Вегас).[139]

### *4.1.3.2 Дијаспора*

Една од подгрупите на финансирањето преку донации е придонесот од дијаспората.[140] Дијаспората игра се поголема улога во финансирањето на политичкото насилство, и има свои одредени предности. Тоа е сигурна форма на поддршка и е малку веројатно дека ќе се намали или исчезне, а спротивно на тоа е поддршката од државното спонзорство. Ограничувањата против поддршката на дијаспората за терористичките организации од страна на државите домаќини е малку веројатна, бидејќи властите мора да потрошат значителни ресурси за да го запрат овој феномен , а притоа имаат мала корист за државата правејќи го тоа. Поддршката од дијаспората, сепак, има и свои недостатоци , според тоа што таквите групи можат да го калкулираат влијаните врз терористичката организација, да ја задржат поддршката или да ја пренесат на други групи од кои имаат бенефит, и типот на поддршка кој дијаспората може да го пружи често пати е ограничена, и оваа група не може да обезбеди сигурно засолниште или воени набавки.[141]

Тамилските тигри од Шри Ланка се особено истакнати во полето на поддршка од дијаспората, која го формира нивниот столб на финансиска поддршка. Тамилските тигри имале свои претставници во најмалку 54 земји од целиот свет и од таму го црпеле најголемиот дел од финансиите. Дел од дијсапората плаќала доброволно , но дел биле принудувани или заплашувани. Друг пример е седиштето на НОРАИД во САД, за кое се

---

[138] James Adams, The Financing of Terror, New York: Simon & Schuster, 1986,p35.
[139] Peter Heller, "The Whale Warriors," National Geographic Adventure, May 2006, p.63.
[140] Yossi Shain, "Ethnic Diasporas and U.S.Foreign Policy," Political Science Quarterly 109, no. 5 (1994–5): 814.
[141] Daniel Byman et al., Trends in Outside Support, RAND Corporation,2001, p.57.

верува дека има испратено 3 милиони долари на ПИРА во периодот 1970-1986 и уште 600,000 долари од 1986-1999 година.[142]

Парите кои доаѓаат од дијаспората може да зависат од акциите на терористичките организации, во смисла ако се спроведе некоја неславна операција дијаспората можеби нема да е подготвена да ја финансира истата. Пример за тоа се божиќните бомбардирања на стоковната куќа Хародс во Лондон од страна на ПИРА во 1983 година, после кои поддршката од НОРАИД во САД се намалила, а ирско- американските политичари се држеле на дистанца.[143]

#### *4.1.3.3 Невладини организации*

Невладините организации (НВО) , исто како и добротворните организации ги користат "добронамерните пари" за валкани цели. Ал Каеда е можеби најпознат, но не и единствен пример за тоа. Употребата на НВО не е е само средство за стекнување финансии преку донации, туку исто така е погоден начин за пренос и чување на тие пари. Една невладина организација ги обезбедува клучните способности како што се операциите надвор од нивните филијали, особено ако организацијата има меѓународно влијание. НВО филијалите исто така го обезбедуваат превозот, адресите, домувањето, вработувањето, личните карти и прифатливи причини за да се биде на одредена локација. Тие исто така можат да обезбедат пристап до легитимни банкарски сметки во кои треба да се движат парите.[144] Ако сите НВО се контролирани од еден центар, тогаш донациите во нив се речиси без трага, и големите суми на пари кои се трансферираат меѓу филијалите можат да предизвикаат малку сомневање.[145]

Контролирањето или поткупувањето на хуманитарните НВО има дополнителни предности. На пример, ако терористички симпатизер работи во хумнитарна невладина организација како што е Црвената полумесечина, тој вработен може да "гарантира" за да обезбеди лажна идентификација за терористичките членови, а може и да обезбеди превоз

[142] Steve Kiser, Financing Terror : An Analysis and Simulation for Affecting Al Qaeda's Financial Infrastructure, Santa Monica, CA: RAND Corporation, 2005,p.35-54.
[143] Loretta Napoleoni, Terror Incorporated : Tracing the Dollars Behind the Terror Networks, Seven Stories Press, 2004, p.33.
[144] Daniel Benjamin and Steven Simon, The Age of Sacred Terror, New York ,Random House,2002,p.144.
[145] Douglas Farah, Blood from Stones: The Secret Financial Network of Terror New York, NY: Broadway Books, 2004, p.130.

и засолниште за истите. Покрај тоа, хуманитарните НВО често имаат привилегии кои се недостапни за останатите членови на локалната популација, како на пример употреба на амбулантни возила, кои може да бидат употребени за тајно транспортирање на оружје и други материјали, или пристап до бегалски кампови и затвори, што ја олеснува комуникацијата меѓу терористичките членови. НВО можат да обезбедат и зголемување на поддршката на групата, што ќе резултира со поголем пристап до регрути.[146] Еден американски официјален претставник смета дека "Добротворните организации се најдобриот превез. Тие прават добри дела со едната рака, а со другата обезбедуваат пари и покритие за терористите."[147]

Добротворните организации може да се употребат на три начини. Една од нив е да се создаде од почеток или целосно да се преземе добротворната организација, што ја прави локален извор на финансирање. Донаторите може а и не мора да знаат кај кого одат донациите. Вториот начин е да се инфилтрираат во веќе оформени добротворни организации, на пример со преземање на една или повеќе филијали од поголема НВО. Третото и најниско ниво на инфилтрација во НВО е да се има неколку членови или симпатизери на терористичката организација вработени во таа НВО. На пример, членови на Ал Каеда сведочеле дека тие добиле идентификациони картички од добротворна организација од Најроби, Кенија при планирањето на бомбашките напади на амбасадата во 1998 година.[148]

### 4.1.4. Инвестирање во легитимни бизниси и финансиски инструменти

Еден од покомплексните начини на финансирање е по пат на серија на легитимни бизнис компании. Во својот наједноставен облик, терористичката органиација може да го насочи профитот од локалните бизниси кон терористичките операции, а може и да го користи истиот тој бизнис за да им помогне во добивањето или набавката на некои неопходни материјали. Суштината на бизнис-ориентираното финанасирање е тоа што овој процес подразбира претворање на "добрите пари во валкани". Само по себе, инвестирањето во акции, обврзници, недвижен имот, како и во бизнисите не се кривично дело и во суштина

[146] Daniel Byman, Deadly Connections : States that Sponsore Terrorism, New York, Cambridge University Press,2007,p.255.
[147] Douglas Frantz, "Possible Link Seen to U.S.-Based Charity and Al Qaeda," New York Times, June 14, 2002.
[148] Jessica Stern, Terror in the Name of God: Why Religious Militants Kill ,New York: Harper Collins, 2003,p. 273.

се сметаат за позитивни аспекти во капиталистичкото општество. За жал, терористичките организации можат да ги пренасочат легалните бизниси, трговијата и финансиските системи во средство за набавка пренос и складирање на финансиите.

Параван компаниите имаат голем број на предности слични на оние на невладините организации. Тие исто така, обезбедуваат пристап до вработувања, банкарски сметки, меил адреси, и покритие за престој. Тие имаат лесен пристап до меѓународната трговија и монетарните системи, а користењето на овие системи нема да предизвика сомневање. Тие исто така можат да го олеснат пристапот до некои критични компоненти за терористичките операции. На пример, параван бизнисите кои се вклучени во земјоделството и рударството ќе бидат одличен изговор за купување експлозиви. Контролата на легитимната размена на пари или на компаниите за трансфер на пари и овозможува на терористичката организација да ги разменува или пренесува парите без да привлекува внимание.

Сепак, создавањето на комплексни бизниси и финансиска инфраструктура не е толку лесно. Всушност, тоа е особено комплексно бидејќи не само што бара воспоставување, водење и менаџирање на овие бизниси, туку добивката која се пренасочува на терористичката група може да се подложи на "обратно перење пари", така што изворот на овие пари или стока е скриен (обратното перење пари ќе биде објаснето подолу). Во друг случај, властите можат да ја најдат трагата на терористичката организација за да ја елиминираат или да и ги конфискуваат ресурсите, или пак да го искористат тоа за да создадат разузнавачка слика за организацијата. На пример , Осама бин Ладен изјавил во едно интервју дека изгубил 150 милиони долари во основање бизниси кога Суданската влада го протерала од земјата во 1996 година и му ги конфискувала сите средства.[149]

Досега само неколку терористички организации успеале да раководат со вакви комплексни финансиски субјекти. Една од нив беа и Тамилските тигри, кои имаа свои интереси во трговијата со злато и накит, трговија на големо и транспорт. Тамилските

[149] Steve Kiser, Financing Terror : An Analysis and Simulation for Affecting Al Qaeda's Financial Infrastructure, Santa Monica, CA: RAND Corporation, 2005.p.95.

тигри исто така обезбедувале почетен капитал за тамилците кои сакале да започнат бизнис во соработка со Тамилските тигри и потоа да ја делат добивката.[150]

#### *4.1.4.1 Наклонети финансиски институции*

Наклонети финансиски институции се оние кои се во сопственост и управувани од страна на терористичка организација или нејзини блиски поддржувачи, па според тоа се смета дека е форма на внатрешно финансирање. Еден таков пример е Ал Таква Трејд, акционерско друштво и поврзаните банки Ал Таква, кои се поврзани со финансирањето на Хамас и Ал Каеда. Инкорпорирана во Лихтенштајн, Ал Таква Трејд е основана во доцните 1980ти преку регистерот познат како Asat Trust која била управувана од Лугано, Швајцарија.[151] Банката Ал Таква, хавала (процес кој е т.н. трансфер на пари без пренос на пари), е регистрирана на Бахамите. Тие имаат поврзани сметки во Banca del Gottardo во Локарно, Швајцарија, која од своја страна има поврзани сметки во Citibank и The Bank of New York, која им овозможила влез на Ал Таква во американскиот банкарски систем.[152] Ал Таква била формирана и раководена од Јусеф Нада и Мустафа Ахмед Идрис Насредин. Исто така во раководството бил и Ахмед Хубер , постар швајцарски бизнисмен кој го прифатил исламот и кој е познат по обидот да воспостави врски помеѓу исламските фундаменталистички движења и оние на екстремната десница и нео-нацистите.[153] Нада е италијански државјанин роден во Египет, која наводно бил член на египетското Муслиманско братство од 1950тите. Насредин е етиопјанин кој формално работел за групата на Бин Ладен во Милано.[154]

Сопствениците на банката негираат било каква поврзаност со терористички активности, и во 2005 година, владата на Швајцарија ја прекина истрагата за фирмата на Нада, а потоа Нада ја тужел Швајцарската влада поради кршење на неговите права со блокирање на неговиот имот. Иако швајцарскиот случај е прекинат, бидејќи останува на црната листа на финансирање на тероризмот од ООН, неговите средства остануваат замрзнати, а Ал Таква

[150] Ibid., 36.
[151] Raymond W. Baker, Capitalism's Achilles Heel: Dirty Money and How to Renew the Free-Market System, John Wiley & Sons, Aug 5, 2005,p.124.
[152] http://archive.salon.com/tech/feature/2002/03/15/al_taqwa/print.html
[153] http://specials.ft.com/theresponse/FT38ZL6ZSTC.html
[154] http://archive.salon.com/tech/feature/2002/03/15/al_taqwa/print.html

останува осомничена.[155] Оваа организација, наводно насочила околу 60 милиони долари годишно за Хамас, а исто така е поврзана и со СААР Фондацијата во Вирџинија (СААР е акроним на еден од основачите, Сулејман Абдул Азиз ал Раџи) која се поврзува со над 100 добротворни организации, тинк-тенкови и бизниси. Фондацијата СААР која се преименува во Сафа Груп во 2000 година, била поврзана со групата позната како *Златен лист* (финансирана од Ал Каеда) и ја користела Ал Таква банката. Насредин бил член на одборот на Исламскиот центар од Милано. Милано имал голем учинок како центар за планирање на активности на Ал Каеда, како и обука и организација во Европа, и бил еден од главните центри за исламистички борци кои патувале до Босна за да се борат во војната во раните 1990ти.[156] Во текот на нејзиното 14 годишно делување, Ал Таква управувала со околу стотина милиони долари, иако не се знае точно колкав процент биле поврзани со терористички организации.[157]

### *4.1.4.2. Финансиски инструменти*

Додека пристапот до наклонетите банки е пригоден за терористичката организација, поспособните групи може исто така да го користат меѓународниот монетарен систем со користење на средства слични на оние кои се користат при перење пари. На пример, сметките може да бидат отворени под лажни имиња, со кои се гарантира приватност, или создадени како нумерирани сметки. Во случајот на Ал Каеда, додека Бин Ладен престојувал во Картум, Судан, тој наводно не само што помогнал да се основа банката позната како Ал Шамал, туку исто така поседувал сметки во три други судански банки. Покрај тоа, неговиот потесен круг на луѓе поседувале сметки во британски банки, како и во Дубаи, Малезија и Хонг Конг.[158] Користењето на легитимни финансиски инструменти за управување со финансиите е надворешна форма на финансирање, за оние средства кои се наоѓаат во институции надвор од контролата на терористичката организација.

---

[155] http://www.washingtonpost.com/wpdyn/content/article/2008/11/01/AR2008110102214.html?nav%3Drss_world/europe&sub=AR

[156] http://africa.reuters.com/wire/news/usnL20112390.html

[157] http://www.latimes.com/news/nationworld/nation/lanafinancier28nov28,1,2685130,print.story?ctrack=1&cset=true

[158] Steve Kiser, Financing Terror : An Analysis and Simulation for Affecting Al Qaeda's Financial Infrastructure, Santa Monica, CA: RAND Corporation, 2005.p.86.

Офшор банкарските системи се особено подложни на користење од страна на терористичките организации. Земјите како Кајмански Острови, Бахреин, Доминиканска Република, Гренада, Лихтенштајн и Сејшелите се познати по своите строги банкарски закони кои го заштитуваат објавувањето на информации за клиентите, забранета соработка со меѓународните законски норми. Меѓународната програма за контрола на наркотици на ОН проценува дека околу една половина од светските финансиски текови одат преку оф-шор банки. Оттука, терористите можат да ги пренесуваат парите во легитимните меѓународни банкарски системи.[159] Додека меѓувладините организации како што се Меѓународниот монетарен фонд, Светската банка, и ФАТФ ги наметнуваат меѓународните стандарди на државите за поголема транспарентност во банкарските практики, се уште постојат големи можности за оф-шор финансиски институции и банкарска доверливост (тајност).[160]

Една од најуспешните групи која ги користела легитимните финансиски инвестиции е ПЛО. Во декември 1999 година, хакери влегле во компјутерскиот систем на ПЛО и објавиле 5 билиони долари во нумерирани банкарски сметки во Цирих, Женева, и Њујорк заедно со помали сумо од целиот свет, а ниту една не била регистрирана на ПЛО. ПЛО исто така поседувале акции на берзите во Франкфурт, Парис и Токио, и недвижен имот во Париз ,Лондон , Женева и Њујорк. Лидерот на ПЛО Јасер Арафат се претпоставувало дека поседувал 1,3 милијарди долари на сметките кои сам ги контролирал, и можеби имал уште 300 милиони долари на сметките во швајцарските банки.[161]

#### *4.1.4.3. Материјални добра*[162]

Важноста на материјалните добра, особени дијамантите, дојдоа до израз со можната употреба од страна на Ал Каеда за пренос и складирање на вредности, особено како алтернатива на формалниот меѓународен финансиски ситем. Материјалните добра обично

---

[159] Kimberly L. Thachuk, Terrorism's Financial Lifeline: Can it be served?, Strategic Forum, National Defense University, 2002, p.2.

[160] За подобро разбирање на меѓународните напори за спречување на перењето пари и финансирање на тероризмот, види пошироко во Schott, *Reference Guide.*

[161] Rachel Ehrenfeld, Funding Evil: How terrorism is financed and how to stop it, STL Faithworks, 2004, p.88.

[162] Материјалните добра односно нивното стекнување, спаѓа во легитимни бизниси бидејќи не е нелегално да се поседува злато или дијаманти. Но, бидејќи многу материјални стоки кои ги користат терористите ги шверцуваат со кршење на санкциите (на пример "крвавите дијаманти" од Сиера Леоне) некои материјални добра во одредени случаи може да се сметаат за нелегално финансирање.

се сметаат за надворешни форми на финансирање, бидејќи терористичката организација не го контролира ниту изворот на стоката ниту пазарите на кои се купуваат или продаваат. Ако терористичката група ги добива материјалните добра од извори како рудници за дијаманти, во тој случај таквиот имот се смета за внатрешно финансирање.

Се верува дека Ал Каеда била активна во оваа област, и најверојатно пројавила интерес за купување дијамнти (заедно со каменот познат како танзанит) по 1998, во периодот кога се спречени голем дел од нивните финансии по бомбашките напади на амбасадите во Кенија и Танзанија. Во јули 1999 година, замрзнале околу 240 милиони долари од средствата на Ал Каеда и Талибанците, особено резерви на злато кои биле депонирани во странство. Разбирајќи ја опасноста од поседувањето готовина (кеш) во поранешниот монетарен систем, Ал Каеда започнала да ги конвертира парите во материјални добра, како на пример озлогласените "крвави дијаманти".[163] Овие дијаманти биле шверцувани преку Либерија од територијата контролирана од Револуционерниот обединет фрон на Сиера Леоне а потоа си наоѓале рута до Европа.[164] Ал Каеда, сепак не е единствен терористички дилер на крвави дијаманти. Хезболах веќе долго време имале врски во оваа област преку влијателната Либанска шиитска заедница во Сиера Леоне, вклучувајќи го и добро познатиот трговец со дијаманти Ибрахим Бах, поранешниот либериски претседател Чарлс Тејлор како посредник со Европа кој наводно бил член на Хезболах.[165]

Друг важен ресурс или материјално добро е златото. Златото е најверојатно едно од најкористените предмети за шверц. Тоа може да се депонира на сметка без да биде генериран трансакциски извештај, може да се претопи во различни форми, и е таен и лесно разменлив на пазарот за злато, особено во Дубаи.[166] Голем дел од економските активности во земјите во развој се одвиваат со користење на златот. На пример, саудиските донации на Талибанците биле во злато, а Талибанците ги проценувале даноците за опиум исто така во злато. Прирачниците на Ал Каеда објаснуваат како да се шверцува со помош на "dhows" (вид на брод карактеристичен за Средниот Исток) и во

[163] Douglas Farah, Blood from Stones: The Secret Financial Network of Terror New York, NY: Broadway Books, 2004, p.18.
[164] http://www.jckgrop.com/index
[165] Douglas Farah, Blood from Stones: The Secret Financial Network of Terror New York, NY: Broadway Books, 2004, p.22-58.
[166] Kimberly L. Thachuk, Terrorism's Financial Lifeline: Can it be served?, Strategic Forum, National Defense University, 2002, p.4.

специјални елеци. По 11/09, Талибанците и Ал Каеда пренеле десетици милиони долари од Авганистан преку курир до Карачи, Пакистан, а потоа пренесен во Дубаи, Обединети Арапски Емирати, пред да се конвертира во златни прачки и да се раштрка низ светот со помош на hawala систем.[167]

### *4.1.4.4. Hawala и фирми за увоз – извоз*

Hawala и увозно – извозните компании често работат во тандем. Hawala (исто така познато и како Неформален Вредносен Трансфер Систем ,НВТС) е средство за поединецот или групата да ги пренесе парите на друга географска локација со користење на серија неформални, често нелиценцирана размена на пари. Ако поединец на едно место е во состојба да обезбеди дека некој на друга локација добива пари, во реалноста не постои пренос на пари, а всушност "вредноста" се пренесува помеѓу hawala субјектите. Ова е систем базиран на доверба, често пати изграден на етнички, племенски и други долгогодишни врски помеѓу различни hawala гранки.[168] Ваквите финансиски договори датираат од формалните банкарски системи и се познати под различни имиња : hundi (Индија и Бангладеш), fei chi'en (Кина – "Летечки пари"), hoi k'uan и chi'io hiu (мандарински кинески јазик) , nging sing kek (Кнатонски кинески), и phoe kuah (Тајланд).[169] Во 1998 година проценето е дека hawala располагала со околу 680 билиони долари само во Индија, што е еднакво на големината на целата економија на Канада.

Трансферот на пари обично ги вклучува испраќачот, примачот и двајца луѓе кои работат со hawala. Испраќачот му пристапува на hawala субјектот и му обезбедува средства и плус надоместок како и локација и други информации за примателот на средствата.[170] Првиот hawala субјект прави договори, без разлика дали по телефон, факс или е-маил, до hawala субјектот кој е на локацијата на примачот. Примачот hawala субјект потоа, прави договори за примачот да добие пари, а можеби и мал надомест. Крајниот примач на средствата може да оди до hawala-та по претходно воспоставен кодекс, или hawala субјектот ќе ги

[167] Douglas Farah, Blood from Stones: The Secret Financial Network of Terror New York, NY: Broadway Books, 2004, p.102.
[168] Ibid., 113–4.

[169] Steve Kiser, Financing Terror : An Analysis and Simulation for Affecting Al Qaeda's Financial Infrastructure, Santa Monica, CA: RAND Corporation, 2005,p.90
[170] Кои информации се потребни зависи од специфичните трговски системи, дали hawala е лиценциран или работи нелегално, и законите кои го регулираат hawala можат да бидат зарлични во различни земји.

пренесе средствата, во зависност од тоа како работи конкретната hawala мрежа. Двата hawala субјекти на крајот ќе се спогодат за сметките меѓу себе на голем број начини.

Еден од најчестите начини е преку манипулирање со плаќањето при увоз и извоз на стоки. Ова е најверојатно најчеста пракса за перење пари и пренос на нелегалните приходи низ светот. Како што забележува Рејмонд Бејкер "Се што може да се процени може да биде и обесценето".[171] На пример, hawala гранка која должи пари на друга гранка, и исто така врши извоз на стока, може да врши извоз на стоки по цена пониска од пазарната вредност. Другата hawala гранка потоа може да ги увезе стоките и да ги продава по пазарна вредност,, крадејќи ја разликата како начин да се балансираат сметките. Додека повеќето земји имаат правила во врска со поднесувањето лажни царински формулари, речиси е невозможно дека царинските инспектори да забележат дека некој предмет е преценет или подценет. Многу експерти за незаконско финансирање сметаат дека потценувањето и преценувањето на стоките е основно средство за да се избегне контролата на капиталот или другите трговски даноци во светот. Hawala системите имаат многу предности за сите видови криминален трансфер на пари, вклучувајќи ги и терористите. Прво, повеќето општества имаат некој вид на hawala, што ја прави моќна приближно колку и формалните монетарни системи. Второ, hawala се сигурни, особено во земјите со сиромашно население и корумпиран или непостоечки банкарски систем. Трето, тие се често пати поефтини и поефикасни од веќе постоечките компании за трансфер на пари како што е Western Union. Четврто ,тие имаат тенденција да бидат анонимни за разлика од традиционалните банкарски системи. Додека поголемиот дел од hawala трансферите не се поврзани со финансирање на тероризмот, сепак анонимноста што ја нуди ги привлекува оние кои сакаат да избегнат следење на финансиските средства. Покрај тоа, додека повеќето држави бараат детална проверка на евиденцијата, hawala најчесто не води евиденција на трансакциите.

Hawala системите биле доста користени од страна на терористичките групи, уште одамна на Блискиот Исток, особено од Ал Каеда. Имено, нападите во 1998 година врз

[171] Raymond W. Baker, Capitalism's Achilles Heel- Dirty Money and How to Renew the Free – Market System, John Wiley & Sons, Inc., Hoboken, New Jersey,2005,p.25.

американските амбасади во Кенија и Танзанија биле финансирани делумно од пакистанската hawala гранка.[172]

### 4.1.5. Улогата на перењето пари и "инверзно перење пари" во финансирање на тероризмот

Перењето пари во САД се дефинира како "движење на нелегални пари или еквиваленти на пари , процесуирано во /од/ или преку финансиските институции на САД".[173] Исто како и сите други, криминалците (вклучувајќи ги и терористите) ќе се обидат да одржат барем дел од своите средства во легитимните финансиски системи, како што се банките кои се наоѓаат во Лондон и Њујорк. Исто како и сличните на нив иннвеститори или штедачи , тие сакаат нивните пари да ги чуваат во безбедни реномирани институции, да имаат висока ликвидност и да имаат пристап до нив било каде во светот. За ова да се случи , изворите на таквата ликвидност мора да бидат скриени, и тука на сцена стапува перењето пари.

Терористичките организации практикуваат и перење пари и "инверзно перење пари". Во случај на стандардно перење пари, станува збор за казниво дело, - како што се кражби , измами трговија со дрога и фалсификување,- од каде што потекнуваат парите или другите средства и кои мора да бидат скриени ако криминалците сакаат да ги искористат конвенционалните монетарни системи.[174]

Ако средствата се стекнати "легално" , тогаш тоа е извор на приходи кој ќе биде целосно законски под нормални околности, и тогаш терористичката организација мора да се вклучи во инверзно перње пари. Во тој случај не постои казниво кривично дело, и ресурсите или финансиите кои се вклучени имаат совршено легитимно потекло, како на пример од бизниси или добротворни организации. Она што треба да се скрие е дестинацијата на средствата ( а тоа е терористичката организација) и како "добрите пари" се сменети во валкани. Стефан Касела претставник од Министерството за правда на САД, зборува за тоа како инверзното перење пари се вкрстува со стандардното перење пари :

---

172 Steve Kiser, Financing Terror : An Analysis and Simulation for Affecting Al Qaeda's Financial Infrastructure, Santa Monica, CA: RAND Corporation, 2005,p.93.

173 Kimberly L. Thachuk, Terrorism's Financial Lifeline: Can it be served?, Strategic Forum, National Defense University, 2002, p.2.

174 Paul Allan Schott, Reference Guide to Anti-money Laundering and Combating the Financing of Terrorism, World Bank Publications, Jan 1, 2006, p.184.

"Тие ги користат истите професиоанлни финансиски мрежи, тие ги користат истите спирални трансакции за да ја сокријат локацијата на парите или целта до каде што одат. Тие можат да ги користат истите тајни пратки на пари за да ги сокријат трагите. Тие може да се влучат во истите меѓународни *школка* игри со пренос на парите од една сметка на друга, преправени како легитимни средства за некои законски цели, а всушност ќе се финансираат нови злосторства и нови криминални компании...Изворот на пари не е важен, крајната цел е парите да бидат наменети за финансирање. "[175]

На крајот, додека потеклото на парите во специфични услови е чисто, вистинската тактика во случаите на перње пари и инверзно перење пари е идентична.[176]

Двата процеси генерално се одвиваат во три фази. Првата фаза е сместувањето , каде едно лице оспособено да ги наоѓа дупките во финансиските прописи ги движи или пренесува парите во меѓународниот финансиски систем. Ова најчесто се прави преку оф-шор сметки. Втората фаза е она што всушност се нарекува раслојување (поделба), во која се распределуваат фондовите или парите за да го сокријат своието потекло и да се појават како легитимни. Во САД ова најчесто се врши со правење на голем број финансиски трансакции под 10 000 долари, износ кој генерира Девизен трансакциски извештај. Третиот чекор е интеграција, што означува криење на средствата преку легитимни трансакции, како што е инвестирањето во бизниси или купување на недвижен имот.[177]

Интернетот отворил многу можности. Во минатото, казината и другите коцкарници биле особено загрижувачки во борбата против перењето пари, но современото онлајн коцкање и аукционерство може да обезбедат дури и повеќе можности за перење пари, со што стекнатите пари ги прикажува како приходи од виртуелното коцкње. Онлајн наддавањето , исто така, овозможува да се маскираат нелегалните приходи , прикажувајќи ги дека потекнуваат од продажба на стоки преку аукција, а не од повеќе сомнителни извори. Онлајн аукциите можат да се користат за добро познатите практики за преценување или

---

[175] Nick Kochan, The Washing Machine, Gerald Duckworth & Co Ltd,2006, p.245.

[176] Некои терористички ресурси не се подложни на процесто на перење или инверзни перење. Ако терористите набавуваат пари на нелегален начин и ги трошат тие пари за нелегални активности (како што е терористички напад) тогаш не е потребно перење пари. Види во Phil Williams, "Warning, Indicators and Terrorist Finances," Giraldo and Trinkunas,2009,p.85.

[177] Kimberly L. Thachuk, Terrorism's Financial Lifeline: Can it be served?, Strategic Forum, National Defense University, 2002, p.1-2.

потценување на стоки и услуги, но сега се постигнува побрзо , полесно, и поанонимно преку интернет шеми.[178]

Терористичките организации и другите криминални субјекти направиле многу работи во своја корист со користење на "сајбер перење" или "сајбер измама" за филтрирање или инверзно перење на своите средства. Глобализацијата и технологијата генерирале мноштво иновативни начини за стекнување, пренос и складирање на ресурсите, и низа нови начини кои се развиваат од ден на ден. Сепак, целите и процесите на перење пари и инверзно перење пари останаа исти.[179]

### *4.1.5.1 Шема за финансирање на терорoмот преку перење пари*




Шемата на финансирање на тероризмот преку перење пари го покажува создавањето приходи со работењето на мали или големи трговски ланци, ресторани, давање туристички услуги и слично.

Тоа се дејности кои располагаат со големи износи на готовински и пари на жиро сметки. Остварениот приход се префрла на сметките на сопствениците или поврзани лица, а се

[178] Nick Kochan, The Washing Machine, Gerald Duckworth & Co Ltd,2006, p.271.
[179] Ibid., 284.

користи за вложување во недвижнини. Средствата се насочуваат и на хуманитарни организации, се користат и за склучување на договори за животно и неживотно осигурување, се вложуваат во берзански трансакции ширум светот како и на сметките на фронт компании. Фиктивните трошоци на невладините организации, симулирани договори за осигурување, измами на осигурителните компании, наместени интернет аукции, но и сосема легалните електронски трансфери на средства се насочуваат со геометриска прогресија на голем број интернационални банкарски сметки.

Вака раслоените средства потоа по пат на интернационалните банкарски трансфери повторно се ставаат на нови и нови банкарски сметки на правни и физички лица ширум светот. Со кредните картички, издавањето чекови или користење на интернет банкарски трансфери, интернет аукции, интернет игри на среќа или едноставни интернет купувања, средствата непречено и незабележано лесно се перат и трансферираат ширум светот со своето крајно одредиште, терористичка организација или терорист.

Терористите денеска, поради непречено, благовремено и сигурно финансирање на своите активности, покрај нелегалните активности се повеќе се одлучуваат да користат и сосема легални финансиски канали за трансфер на своите средства. За таа цел ги користат услугите на легалните финансиски институции, како што се бизнис банките, офшор банки и други финансиски институции како штедилници, кредитни организации, лизинг компании, организации специјализирани за електронски трансфер на пари, осигурителни компании, брокерски компании, инвестициски фондови, аукциски куќи и тн.

Во финансиската подлога на тероризмот се вткаени и богатите поединци и држави. Во денешно време еден од најпознатите и најзначајните примери за ваков вид на финансирање на тероризмот со легални пари, е до скоро најпознатиот и најбараниот терорист и саудиски милијардер , веќе убиениот Осама бин Ладен.

Во современите околности постојат и намери за изведување терористички акции за чие финансирање се потребни скромни средства, таканаречени ефтини терористички акции. Добар пример е собирањето легални пари од голем број поединци, популарно наречен "јогурт проект". Веќе е забележано дека од муслиманите во одредени европски земји се бараат мали придонеси, онолку колку што изнесува една чаша јогурт. На тој начин е создадена можност да се финансира локална терористичка ќелија со неколку илјади

долари или евра. Секако, прибирањето на средствата по основањето на ќелијата се продолжува сукцесивно. Овој вид на обезбедување на средствата во пракса уште се нарекува и "терористички самопридонес".

Во последно време се поприсутен вид на финансирање на тероризмот е со посредување на разни невладини организации. Според објавените податоци на различни разузнавачки злужби, организацијата на Бин Ладен со тек на време успеала да создаде цела софистицирана мрежа во одредени земји на Балканот.[180]

[180] Коста Сандиќ, Финансирање тероризма путем прања новца, Наука и друштво Србије, Београд, 2011,стр.56.

# 5. ГЛОБАЛНИТЕ РАМКИ НА ТЕРОРИЗМОТ

Една од водечките иновации во терористичките организации е промената на стратегијата на финансирање од неформала во формална. Како што вели Џејмс Адамс : "Не е случајно што сите значајни терористички групи еволуирале на еден ист начин: од една мала група на вооружени лица во многу поголема група на релативно софистицирани бизнисмени кои користат оружје како еден од многуте алатки во нивните револуционерни торби".[181] Многу терористички организации сфатиле дека надворешната поддршка е несигурна и непредвидлива, остава малку финансии и не може да се планира политиката или стратегијата од една година за наредната.[182] Само мал број од нив успеале да го пробијат овој ќор – сокак и да ги пренасочат ресурсите , особено кон внатре, станувајќи зависни од самите себе. Во ова поглавје ќе бидат опфатени дел од тие организации.

Додека непосредните трошоци за терористичките акции може да бидат релативно ниски, спроведувањето на нападите на подолг рок бара постојан дотур на ресурси. Во таа насока експертот за тероризам Метју Левит изјавил : "Терористичките организации прават многу долгорочни трошоци, вклучувајќи изнајмување безбедни куќи, купување лојалност (или припадност кон некоја група), одржување физичка инфраструктура на нивните мрежи, исплата на плати, печатење постери и знамиња на членовите и други трошоци."[183] Оние групи со долго времетраење, добри можности и малку среќа ,биле во можност да го реконфигурираат нивното финансирање за да ги опфати овие потешкотии, креирајќи разнолико финансиско портфолио со легални и нелегални средства кои овозможуваат релативно постојан приход. Создавањето на такви портфолија бара од групите да развијат многу формални финансиски структури, што ги прави овие групи слични на мултинационалните корпорации.

Овие формални финансиски институции имаат три улоги : (1) да генерираат ресурси, било да е тоа од фронт компании, измами или други извори, (2) зачувување на овие средства и

[181] James Adams, The Financing of Terror, New York: Simon & Schuster, 1986,p.244.
[182] Ibid., 16.
[183] Matthew Levitt, Hamas : politics, charity, and terrorism in the service of jihad, The Washington Institute for Near East Policy,2006,p.53.

заштита од нивно одземање, и (3) нивно дистрибуирање до оперативните ќелии.[184] Групите кои користат формални институции мора да вклучуваат специјализиран персонал како што се главните финансиски службеници (дури и ако тоа не е официјален опис на нивното работно место) и финансиски комисии. Иако оваа институционализација доведува до можност за посигурен финансиски синџир, ова исто така бара и значителни вештини, особено во комплексонста на самата организација и зголемување на оперативните безбедносни проблеми. Во обид да се создаде поголема ефикасност и стабилност, терористичките организации ја жртвуваат едноставноста.

Способноста на терористичките организации да постигнуваат повисоки степени или нивоа на финансирање и автономија особено е забележано кон крајот на Студената војна. Според оваа хипотеза, крајот на формалното ривалство меѓу суперсилите драматично го намалило државното спонзорство и поддршка за терористичките организации. Покрај тоа, државите спонзори кои не биле во Варшавскиот пакт, како што се Иран и Сирија се соочувале со помалку поларизирана средина и можеле да го намалат нивото на поддршка на терористичките организации. Проблемот со оваа теорија е фактот што го игнорира значителното ниво на самофинансирање постигнато до страна на терористите, и кое вообичаено се постигнува преку криминал. Тоа исто така игнорира дека многу групи, особено Палестинската либерална организација (ПЛО) и Привремената Ирска Републиканска Армија (ПИРА) веќе се пренасочиле кон самофинансирање уште пред крајот на Студената војна.[185] Иако крајот на Студената воја резултираше со некои промени во финансирањето на тероризмот, оваа нова институционализација, со акцент на диверзификација, не се должи на завршувањето на ривалството меѓу суперсилите. Наместо тоа, завршувањето на Студената војна и нејзината пропорционална експанзија во глобализацијата и новите финансиски и трговски режими, нуди повеќе можности за движење на персоналот и поголема леснотија во комуникациите и проширување на достапните опции. [186]

[184] Jacob N. Shapiro, "Terrorist Organizations' Vulnerabilities and Inefficiencies:A Rational Choice Perspective," in Terrorism Financing and State Responses, ed. Jeanne K. Giraldo and Harold A. Trinkunas, Stanford,CA: Stanford University Press, 2007, p.61.
[185] Giraldo and Harold A. Trinkunas, The Political Economy of Terrorism Financing, Stanford, CA: Stanford University Press, 2007,p.19.
[186] Ibid., 7–8, 10.

Повеќе формализираните структури исто така, донесоа низа проблеми. Првиот проблем е потребата да се најдат експерти за да се справат со комлексното финансирање на операциите, чии вештини не е лесно да се совладаат. Второто прашање е можноста за компромис. Терористичките финансиски службеници во детали знаат за финансиите кои доаѓаат во организацијата, како овие средства се пренесуваат, кој е вклучен во нивниот пренос, кој може да нареди прераспределба на средствата и така натаму; на кратко, тоа е поголемиот дел од организациската и логистичката шема на било која терористичка група. Компромитирањето на финансиски службеник, дали преку испрашување или пребегнување, може да биде исклучително штетно за организацијата. На пример, поранешниот менаџер на Ал Каеда ,Ахмад Џамал ал Фадл ја напуштил организацијата во 1996 година по проневерата од 110,000 американски долари и им обезбедил на американските власти непроценливи информации.[187]

Третиот проблем е дека ваквите ресурси бараат широка комплексност, вклучувајќи и комплексна комуникациска инфраструктура, што може да ја направи организацијата поранлива на законските регулативи. На пример, активностите за ублажување на проблемот принцип-агент, со финансиски директори и други финансиски службеници кои делуваат во име на терористичката организација, можат да генерираат потреба од водење евиденција и ревизија на организацијата која може пак да биде искористена од страна на антитерористичките сили. Таквите службеници може да не работат за чисто идеолошки цели, и тие може да ги одбегнат нивните должности со помош на нивните плати, преку злоупотреба на средства или со користење на оперативни средства.[188] Сепак, големите групи ќе мора да превземат дополнителна комплексност и ризик кои ќе бидат потребни со цел да се обезбеди постојан прилив на средства.

Во ова поглавје ќе бидат елаборирани најпознатите случаи на институционализирани терористички организации : ПЛО,ПИРА,Хамас и Ал Каеда. ПЛО и ПИРА се анализираат бидејќи тие се првите кои ги искористиле можностите и предностите на глобализираниот свет во 1970тите и 1980тите години за да формираат формални финансиски институции. Исто така во 1980 година, група на Арапи кои се бореле со СССР во Авганистан, која

[187] http://www.nytimes.com/2007/12/09/nyregion/09qaeda.html?th=&emc=th&pagewanted=print
[188] Jacob N. Shapiro, Terrorist Organizations' Vulnerabilities and Inefficiencies: A Rational Choice Perspective, Stanford University Press in "Terrorism Financing and State Responses" March 2007,p.65.

подоцна ќе стане позната како Ал Каеда, намерно создавале формализирани институции кои ќе им дозволат д го поддржат глобалниот џихад, и со кои се овозможило нивната група да го преживее најголемиот напад против терористичката организација. Во меѓувреме двете најнапредни организации Хамас и Хезболах ,копирани по примерот на ПЛО ја сфатиле можноста за проширување на нивното финансирање.

### 5.1. Палестинска Либерална Организација (ПЛО)

ПЛО забележала успех каков што многу други организации не успеале да постигнат. Има многу причини за тоа, а една од нив е и почетната поддршка од арапските земји и нивните "нафтени" пари. Еден од договорите на Арапската лига им доделил 250 милиони годишно на ПЛО (иако повеќето земји веќе одамна престанале да обезбедуваат пари). Покрај тоа, ПЛО најчесто функционирале во рамките на некаков вид засолништа, прво во Египет, потоа во Јордан, и од 1970 до 1982 година во Либан, пред да бидат принудени да го преместат седиштето во Тунис,, што резултирало со намалување на нивните поопасни терористички операции.[189] Подоцна, тие повторно се преселуваат назад во областите кои се дел од Палестина, и се избрани за Палестинска власт.

После сето ова, групата, а особено нејзината фракција Фатах, продолжува да дејствува и опстојува поради способноста да се одвои од арапските власти од кои првично беа спонзорирани, и изградиле фондови кои ќе им обезбедат автономија и ниво на легитимитет кај поддржувачите. ПЛО биле првите кои создале формален, институционализиран начин на финансирање со создавањето на SAMED (SautAfricaMedical) во 1970 година. Со текот на годините, ПЛО ги прилагодиле своите економски институции за да ги задоволат променливите потреби, иако главна финансиска институција од 1970 година остана Палестинскиот Национален Фонд (ПНФ). За разлика од централните банки на многу држави, ПНФ е дизајнирана да биде малку понезависна од фракциските задкулисни игри и борби, и нејзиниот претседател е единствениот кој бил официјално избран директно од Плаестинскиот Национален Совет. Покрај тоа неговите директори биле тхнократи, како што се бизнисмените или банкарите. За разлика од независните "централни банки", ПНФ била дамнешен присвоител на современата

[189] Walter Laqueur, The Age of Terrorism, Little Brown and Company; Subsequent edition (June 1987),p.218.

компјутерска опрема и економски истражни бироа, како што е секторот за економски работи и Бирото за статистика, осоновано во 1981 година.[190]

Денес, фракцијата Фатах е избран претставник на палестинскиот народ , и неговите финансиски способности остануваат одржливи и големи. Во 1999 година, компјутерски хакери упаднале во компјутерите на ПЛО и ги објавиле откриените податоци, кои вклучувале 5 билиони долари во банкарски сметки и не биле официјално регистрирани на ПЛО, акции на различни берзи, и имот во Лондон, Женева и Њујорк. Почнувајќи од 2002 година Палестинската управа преку своите Палестински Комерцијални Сервисни Компании, се уште има монопол кога се во прашање брашно, масло, цигари, железо, и комерцијален песок и целосна сопственост на фабриката за цемент како и мал удел во Рамалах Кока Кола. Во доцните 1990ти Палестинската управа собрала десетици милиони американски долари од пензиските фондови на нејзините работници, а повеќе од 100 милиони долари "исчезнале " од Фондот до 1997 година. На крајот, Палестинската управа имале пристап до странска финансиска помош, со околу 5,5 билиони долари кои им биле дадени од страна на Меѓународната заедница од 2003 година.[191]

Со оглед на озлогласената корупција на Палестинската управа, не е познато колку точно пари завршиле во рацете на терористите и обезбедување на ресурси за нив. Исто така, сеуште не е јасно што се случило со средствата по смртта на Јасер Арафат, со оглед на тоа што голем дел финансиската империја на ПЛО била контролирана од него лично. До 2004 година биле исплаќани месечни плати на членовите на Бригадата на маченицитe на Ал Ака, што демонстрира дека барем дел од средствата завршувале во поддршка на тероризмот.[192] Иако значително ослабена, укажувањата од изборите во Хамас и преземањето на контролата во појасот Газа говорат за тоа дека сепак постојат одредени способности за финансирање на тероризмот.

---

[190] James Adams, The Financing of Terror, New York: Simon & Schuster, 1986.p108.

[191] http://eufunding.org.uk/terror/FundingEvil.pdf

[192] Anthony H. Cordesman, Arab-Israeli Military Forces in an Era of Asymmetric Wars ,Santa Barbara, CA: Preaeger Security International, 2006, p.319.

## 5.2. Привремена Ирска Републиканска Армија (ПИРА)

Иако не толку богата како ПЛО, сепак ПИРА исто така демонстрира значителен степен на формални, институционализирано финансирање. Разлини медиумски извештаи сведочат за годишните приходи на ПИРА во периодот помеѓу 1978 и 1998 година кои изнесуваат 6-10 милиони фунти.[193]

ПИРА, исто како и Ирската Републиканска Армија – ИРА пред неа, била моделирана според моделот на британската армија во однос на команди, бригади и компании.[194] Таа била предводена од седум члениот Армиски Совет кој бил избран од страна на 12 члениот Извршен Армиски Совет кој пак е избран од Генералнот Совет на Армија.[195] Гледано географски, ПИРА се состоела од Јужна и Северна команда. Јужната команда вклучува 21 земја во Република Ирска, додека Северната команда ги вклучува сите 6 земји во Северна Ирска, плус пет гранични региони во Република Ирска. Јужната команда дејствувала во "интендантска улога" вклулувајќи волонтерска обука, финансирање ,чување и пренос на вооружувањето. Нивната команда и контрола се сметаат за помалку строги од оние на север, и имале помала улога во големите одлуки. Бидејќи ПИРА се потпирале на пасивната поддршка на населението во Јужна Ирска, операциите на ПИРА биле ограничени а убиствата на Ирската полиција биле ретки поради можноста од тешки последици.[196] Во поголемиот дел од своето постоење, ИРА а подоцна ПИРА, го спроведувала финансирањето најчесто неформално. Некаде до 1930 година, од членовите се барало да придонеуваат за трошоците, но целокупното финансирање на групата било парцијално и полно со грешки. Всушност, една од причините за прекин на огнот спроведена од страна на ИРА во 1962 година била поради нивната неспособност да се стекнат со потребните ресурси, односно пари, оружје и персонал во организацијата.

[193] John Horgan and Max Taylor, "Playing the 'Green Card'—Financing the Provisional I.R.A.: Part 1," Terrorism and Political Violence 11, no.2 ,1999,p. 10.

[194] ИРА е основана во 1919 година со цел да се бори за ирската независност, и по поделбата на островот на Република Ирска( независна држава) и Северна Ирска (шест земји кои се сеуште дел од Обединетото Кралство) да бидат вратени под нивна власт. Во 1969 година, најголемиот дел од ИРА се одвојуваат од нивната матична организација станувајќи Привремена Ирска Републиканска Армија – ПИРА ,исто така познати како "Привремени". Во 1970 година политичкото крило на ИРА Шин Фејн ја пренело својата поддршка од ИРА на ПИРА ,а во истата година линиите на шверц со оружје и пари од САД ја пренеле својата наклонетост на ПИРА. Постоењето на оригиналната ИРА постепено избледува во 1970тите. Richard English. Armed Struggle: The History of the I.R.A.,London, UK: Pan Books, 2004, p.106.

[195] Ibid., 114.

[196] John Horgan and Max Taylor, "Playing the 'Green Card'—Financing the Provisional IRA: Part 1," Terrorism and Political Violence 11, no. 2 (Summer 1999).p.19-20.

Според изјавата на еден ПИРА информатор за британските разузнавачи ( се смета дека станува збор за Шин О'Калган), одлуката финансирањето да се спроведува професионално и формализирано била донесена на состанокот на ПИРА одржан во 1981 година во еден паб во Бундоран во округот Донегал во Северна Ирска. На тој состанок раководството на ПИРА дискутирало за тоа како нерегуларното финансирање на организацијата е причината за тешкотиите и проблемите во рамките на групата, а во насока на водење долга војна ќе мора да се воспостави поформализиран систем. Хорган и Тејлор ги објавиле извадоците од разузнавачкиот извештај , користејќи иницијали наместо имиња за да ги заштитат своите извори :

*D рече дека е неопходно да се постават финансиите на професионална основа. Тој рече дека B бил земен од важна позиција од Белфаст бригадата за да ги постави финансиите на професионална основа. Парите во минатото едноставно само се добивале, но не се инвестирале за да се заработат уште повеќе пари. Јужната команда добивала финансии преку вооружени грабежи но тие често пати биле погрешни. Резултатот е дека сето тоа ја чинело ПИРА бидејќи давала поддршка на семејствата чии членови биле затворени поради вооружени грабежи.*[197]

Патеката на формализираната финансиска структура на ПИРА е трасирана од оваа средба. Репортерот Вероника Гуерин ја објаснила империјата на ПИРА во доцните 1990ти :

*Овие активности вклучуваат детални имотни стопанства, куќа за гости, пабови, такси услуги, курирски услуги и голем број на видео приклучоци...овие бизниси обезбедуваат редовен приход на пари и се совршено покритие за перење на украдените пари. Вистинската сопственост на овие бизниси се крие во голем број на холдинг компании во комплексна шема осмислена од страна на сметководител , добро познат на Гардаи( Ирска полиција). Сметководителот оперирал од канцеларија во северот на Даблин. Тој е опишан како "екстремно чист, без убедувања". Целата негова работа е легална, освен дека таа е направена во име на нелегални организации.*[198]

[197] John Horgan and Max Taylor, "Playing the 'Green Card'—Financing the Provisional I.R.A.: Part 2," Terrorism and Political Violence 15, no.2 (2003): 3-4.
[198] John Horgan and Max Taylor, "Playing the 'Green Card'—Financing the Provisional I.R.A.: Part 2," Terrorism and Political Violence 15, no.2 (2003): 2.

Таквите организации можат да бидат многу профитабилни. На пример, ПИРА е сопственик на околу 30 пабови низ Ирска. Сметководителот кој работел за ПИРА истакнал дека може да се заработат 3-7 проценти од профитот на еден паб во текот на 3-4 години без да биде забележано од страна на даночните инспектори. Кога ќе се направи ревизија од страна на даночните власти, пабот или може да се продаде, или ако е вреден да се зачува, местот добива ново име на документите за сопственост и нова лиценца, што го прави како да е нов паб.[199] Се верува дека ПИРА поседувала 30 милиони фунти во вид на хотели, барови и други мали бизниси.[200]

Настрана од своите бизниси, ПИРА спроведувала интензивен криминален рекет. Кражбите се чини дека се најпрофитабилна форма на финансирање. Исто така изнудата била честа појава, кога членовите на ПИРА барале пари за заштита од локалните бизнисмени во Северна Ирска преку "компании за обзбедување".[201] Измамите со данок на приход и лажни сертификати за ослободување од даноците како и шверцот со животни се исто така профитабилни бизниси. Во текот на доцните 1970тите и 1980тите киднапирањето и откупот исто така им донеле милиони.[202]

Со цел да управуваат со овој повеќеслоен систем на финансирање, (уште од состанокот во 1981 година) ПИРА развила оддел за формално финансирање. Иако целокупната организација останала флуидна, нејзиното финансирање било доверено само на мала група луѓе. ПИРА имала финансиски директор кој ја имал целосната одговорност, и круг на советници кои управувале со финансиите на ИРА и поврзаната со неа политичка партија Шин Фејн. Парите од различни извори, почнувајќи од спонзорите на Шин Фејн до вооружените грабежи на ПИРА, доаѓаат преку финансискиот директор, кој ги испорачува парите кон едниците за операции на ПИРА.[203]

---

[199] Ibid., 34–5

[200] John Horgan and Max Taylor, "Playing the 'Green Card'—Financing the Provisional I.R.A.: Part 2," Terrorism and Political Violence 15, no.2 (2003): 56.

[201] Andrew Silke, "In Defense of the Realm: Financing Loyalist Terrorism in Northern Ireland—Part One: Extortion and Blackmail," Studies in Conflict and Terrorism 21 (1998): 349.

[202] Andrew Silke, "Drink, Drugs, and Rock'n'roll: Financing Loyalist Terrorism in Northern Ireland—Part Two," Studies in Conflict and Terrorism 23, no.2 (2000): 116–7.

[203] John Horgan and Max Taylor, "Playing the 'Green Card'—Financing the Provisional I.R.A.: Part 2," Terrorism and Political Violence 15, no.2 (2003):8-9.

Групата исто така, ги ангажирала и услугите на сметководител ( кој е погоре споменат) кој внимателно советува и работи полно работно време за ПИРА. Овој сметководител со прекар X (прекар даден од Хорган и Тејлор) бил првиот човек на ПИРА за купување бизниси за перење пари, и поседувал хотел и два паба на негово име на сметка на ПИРА. Групата исто така соработувала со уште тројца независни хонорарни сметководители кои работеле за ПИРА и Шин Фејн но само повремено. Сите овие сметководители работеле и легитимна работа, а дополнително работеле и за ПИРА. Никој од нив формално не зазема никаква улога во командната структура на ПИРА. Нивната работа во организацијата вклучува совети за фирмите, фалсификување на даночни пријави и други документи за пабовите. Врз основа на истражувањата за финансирањето на ПИРА, се смета дека постоел дополнителен круг на симпатизери, кој го унапредил финансирањето на ПИРА, вклучувајќи тука еден банкарски менаџер и аукционер кои биле спремни да обезбедат услуги во вид на лажна документација.[204]

Финансиската структура на ПИРА вклучува комбинација од централизирани и локализирани средства. Многу од сервисните активни единици на ПИРА се самофинансираат со своите локални активности, но дел од нив специјализирани за вооружени грабежи, пренасочуваат дел од нивните приходи назад до одделот за финансии, за да се прераспределат и на другите единици или да се користат од страна на ПИРА во понатамошни легитимни инвестиции.[205]

Исто така, заблежлива била и значајната поддршка од дијаспората, особено од ирско – американската заедница. Најпозната меѓу нив била Ирската северна помош, попозната како НОРАИД. Основана од страна на Мајкл Фланери во Бронкс, Њујорк во 1970 година, НОРАИД насочила околу 200 000 долари годишно во касата на ПИРА, дејствувајќи како форма на политички акционен комитет во име на ПИРА, се додека серија од терористички операции во 1970тите и 1980тите почнаа да ја намалуваат поддршката.[206] Оваа импресивна сума на средства главно се состоела од пари донирани наводно за жртви на

[204] Ibid., 11–6.
[205] Ibid., 37–8.
[206] Ова го вклучува апсењето на членови на НОРАИД за шверц на оружје од страна на ФБИ во 1983 година. Судењето за шверцот со оружје ги затворило сите изговори во САД дека НОРАИД е добротворна организација која обезбедува поддршка на сиромашните во Ирска. James Adams, The Financing of Terror, New York: Simon & Schuster, 1986,p135.

семејно насилство во Северна Ирска. Паралелно со тоа, но одделно управувано, се одвивал и ланецот на шверц на оружје од страна на Џорџ Харисон. Околу 30% од оружјето на ПИРА кое било запленето било од САД испратено кон Ирска. Прилозите од Њујорк до Даблин или Белфаст се вршеле од страна на пензионирани полициски офицери од Њујорк.[207] Парите биле официјално назначени за употреба од страна на Зелениот Крст, која била организација за поддршка на затворениците на ИРА. Мајкл Фланери првично негирал дека парите биле искористени за купување на оружје, но подоцна судот покажал дека дел од донациите на Зелениот Крст биле испорачани на Џорџ Харисон со кои тој купувал оружје за ПИРА.[208]

Финансирањето е од клучно значење за одржување на стабилната логистичка база на целиот остров Ирска. Почнувајќи од 1999 година, се верува дека ПИРА поседувала околу 100 тони оружје, вклучувајќи најмалку 500 пушки, 450 пиштоли, и над 2500 кг експлозиви. Групата може да смета на најмалку пет добро скриени, утврдени бункери кои се користат како фабрики за правење бомби, и околу 400-500 членови кои добиваат неделни исплати по 30-40 фунти.[209] ПИРА веројатно алоцирала најмалку 12000 фунти месечно само за да ги исплати платите на своите активни членови. Организацијата може да плаќа на некои членови високи платени бонуси за да спречи несогласување меѓу своите борци ; во еден случај, оперативец во Даблин добил речиси 6000 фунти "за да го направат среќен".[210] ПИРА исто така исплаќала надоместоци на оперативците во британските затвори како и помош за членовите кои неодамна излегле од затвор а биле во заробеништво долг период и имаат мали или никакви шанси да најдат работа.[211]

Финансиската структура на ПИРА, исто така дава поддршка и на Шин Фејн. Протокот на ресурси мора да биде доволен за да се одржат седиштата на Шин Фејн во Даблин и Белфаст, и регионалните канцеларии во 32 ирски окрузи, изборните трошоци, патните трошоци и платните списоци. Како дел од нивната стратегија "куршум и гласачка кутија",

[207] James Adams, The Financing of Terror, New York: Simon & Schuster, 1986.p148.
[208] Jodi Vittori, TERRORIST FINANCING AND RESOURCING, PALGRAVE MACMILLAN, New York.2011.p.70.
[209] Andrew Silke, "In Defense of the Realm: Financing Loyalist Terrorism in Northern Ireland—Part One: Extortion and Blackmail," Studies in Conflict and Terrorism 21 (1998): 2-3.
[210] Ibid., 6–7.
[211] John Horgan and Max Taylor, "Playing the 'Green Card'—Financing the Provisional I.R.A.: Part 1," Terrorism and Political Violence 15, no.2 (2003):6.

приходот на ПИРА од 7 милиони фунти во 1988 година е поделен во однос 80-20 проценти во корист на политичката активност на Шин Фејн.[212]

ПИРА мораше да ги држи под силна контрола своите финансии, за да не ги оттуѓи од својата заедница. Ова е особено важно за Шин Фејн, за загрозените и отуѓените заедници да придонесат гласови за нивните политички активности. Затоа, ПИРА/Шин Фејн ќе ги ограничи или целосно ќе ги прекине дел од операциите за финансирање, како што се киднапирање и шверц со дрога, кои би се одразиле негативно.[213]

Со цел да се осигура дека членовите на ПИРА не се збогатуваа самите на сметка на организацијата, групата се обидела да одржи стабилни финансиски случувања, кое не секогаш биле успешни.[214]

Во 2005 година ПИРА ја положила свечената заклетва за ненасилство, наредувајќи им на своите членови да го положат оружјето и да продолжат да се борат за обединета Ирска, само преку миролубиви средства.[215] Како што сведочи Извештајот на Комисијата на Британската Влада од 2008 година, воената структура на ПИРА се распуштила и шленството се преселило од ПИРА во Шин Фејн. Комисијата веќе не ја смета ПИРА за реален терористички ентитет. Покрај тоа, Независната Мониторинг Комисија тврдела дека ПИРА се откажала од криминалната активност, и иако некои членови можеби се сеуште вклучени во криминални активности ,тие ја немаат поддршката од ПИРА. Таму исто така се забележува дека е нејасно што се случило со нелегалните финансиски структури на ПИРА.[216]

Финансиската структура на ПИРА/Шин Фејн претставува случај во кој терористичка организација вградена во поголема заедница може да има и предности и недостатоци. Групата може да собира донации од нејзините составни единици (или да се впуштат во изнудување) ,но осбено во случај на една организација со политичко крило и улога во поголема легитимна влада, таа ќе го ограничи своето финансирање на она што

---

[212] Ibid., 7, 23.

[213] John Horgan and Max Taylor, "Playing the 'Green Card'—Financing the Provisional I.R.A.: Part 2," Terrorism and Political Violence 15, no.2 (2003):50

[214] Ibid., 54.

[215] http://www.guardian.co.uk/politics/2005/jul/28/northernireland.devolution

[216] "Nineteenth Report of the Independent Monitoring Commission," ed. U.K. Secretary of State for Northern Ireland (Office of Public Sector Information, September 2009), 6–8.

населението е подготвено да го поднесе. На пример, иако ПИРА би можела да добие многу финансии од активностите поврзани со дрога, малку е веројатно дека поголемата католичка заедница ќе го толерира тоа. Еволуцијата на оваа група претставува клучени случај за другите организации кои се обидуваат да комбинираат насилство со легитимна политичка застапеност.

## 5.3. ХАМАС

Сунитската палестинска група Хамас, повеќе од било која друга терористичка група, е особено префинета за одржување на своето финансирање за терористите.[217] Таа е формално поделена на независни крила за својата воена кампања, политичкото дејствување и социјалната помош. Поради ова, заедничко за државите е да ја забранат директната поддршка на милитантните крила на Хамас, иако истовремено овозможувале придонеси за политичките и социјалните крила, и покрај сознанието дека тие пари може да се пренасочат на милитантните крила.[218] Тоа се случувало до 2006 година кога Европската Унија забранила било каква помош и поддршка за Хамас.

Активностите на Хамас се набљудувани од страна на Меџлис ал Шура ( консултативен совет) кој имал седиште во Дамаск, Сирија. Тој е одговорен за надгледување на широк спектар активности вклучувајќи го и финансирањето. Во рамките на организацијата ,постојат четири основни фракции меѓу кои Појасот Газа, Западниот брег, членови на Хамас кои живеат во странство, и оние во израелските затвори. Административните работи на Хамас се расчленети на четири области, кои понатаму се категоризирани по региони : социјална и административна гранка, која е задолжена за вработување, финансирање и социјални услуги ; Из алДин алКасам бригадите ( пред 1991 година познати како ал Муџахедин ал Филастинун) и Мурабитун (народна армија); Јехаз Аман (безбедносна гранка), која е одговорна за внатрешната безбедност ; и А'алам ( публикации и медиумска гранка) која се справува со печатот и дистрибуција на летоци.[219]

[217] Loretta Napoleoni, Terror Incorporated : Tracing the Dollars Behind the Terror Networks, Seven Stories Press, 2004, p.74.
[218] Matthew Levitt, Hamas : politics, charity, and terrorism in the service of jihad, The Washington Institute for Near East Policy,2006,p.3.
[219] Ibid., 9–13.

Се верува дека Хамас има буџет од околу 70 милиони американски долари годишно. Од кои 85 проценти доаѓаат од странство, или преку државни и приватни донатори, или пак преку различни шеми на финансирање преземени од целиот свет.[220] Хамас е франшиза организација, со поголем дел од пари кои доаѓаат од Иран – околу 22 милиони долари годишно, голем дел од нив пренасочени преку Хезболах. Групата ,исто така добива обука и друг вид поддршка од Иран и Хезболах.[221] Другите надворешни извори на финансирање ги вклучиле и оперативците на Фатах, кои им давале оружје, и обезбедувале блиски врски со палестинскиот Исламски џихад- многу помала палестинска група. Покрај тоа, Хамас добивал донации од не-плаестински граѓани, вклучувајќи и приватна поддршка од Саудиски граѓани.[222]

Хамас, исто така има голем број внатрешни контролирани извори на поддршка, не само за финансиски цели , туку и за регрутирање. Во говорот одржан во 1993 година, оперативецот на Хамас, Муин Шабиб изјавил дека групата е поврзана со Исламскиот Универзитет (во појасот Газа), низа женски и младински организации и институции, како што се Ал Тадоман добротворното здрижение ( кое е спопственик на дел од Јасфа млечна компанија и Наблус Мол), Ал Заках Комитет на Џенин(кој ја води локалната болница), и здружението на Исламски Студии и Култури во Ерусалим.[223] Хамас, исто така, го контролира и Беит ел-Мол холдинг, јавна инвестициска компанија со седиште во источен Ерусалим. За возврат, компанијата поседува 20 проценти удел во Ал Акца Меѓународната банка, која е финансиска рака на Хамас.[224] Другите наводни фронт компании ги вклучуваат Сункрут Глобал Груп и Ал Ајоли (менувачница), и двете компании обвинети за перење пари во име на групата.[225]

[220] Loretta Napoleoni, Terror Incorporated : Tracing the Dollars Behind the Terror Networks, Seven Stories Press, 2004, p.73.
[221] Aaron D. Pina, "Fatah and Hamas: The New Palestinian Factional Reality",Library of Congress Congressional Research Service, 2006,p. 3.
[222] Matthew Levitt, Hamas : politics, charity, and terrorism in the service of jihad, The Washington Institute for Near East Policy,2006,p.173.
[223] Matthew Levitt, Hamas : politics, charity, and terrorism in the service of jihad, The Washington Institute for Near East Policy,2006,p.81-119.
[224] Loretta Napoleoni, Terror Incorporated : Tracing the Dollars Behind the Terror Networks, Seven Stories Press, 2004, p.75.
[225] Matthew Levitt, Hamas : politics, charity, and terrorism in the service of jihad, The Washington Institute for Near East Policy,2006,p.69-78.

Од судските случаи и операциите на многу локации, добро е позната добротворната рака на Хамас. Една од нејзините најголеми гранки била Фондацијата за помош и развој Света Земја, која наводно собрала 57 милиони американски долари во периодот меѓу 1992 и 2001 година. Таа била толку голема што морала да употреби 80-120 илјади долари годишно само за да го адржи своето биро во Ерусалим.[226] Во нември 2008 година, после 15 години истрага и две судења, членовите на Фондацијата Света Земја биле прогласени за виновни за 108 обвиненија за бесправно слевање на 12 милиони долари на Хамас. Фондацијата исто така е врзана и со текомуникациската и компјутерската компанија по име Инфоком. Како и во случајот со Хезболах, активистите на Хамас се вклучени во бројни нелегални активности за обезбедување ресурси за организацијата, вклучувајќи пиратска мултимедијам шверц со дрога, измама со кредитни картички и шверц со цигари.[227]

Ваквите активности се дел од неопходниот финансиски систем за одржување на оваа комплексна организација. Запленетите документи на добротворното здружение Ал Ислах од ноември до декември 2000 година, кои биле најдени во нејзината филијала во Рамалах, посочуваат дека оваа добротоврна организација на Хамас ги има наведено нејзините приоритети во однос на помошта за мачениците на Хамас, затворениците, повредените милитанти; покривање на административните трошоци за добротворни цели; и поддршка на социјалните организации на Хамас. За 41 ден, Ал Ислах им дале 5000 долари на семејствата на "мачениците" , 16000 долари за затворениците, 17000 долари за семејствата на затворениците, и речиси 4000 долари на ранетите милитанти.[228] Овој седумнеделен буџет само за милитантите и нивните семејства покажува колку скапа може да биде ваквата поддршка за организацијата, и на тој начин, износот на финансии кои мора да се стекнат, пренесат и чуваат само за оваа намена. Според основачот на Хамас (сега покоен), шеикот Ахмед Јасин во 2001 година, Хамас дистрибуирал 2-3 милиони долари месечно на роднините на бомбашите – самоубијци и другите "жртви- маченици" и оние кои се во

[226] Jason Trahan, "Prosecutors: Holy Land Foundation Key in Hamas Effort," Dallas Morning News July 25, 2007.
[227] Jason Trahan and Tanya Eiserer, "Holy Land Foundation Defendents Guilty on All Counts," Dallas Morning News
(November25,2008),
http://www.dallasnews.com/sharedcontent/dws/dn/latestnews/stories/112508dnmetholylandverdicts.1e5022504html.
[228] Matthew Levitt, Hamas : politics, charity, and terrorism in the service of jihad, The Washington Institute for Near East Policy,2006.p.163.

затвор. Комплексноста на одржувањето на овие трошоци е исто така сериозна, бидејќи вклучува следење на милитантите и нивните семејства, и да се обезбеди тие пари и другите ресурси кои доаѓаат да се пренесат до оние кои ги поддржува организацијата. За да се постигне ова во случајот со затворениците на пример, бара отварање на банкарски сметки за секој затвореник, на кои потоа Хамас ги става средствата .[229]

## 5.4. Ал Каеда

Можеби најпознати и најпроучувани финансиски институции се оние на Ал Каеда. И преку намерно дизајнирани и обиди и грешки, почнувајќи од зачетоците на Сервисното Биро (Мактаб ал Кадимат) за време на војната во Авганистан со Советскиот Сојуз во 1980 година, Ал Каеда има создадено голем број иновации во терористичкото финансирање. Како што забележува експертот за финансиски тероризам Стив Кисер "...Додека финансиската империја на Ал Каеда е сигурно импресивна, таа е повеќе еволутивна отколку што е револуционерна. Со исклучок на креативната употреба на интернет, методите на Ал Каеда за набавка складирање и пренос на пари не се прилично нови, туку повеќе дисциплинирани или имагинативни методи кои се користеле претходно од страна на други терористички организации".[230]

Ал Каеда , повеќе од било која друга терористичка група во историјата,е споредувана со транснационална корпорација и се опишува со користење на стандардни бизнис термини, како организација со "франшизи" и "кооперанти", "Форд Фондацијата на Тероризмот", со Осама бин Ладен како нејзин "извршен директор" и Ал Каеда како име на бренд.[231] Голем дел од ова произлегува од фактот дека Ал Каеда е дизајнирана уште од почетокот според бизнис – ориентиран модел, со голем дел од раководството на Ал Каеда, вклучувајќи го и самиот Осама бин Ладен, со позадина во бизнисот и економијата. Ал Каеда и Осама бин Ладен користат бизнис – ориентиран јазик (или деловен јазик) дури и во нивните кодирани зборови. Осама бин Ладен е наведен како "изведувачот". Активностите на тероризмот се наведени како "трговија" со Мула Омар и Талибанците како "The Omar Brothers Company". САД и Велика Британија се нарекуваат "странски конкуренти". Кога

[229] Matthew Levitt, Hamas : politics, charity, and terrorism in the service of jihad, The Washington Institute for - Near East Policy,2006,p47-59..
[230] Steve Kiser, Financing Terror: An Analysis and Simulation for Affecting Al Qaeda's Financial Infrastructure,RAND Corporation,2004,p.63.
[231] Don Van Natta, "Running Terrorism as a New Economy Business," New York Times, November 11, 2001.

Ал Каеда и египетскиот Исламски џихад се споиле во една организација во 1998 година, и тоа било етикетирано како "спојување" кое би можело да го "зголемат профитот".[232]

Голем број од поддржувачите на Ал Каеда се богати бизнисмени, имено, озлогласениот "Златен Синџир" на 20 богати Судиски бизнисмени.[233] Пред 09/11 таквата бизнис вештина и внатре во мрежата и во потесниот прстен на симпатизери обезбедила јадрото на организацијата да има голема доза на финансиска институционализираност, а постојат индиции дека барем дел од оваа формална структура останала и после паѓањето на нивниот безбеден рај во Авганистан во 2002 година.[234]

Пред 11/09 Ал Каеда поставила главен финансиски директор и професионален финансиски комитет во кој се вклучени банкари, сметководители и финансиери, додека друга комисија ги раководи странските набавки, вклулувајќи набавка на оружје и друга опрема.[235] Имало и регионални финансиски менаџери, како и главен финансиски директор или финансиски оперативци за секоја операција. Исто така, имало посебни бироа за раководење со пасоши и сертификати за влез, и канцеларија за добивање авио билети и визи.[236] Според сведочењето на поранешниот менаџер на Осама бин Ладен, Џамал Ахмед ал Фадл, финансиската мрежа на Осама бин Ладен вклучувала 80 компании низ целиот свет, плус банкарски сметки во Швајцарија, Судан, Хонг Конг, Монако, Пакистан, Малезија, како и Лондон.[237] Со таква обемна структура се бара и прецизна евиденција, не само на неговите бизниси туку и на неговиот персонал и нивните семејства.[238] Признавањето на важноста на стручноста и развојот во длабочина, Ал Каеда формира

[232] Alan Cullison, "Inside Al-Qaeda's Hard Drive," Atlantic Monthly 294,no. 2 (2004): 60, 67.
[233] Подмножество на "Златен Синџир " е "Jeddah Five",пет Саудиски бизнисмени финансирани од Ал Каеда и помогнати при воспоставувањето на нивната финансиска империја. Членовите на Џеда пет се поклопуваат со оние на Златен Синџир, и се повеќе објанети во Napoleoni, Terror Incorporated,p. 125.
[234] Craig Whitlock and Robin Wright, "Saudis Say They Broke Up Suicide Plots," Washington Post (April 28, 2007). http://www.washingtonpost.com/wp-dyn/content/article/2007/04/27/AR2007042700649.html?hpid=topnews
[235] Ова не значи дека сите терористи кои имаат врска со Ал Каеда се дел од единствена структура. Всушност дел од силата на Ал Каеда е способноста да се работи на најмалку четири нивоа : централното јадро на Ал Каеда, филијали и соработници на Ал Каеда, локални групи со лабава поврзаност кон Ал Каеда, и домашните радикали без идентификувана врска со Ал Каеда. Институционализацијата забележана погоре е за првото јадро на организацијата. Bruce Hoffman, "The Global Terrorist Threat: Is Al-Qaeda on the Run or on the March?," Middle East Policy 14, no. 2 (2007).
[236] Rohan Gunaratna, Inside Al Qaeda: Global Network of Terror Hardcover – June 27, 2002,p.61-68.
[237] Во интервјуто во 1996 година, Осама бин Ладен потврдил дека постои економски и финансиски естаблишмент во 13 земји : Албанија, Пакистан, Малезија, Холандија, Велика Британија, Романија, Русија, Турција, Либан, Ирак и низа земји во Заливот.
[238] Rohan Gunaratna, Inside Al Qaeda: Global Network of Terror Hardcover – June 27, 2002,p33.

финансиско "единство на команда" систем , на пример кога главен офицер би бил фатен набрзо по 11/09 , финансиер од втор ред е веднаш достапен да ја преземе функцијата.[239]

За да се заштитат финансиските аспекти на финансиските институции, Ал Каеда имала пет безбедносни принципи. Прво, средствата за инвестици биле одвоени од онис за остатокот на операции на Ал Каеда. Второ, само неколку членови знаеле за локацијата на овие средства трето, не сите средства ќе бидат ставени на едно место. Четврто, ќе бидат преземени мерки на претпазливост ако треба да бидат транспортирани големи суми на пари. Конечно, парите ги оставаат лица кои не се членови, а се трошат само кога е потребно.[240]

Покрај тоа, Ал Каеда ги ревидира своите ќелии за да се минимизира веројатноста дека парите или другите средства ќе бидат потрошени. На пример, е-поштата најдена на компјутерот во Авганистан, напишана од Ајман Ал Завахири на 11 февруари 1999 година, на физичко лице кое се нарекува "Езат" во Јемен, ја нагласува контролата од Звахири на финансиите на Езат, вклучувајќи го и фактот зошто Езат потрошил 470 илјади долари за нова факс машина, зошто имало фактура за мобилен телефон во износ од 765 долари, и прашува за детални сметки од 235 долари кои Езат ги наведува како "општи трошоци". Тогаш Езат му одговара на Завахири и ги оправдува тие трошоци.[241]

Ревизијата за поврзаните групи на Ал Каеда не завршиле со губењето на засолништата на Ал Каеда во Авганистан во 2002 година. Исламската држава Ирак, субјект на Ал Каеда, чуваат најмалку четири "Боречки регистар со извештаи" кои всушност биле датотеки за човечки ресурси, за сите дојдени странски борци, вклучувајќи имиња, датуми на пристигнување, активности кои би ги работеле (самоубиство, и слично) и средства кои ги донеле со себе. Овие регистри биле дел од една ризница на документи заробени во Октомври 2007 година во близина на Сињар, Ирак, кои исто така вклулуваат празни стандардизирани формулари за се и сешто од следење на оружје до прием на финансиите за групата до формулари за положување свечена заклетва за верност на Исламската

[239] Steve Kiser, Financing Terror: An Analysis and Simulation for Affecting Al Qaeda's Financial Infrastructure,RAND Corporation,2004,p.67.
[240] Rohan Gunaratna, Inside Al Qaeda: Global Network of Terror Hardcover – June 27, 2002.p.63.
[241] Оваа размена на пошта е пронајдена во компјутер купен од страна на новинарот на Вол Стрит Журнал, Алан Кулисон, за кој се верува дека е од воениот командант на Ал Каеда и еден од планерите на 11/09 Мухамед Атеф од неговата канцеларија во Кабул.

држава Ирак. Другите заробени документи вклучуваат склучени договори со странски борци, менаџерски извештаи за персонал/опрема/финансии, потврди за средствата дисперзирани на членовите, и политички белешки. Еден поединец идентификуван во извештаите како "Шахин Администраторот" имал задача да ги сумира финансиите на групата од март до септември 2006 година, документирање на сметките и целиот буџет, иако тој пишува за неговата загриженост за неговата неспособност да даде отчет за секој потрошен долар. Административните правила го барале тоа за секоја исплатена сума, бил потребен потпис и од примачот на средствата и од друга личност која ќе покаже како се потрошени парите-абнормална појава за стандардните компании, но не би се очекувало и од тајни бунтовници и терористичка организација. Јасно е дека организациите поврзани со Ал Каеда имаат потреба да ги документираат и да имаат увид во своите деловни активности за да биде оправдан оперативниот безбедносен ризик за чување на тие документи.[242] Поради мерките на претпазливосст пред 11/09, голем број аналитичари веруваат дека голем дел од финансиската структура на Ал Каеда останува недопрена.[243]

### 5.5. Исламска Држава

Во северниот дел на Сирија, исламската екстремистичка група ИСИС води жестока битка за земање под контрола на нови територии, а исто така и за создавање голем исламски калифат, или посебна исламска држава според моделот на првиот калифат кој се шири низ регионот во годините после смртта на пророкот Мухамед (640 година од новата ера).

Како што борците на ИСИС ја ширеа својата контрола долж пограничниот регион, Исламска држава морала да изнајде начини за финансирање на своите војни. Операциите за шверц на нафта кои вклучуваат милиони барели, неодамна биле откриени. Нафтата потекнува од бунари и рафинерии кои ИСИС ги има преземно во внатрешноста на северен Ирак и северна Сирија, и до неодамна било многу лесно истата да ја шверцува во мирниот дел на јужна Турција. Една од причините е што ефтината шверцувана нафта е многу ценета стока во Турција, каде што нафтата е толку скапа и речиси не е важно кој ја продава, дури и ако тоа е вашиот непријател.

[242] http://www.ctc.usma.edu/harmony/Sinjar2
[243] Rohan Gunaratna, Inside Al Qaeda: Global Network of Terror Hardcover – June 27, 2002,p.67.

Растечката меѓународна вознемиреност поради експанзијата на ИСИС и се повидливите злосторства на групата – како обезглавувањето на западните новинари и хуманитарни работници – ги принудиле ИСИС да ги пренесат своите методи на финансирање на границите. Коалиционите сили предводени од САД нападнале и уништиле многу нафтени објекти на ИСИС, за да на некој начин го прекинат финансирањето на групата. Но, шверцот преку граница е само еден од начините на кои ИСИС генерира средства.

Министерството за финансии на САД нема точни податоци за богатството на ИСИС, но верува дека ИСИС добиваат милиони долари месечно. Извори запознаени со оваа тема велат дека стапката на трошоци за групата е огромна, вклучувајќи ги платите, оружјето и други трошоци. Според статиите на CNN ,од продажбата на нафта ИСИС најверојатно заработува помеѓу 1-2 милиони долари на ден.

Метју Левит, директор на програмата за борба против тероризмот на Вашингтонскиот институт за блискоисточна политика, смета дека "ИСИС е најдобро финансираната група досега видена". Според него ,ИСИС е финансирана како никоја друга традиционална група во минатото. Покрај приходите од шверц на нафта, групата добива пари преку донации од богатите симпатизери во земји како што се Катар и Кувајт. Меѓутоа, групата има уште еден метод на самофинансирање : преку организиран криминал во рамките на областите кои ги има покорено и сега ги контролира. Тој смета дека ИСИС работи како голема организирана криминална група без било каква контрола од законот, и нивната долга историја им овозможува да ги постават своите корени и да се развиваат со текот на годините. Исто така групата своите финансии ги добива од секаде каде ќе воспостави контрола. Имено, ако некој сака да има свој бизнис на таа територија тогаш треба да плати данок, ако камионите сакаат да се движат по автопат контролиран од ИСИС тогаш ќе плати патарина.

Постојат извештаи кои тврдат дека луѓето во Мосул,Ирак, кои сакаат да подигнат пари од своите банкарски сметки мора да дадат "донација "која и не е баш доброволна.

ИСИС е формирана во празнината создадена од повлекувањето на американските војници и поразената ирачка армија, вели Моаз Мустафа, извршен директор на Меѓународната мисија за Сирија за итни случаи во Вашингтон. Во беззакониата кои следеа ИСИС ја презеле контролата, со што започнува со ограбување банки, земање данок и изнуда од

населението, и сега речиси независно го финансира проширувањето на војната во Ирак и Сирија, и во таа насока доколку некој сака да им ги запре финансиите на ИСИС ќе треба прво да им ја одземе територијата која ја окупирале.[244]

The Express Tribune, филијала на Њујорк тајмс неодамна објави статија под наслов "Изненадувачки откритија – оперативци на Исламска држава признале дека добиваат средства од САД". Едно неодамнешно истражување спроведено од страна на пакистанските безбедносни сили говори дека еден од заробените ИСИС борци открил дека тој и многу борци покрај него добивале средства пренесени преку САД. Но, официјални лица на САД изјавиле дека и покрај напорите не успеале да го спречат финансирањето на ИСИС кое се одвивало преку САД, и поради тоа САД превземаат мерки за уништување на упориштата на ИСИС во Ирак.[245]

[244] http://edition.cnn.com/2014/10/06/world/meast/isis-funding/
[245] http://www.globalresearch.ca/is-washington-financing-terrorism-islamic-state-isis-mercenary-admits-getting-funds-from-us/5428594

# 6. МЕЃУНАРОДНИ НАПОРИ ЗА СПРАВУВАЊЕ СО ФИНАНСИРАЊЕТО НА ТЕРОРИЗМОТ

Прекинување на мрежата на финансирање на тероризмот и нивно разбивање е од суштинско значење за борбата против тероризмот. Различните потреби и барања за финансирање на терористичките организации ги поттикнуваат логичните напори за сузбивање на тероризмот преку згаснување на финансиските текови на сите активности поврзани со тероризмот. Пресекувањето на овие текови може да го намали потенцијалот на терористичките групи со тек на време, ограничувајќи ја нивната способност да извршуваат напади, зголемувајќи им ги оперативните трошоци и наметнувајќи им ризик и неизвесност на нивните операции, што може да има тактички предности ,како што се :

- Ослабување на моралот, лидерството и легитимноста во рамките на мрежата.
- Присилување на терористичките групи да ги префрлат активностите во области каде се поранливи вклучувајќи и области кои вообичаено се избегнуваат.[246]

Спречувањето на конкретни напади преку забрана за одредени трансакции предизвикува големи проблеми. Неодамнешите напади покажуваат дека може да се организираат по ниски цени користејќи легитимни средства, а често пати и без сомнителни финансиски операции.

Сепак, директните трошоци за нападот се само дел од потребите на терористичката организација. Пореметувањето на финансиските текови до терористичките организации, ги ограничува средствата за пропаганда, регрутација, организација, и така натаму, на начин кој ја намалува способноста на терористите да ги промовираат и извршуваат нападите со тек на време.

Во голема мера, терористите имаат потреба од средства за создавање *плодно опкружување* потребно за одржување на своите активности – не само за изведување конкретни напади. Со спречување на протокот на средства поврзани со тероризмот се создава непријателско опкружување за тероризмот. Дури и најголемите напори на властите не значи дека ќе ги спречат конкретните напади. Сепак, кога средствата кои им се на располагање на

[246] Министерство за економија и финансии на Велика Британија - HM Treasury (2007).

терористите се ограничени, нивните севкупни способности опаѓаат, ограничувајќи го нивниот домет и ефикасност.

***Студија на случај : Спречување на финансирањето на терористичките активности***

Државјанинот на државата А е идентификуван при напуштање на Велика Британија при што поседувал 340.000 долари во готовина. Разузнавачките податоци ја поврзуваат оваа личност со финансирање на екстремистички групи во државата А. Доказите исто така го поврзале со кривични дела во државата А. Деталната истрага подоцна покажала дека парите му се дадени за да понатаму бидат предадени на терористи во државата Б, каде би се користеле за финансирање на планираниот напад на висок функционер на државата Б. Одземањето на средствата ги одвратило терористите од намерата, оневозможувајќи ги да го изведат планираниот напад.

## 6.1 Општа цел на борбата против финансирање на тероризмот

Важно е да се препознае фактот дека сепак борбата против финансирањето на транснационалните закани нема, сама по себе, да ги порази овие закани, ниту пак има намера да го стори тоа. Замрзнувањето на средствата ќе ја затегнат оперативната средина за нелегалните актери и ќе ги нарушат нивните активности, а следењето на трагот на парите ќе ги изложи донаторите и оперативците на пораст или пад на финансиските подготовки за терористите и бунтовниците. Но, овие алатки мора да бидат дел од една поширока стратегија која ќе ги поврзе сите елементи на националната моќ во успешно соочување и елиминирање на меѓународните безбедносни закани со кои се соочуваме денес. Како што разузнавачките агенции го подобруваат нивниот капацитет за користење на финансиското разузнавање за превентивна акција, така тие се сигурни да се потпрат на искуството на службите за спроведување на законот кои долго време работат на решавање на кривични дела и градат случаи за обвинителството. Со речиси секој неодамнешен терористички напад се потврдува користа од финансиските истражни алатки. Финансиските податоци ги обезбедија иследниците со критички и почетнички линкови веднаш по нападите од 11 септември, како и следните на 11март 2004, нападите во Мадрид , и на 7 јули 2005 нападите во Лондон.

Фокусирањето на финансирањето на транснационалните закани има и други бенефиции како што се :

- **Ефект на одвраќање.** Толку тешко колку што може да биде одвраќањето на бомбаш самоубиец, терористичките ознаки можат да ги одвратат неопределените страни, кои инаку би можеле да бидат евентуални финансиери на терористичките активности. Главните донатори вклучени во финансирањето на терористичките каузи, кои во голема мера се вклучени во бизнис активностите низ целиот свет, ќе размислат два пати пред да ги ризикуваат своите лични богатства и нивната репутација.
- **Превентивно разузнавање.** За разлика од информациите добиени од човечка или сателитска шпионажа кои бараат стручна проверка за утврдување на нивната веродостојност, финансискиот трансфер е реалност т.е. не е потребно да се утврдува неговата веродостојност на постоењето. Подигањето, чувањето и преносот на пари оставаат финансиски траги кои истражителите можат да ги следат. Поврзувањето на луѓето со нумерирани сметки или специфични менувачници, е моќна превентивна алатка која често пати ги води властите до поврзување на терористичките организации и индивидуалните ќелии.
- **Прекинувачка (нарушена) алатка.** Според самите терористи, кога следењето на парите нема да ги запре сите дејствија, сепак во голема мера ќе ги обесхрабри овие активности. Ако се вратиме наназад во 1995 година, заробениот бомбаш самоубиец Рамзи Јусеф во Светскиот трговски центар, на својот лет до затворот во Њујорк летал токму над кулите близначки. Кога еден ФБИ агент посочил дека кулите сеуште стојат недопрени, Јусеф одговорил : "Тие немаше да постојат доколку имав доволно пари и експлозиви".[247] Најмалку што може да направи ,следењето на терористичките финансиски трансакции е тоа што ќе го отежне нивното патување, набавката на материјали, обезбедувањето на нивните семејства , и радикализирањето на другите. Во разбивањето на терористите, како и бунтовниците и шверцерите на оружје - оди во прилог лесниот пристап до нивните

[247] James Risen and David Johnston, "A Day of Terror: Intelligence Agencies; Officials Say They Saw No Signs of Increased Terrorist Activity," New York Times, September 12, 2001.

финансиските трансакции што ги присилува да користат поскапи, помалку ефикасни и често несигурни начини на финансирање.

Принудувањето на терористите да погледнат над своите можности и да планираат алтернативни начини за водење бизнис, е ефективна алатка во борбата против тероризмот. Чувањето на финансиерите во дефанзива и стеснувањето на времето и просторот ги става терористите под стрес, ги одвраќа донаторите, го ограничува протокот на средствата, и помага во стеснувањето на нивната оперативна средина. Со повеќе активности надовр од очите на јавноста ,антитерористичките напори по својата природа, тешко е да се проценат а лесно е да се критикуваат. Но финансиските мерки се покажаа доста успешни, а оние кои го следат текот на парите се повеќе се повикуваат да ги искористат нивните вештини и алатки против најтешкките цели.

## 6.2. Меѓународно – правна рамка

Меѓународно – правната рамка за борба против тероризмот ја сочинуваат 12 Конвенции и Протоколи на ООН. Нивниот преглед следи во продолжение :

- Конвенција за казнени дела и ордедени други дела направени во воздушниот транспорт,
- Конвенција за сузбивање незаконски киднапирања на авиони,
- Конвенција за сузбивање незаконски дела направени против безбедноста во цивилното воздухопловство,
- Конвенција за спречување и казнување на сторителите на казнени дела сторени против меѓународно заштите лица, вклучувајќи дипломатски агенти,
- Меѓународна конвенција против земање заложници,
- Конвенција за физичка заштита на нуклеарен материјал,
- Протокол за сузбивање незаконски акти на насилство на аеродромите на меѓународното цивилно воздухопловство, како и доплонување на Конвенцијата за сузбивање незаконски дела направени против безбедноста во цивилното воздухопловство.

- Конвенција за сузбивање незаконски дела направени против безбедноста во поморскиот сообраќај и Протокол за сузбивање незаконски дела направени против безбедноста на фиксни платформи лоцирани на континентални гребени во морињата
- Конвенција за обечежување на пластични експлозиви наменети за детектирање
- Меѓународна конвенција за сузбивање терористички бомбардирања
- Меѓународна конвенција за сузбивање на финансирање тероризам.

Во однос на финансирањето тероризам, трите основни извори на меѓународни обврски и норми (стандарди) се :

- Меѓународната конвенција на ООН за сузбивање на финансирање тероризам
- 9 Специјални препораки на ФАТФ : 1)Ратификација и примена на инструментите на ООН, 2)Криминализација на финансирањето тероризам и со него поврзаното перење пари, 3)Замрзнување и конфискација, 4)Пријавување сомнителни трансакции ои се однесуваат на тероризам 5)Меѓународна соработка, 6)Изборни (алтернативни) финансиски пратки, 7)Електронски пренос на пари, 8) Непрофитни организации, 9) Пренос на готовина (кеш)
- Резолуции на Советот за безбедност на ОН кои се однесуваат на финансирање на тероризмот : 1) 1267 (1999г) за замрзнување на парични и други финансиски средства на Талибанците, 2) 1333(2000г) за замрзнување парични и други средства на Осама бин Ладен и неговата организација, 3) 1363 (2001г) за утврдување на механизми за надзор на имплементацијата на мерките наведени во Резолуциите 1267 и 1333, 4)1373 (2001г) за заканите на меѓународниот мир и безбедност предизвикани од терористички активности, и за мандатот за основање Антитерористичка група, 5) 1377 (2001г) за повик на сите држави во целост да ја имплементираат Резолуцијата 1373, 6) 1390 (2002г) рекапитулација на мерките за замрзнување од Резолуцијата 1267 и 1333, 7)1455 (2003г) за мерките за подобрување на имплементацијата на мерките за замрзнување од Резолуцијата 1267, 1333 и 1390, 8) 1566 (2004г) за заканите по меѓународниот мир и безбедност, 9) 1988 (2011г) и 1989 (2011г) како резултат на Резолуцијата 1267 со која Советот

за безбедност ја донел одлуката за разделување на санкциите против Ал Каеда и Талибанците.

## 6.3. Спречување на терористите да собираат, вршат трансфер и ги користат средствата (препораки за спречување на перење пари)

Терористите користат легални и нелегални методи за финансирање на своите организациони и оперативни активности. Меѓународниот одговор се занимава со секој од овие методи со посебен фокус.

Откривањето на терористичките активности во рамките на легитимните финансиски активности бара од финансиските институции да ги спроведат стандардите на ФАТФ преку цврста примена на начелото "познавање на клиентот" и политиките и процедурите кои треба да се применат при проверка на клиентот. Тие се од особена важност за пријавување на сомнителните трансакции кои можат да укажат на криминалните активности со кои се финансира тероризмот.

Со цел да им се помогне на финансиските институции во борбата против финансирање на тероризмот, надлежните мора да усвојат одредени мерки. Тука спаѓа и примената на програми за финансиски санкции, заштита на загрозениот сектор, вклучувајќи го и добротворниот сектор и услужните активности поврзани со пари, и поттикнување на поднесување извештаи за сомнителните активности.

### 6.3.1.Целни финансиски санкции

Посебните препораки на ФАТФ ги повикуваат државите да развијат и применат финансиски санкции кои ги идентификуваат, го замрзнуваат имотот и забрануваат достапност на средствата на терористите и нивните финансиски мрежи, без одложување. Овие барања се неопходни за одземање на средствата на терористите и терористичките мрежи за спроведување на идни терористички активности и одржување на нивната инфраструктура и операции. Превентивните намери бараат од земјите да ги

идентификуваат елементите на терористичките мрежи за поддршка во согласност со стандардите за оправданост.[248]

